# ОТКРОВЕНИЕ

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2019

**ОТКРОВЕНИЕ**
Автор: д-р *Ранко Стефановиќ*
Број 1/2019

*Подготвува:*
Христијанска адвентистичка црква,
Одделение за саботна школа

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколската поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Превод и техничка обработка:*
**Мелита Томовска**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Евангелие од Патмос ..................................................... 7

2. Меѓу светилниците ..................................................... 14

3. Исусовата порака испратена до седум цркви .............. 21

4. Достојно е Јагнето ..................................................... 28

5. Седум печат ..................................................... 35

6. Божјот народ е запечатен..................................................... 42

7. Да се биде чесен кон Бога..................................................... 49

8. Сатаната, поразен непријател ..................................................... 56

9. Сатана и неговите сојузници..................................................... 63

10. Божјето вечно Евангелие..................................................... 70

11. Седумте последни зла ..................................................... 77

12. Судот над Вавилон..................................................... 84

13. „Ете, сѐ ново создавам“ ..................................................... 91

**Додаток**

Утрински стихови - октомври........................................... 98

Утрински стихови - ноември...........................................99

Утрински стихови - декември ........................................... 100

Секојдневно читање на Библијата ..................................... 102

Текстови за вечерно Богослужение ................................... 103

Табели за почеток на саботата во Македонија ................ 104

## В О В Е Д
# ПОБЕДА НА ЕВАНГЕЛИЕТО

Апостолот Јован пред околу 2000 години бил прогонет на еден мал карпест остров во Егејското море поради своето верно сведоштво за Евангелието. Остарениот апостол ги поднел сите потешкотии во римското заробеништво. Една посебна сабота имал специјална посета. Исус Христос дошол да го охрабри својот напатен слуга. Во низата виденија, Исус му ја покажал панорамската историја на Црквата, како и за она што ќе го доживува Божјиот народ додека го чека враќањето на својот Господ.

Сè што видел во видението, верно го бележел во книгата под наслов „Откровение за Исуса Христа" (Откровение 1,1). Книгата што ја напишал го открива Исусовото дело на Небото и на Земјата од моментот на Неговото вознесение до Неговото повторно доаѓање. Намерата била христијаните низ вековите да бидат уверени во Христовото присуство и охрабрени додека ги поднесуваат искушенијата во секојдневниот живот на паднатиот свет во кој се води голема борба.

Ова тримесечје внимателно ќе ја проучуваме оваа книга. Во општи црти ќе се сосредоточиме на главните делови на книгата и на нејзината тема. Целта е да се запознаеме со клучните теми на книгата и да увидиме дека таа навистина го открива Исуса Христа, Неговиот живот, Неговата смрт, Неговото воскресение и Неговата возвишена свештеничка служба во полза на својот народ.

Тоа ќе го постигнеме на следниот начин:

1. Нашето проучување на Откровението се темели на библискиот концепт за вдахновеност на Библијата. Иако пораките во книгата потекнуваат од Бога, јазикот на кој тие пораки се пренесени е човечки. Користејќи го јазикот и сликите земени од историјата на Божјиот народ од Стариот завет, ќе откриеме како Јован ги објавувал овие пораки.

2. Внимателното читање на пророштвата од Откровение (како и оние од Книгата на пророк Даниел) покажува дека историскиот метод на толкување на пророштвата е вистинскиот начин да го сфатиме нивното исполнување, бидејќи го следат текот на историјата, од времето на пророците до крајот на светот. Ова објаснува зошто треба да го вложиме секој можен напор за да ја извлечеме смислата од самиот текст, а не да наметнуваме однапред одредено погрешно толкување.

3. Организациската структура на Откровението е на многу начини важна за одговорната примена на пророштвото од книгата. Нашата ана-

> *„Блажен е кој чита и блажени се кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него, зашто времето е близу.“*
>
> *Откровение 1,3*

лиза на Откровението ќе биде втемелена на четворната структура на книгата: а. Откровение 1,9-3,22 ги користи приликите што владееле во црквите во времето на Јован, за пророчки да се осврне на приликите во Црквата во различни историски периоди.

б. Откровение 4,1-11,19 ја повторува историјата на црквата и ја надоградува користејќи ги апокалиптичките симболи кои постепено изнесуваат сè повеќе подробности.

в. Откровение 12,1-14,20 е тематско средиште на книгата и ја опфаќа историјата на големата борба од времето пред Исус до второто Христово доаѓање.

г. Откровение 15,1 – 22,5 се занимава исклучиво со крајот на времето.

4. Смисловното толкување на пророштвата од Откровение мора да биде христоцентрично. Целата книга е напишана од Христова перспектива. Само преку Христа симболите и сликите од Откровението имаат свое конечно значење и смисла.

Откровението им ветува благослови на оние што ја читаат и ја слушаат Речта, кои обрнуваат внимание на опомените дадени во оваа книга. „Книгата Откровение почнува со една сериозна опомена која нè предупредува за условот под кој ќе можеме да ја разбереме нејзината содржина: ’ Блажен е оној кој чита и оние кои ги слушаат зборовите на ова пророштво’, изјавува Бог, ’и пазат на напишаното во него; зашто времето е блиску’. Кога како народ ќе сфатиме какво значење за нас има оваа книга, меѓу нас ќе дојде до големо будење. Ако не ја прифатиме оваа опомена да истражуваме и проучуваме, ние нема целосно да ги сфатиме учењата што се наоѓаат во неа“ (Elen Vajt, *Testimonies to Ministers and Gospel Workers*, стр. 113). Додека внимателно ја проучуваме оваа книга, повикани сме да ги откриеме подробностите што треба да ги слушнеме и послушаме додека го чекаме доаѓањето на нашиот Господ Исус Христос.

*Д-р Ранко Стефановиќ е професор по Нов завет на Адвентистичкиот теолошки факултет на Универзитетот Ендрус. Специјалност му е книгата Откровение.*

**Поука 1**
**Од 29 декември до 4 јануари 2019**

# ЕВАНГЕЛИЕ ОД ПАТМОС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 1,1-8; Јован 14,1-3; 5. Мојсеева 29,29; Јован 14,29; Римјаните 1,7; Филипјаните 3,20; Даниел 7,13.14.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Блажен е кој чита и блажени се кои ги слушаат зборовите на пророштвото и го пазат напишаното во него, зашто времето е близу“ (Откровение 1,3).**

Пророштвата од Откровението се објавени во видението на апостол Јован пред повеќе од 19 векови за време на неговото прогонство на малиот карпест остров Патмос во Егејското море. Во текстот Откровение 1,3 изречен е благослов над оние кои ја читаат оваа книга, ги слушаат и ги држат нејзините учења (споредете Лука 6,47.48). Овој стих се однесува на верниците кои се собрале во црквата за да ги слушаат пораките. Но, тие се благословени, не само затоа што ги читаат или слушаат зборовите од оваа книга, туку и затоа што ги извршуваат (види: Откровение 22,7).

Пророштвата од Откровение се израз на Божјата грижа за Неговиот народ. Тие укажуваат на тоа колку е краток и кревок овој живот, на спасението во Исуса и повикот упатен до нас да го шириме Евангелието.

Библиските пророштва се како светилка што свети на темно место (2. Петрово 1,19). Тие имаат за цел да ни дадат насоки за нашиот сегашен живот и надеж за иднината. Ваквото пророчко водство ќе ни биде потребно до Христовото доаѓање и воспоставување на Божјето вечно царство.

## НАСЛОВОТ НА КНИГАТА

**Прочитајте Откровение 1,1.2. Какво е значењето на целосниот наслов на книгата? Што дознаваме, врз основа на насловот, за кого впрочем оваа книга ни зборува?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Во текстот Откровение 1,1 се наведува името на книгата „Откровение на Исуса Христа“. Зборот *откровение* потекнува од грчкиот збор *apokalupsis* (апокалипса) и значи „откривање“, „разоткривање“. Апокалипса е откривање на Исуса Христа; таа потекнува *од* Исуса и зборува *за* Него. Иако доаѓа од Бога преку Исуса Христа (види: Откровение 22,16), книгата сведочи дека Исус, исто така, е во центарот на нејзината содржина. Апокалипса е Исусовото самооткривање на својот народ и израз на Неговата грижа кон нив.

Исус е централна личност во Откровението. Книгата започнува со извештај за Него (Откровение 1,5-8) и завршува со извештај за Него (Откровение 22,12-16) „Нека зборува Даниел, нека зборува Откровението и нека кажат што е вистина. Но, кој било предмет да го изнесувате, воздигнете го Христа, центарот на секоја надеж, кој е ’ корен и род Давидов; сјајната ѕвезда Деница’“ (Elen Vajt, *Testimonies to Ministers ans Gospel Workers*, стр. 118)

Исто така, Исус на Апокалипсата е Исус од четирите Евангелија. Откровението го продолжува описот за Исус и Неговото дело на спасение во полза на својот народ, како што е првично прикажан Евангелијата. Откровението се сосредоточува на различните аспекти на Неговиот живот и служба. Во основа, тоа почнува таму каде што завршува Евангелието – со Исусовото воскресение и вознесение на Небото.

Заедно со посланието до Евреите, Откровението ја нагласува Исусовата небесна служба. Покажува дека Исус, по вознесението, бил воведен во својата царска и свештеничка служба во небесното Светилиште. Без Откровението (или Посланието до Евреите) нашето знаење за Христовата првосвештеничка служба на Небото во полза на својот народ би било ограничено. Покрај Посланието до Евреите, Откровението ни овозможува единствено согледување на службата на Исуса Христа во наша корист.

**Прочитајте: Јован, 14,1-3. На кои сè начини јасното ветување дадено во овој текст ни помага подобро да сфатиме што всушност Исус токму сега прави за нас на Небото? Каква надеж можеме да извлечеме од ова прекрасно ветување?**

## ЦЕЛТА НА КНИГАТА

Текстот Откровение 1,1 исто така ни зборува дека целта на книгата е да ги прикаже идните настани, почнувајќи од времето кога самата книга била напишана. Секој што има познавање од Откровението, ќе забележи дека предвидувањето на настаните – оние што веќе се исполниле (барем од наша перспектива денес) или оние што допрва ќе се случат во иднина (да повториме уште еднаш, од наша перспектива денес) – зазема поголем дел од содржината на книгата.

Првенствена цел на библиските пророштва е да нè уверат дека Бог управува со сè, што и да носи иднината. Откровението го прави токму тоа: нè уверува дека Исус Христос е со својот народ низ целокупната историја на овој свет и во нејзините алармантно последни настани.

Според тоа, пророштвата од Откровението имаат две практични цели: да нè поучат како да живееме денес и да нè подготват за иднината.

**Прочитајте: 5. Мојсеева 29,29. Како овој текст ни помага да сфатиме зошто одредени подробности не се откриени? Според овој текст, која е целта на она што ни е откриено? Односно, зошто тоа ни е кажано? Види: Откровение 22,7.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Пророштвата за последното време од книгата Откровение не ни се откриени за да ја задоволат нашата љубопитност и заинтересираност за иднината. Книгата ни ги открива само оние аспекти на иднината кои се важни и треба да ги знаеме. Тие се изложени со цел да ни ја претстават сериозноста на она што ќе се случи, за да ја увидиме својата зависност од Бога и, потпирајќи се на Него, да Му бидеме послушни.

Нагаѓањето – и во уште поголема мера сензационализмот – со векови ги следат учењата врзани за настаните на последните денови. Богатства си приграбиле оние кои, предвидувајќи го скорешениот крај, ги исплашиле луѓето и ги навеле да ги приложуваат парите во нивната служба бидејќи крајот е близу. Крајот не дошол, а луѓето останале разочарани и обесхрабрени. Како и сите добри работи коишто Бог ни ги дал, и пророштвото може погрешно да биде употребено и погрешно протолкувано.

**Прочитајте Јован 14,29. Кое извонредно важно начело можеме да го најдеме во овој стих поврзано со целта на пророштвото?**

## СИМБОЛИЧКИОТ ЈАЗИК НА ОТКРОВЕНИЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 13,1; Даниел 7,1-3; Езекиел 1,1-14. Која подробност им е заедничка на сите овие виденија?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Во Откровение 1,1 стои запишано: „И Тој го покажа тоа преку својот ангел, испратен при својот слуга Јован.“ Во овој стих забележуваме еден мошне важен збор. Зборот *йокажа* е превод на грчкиот збор *semainō*, кој значи „да се покаже со симболички знаци“. Овој збор се користи во грчкиот превод на Стариот завет (Септуагинта), во текстот во кој Даниел му објаснува на царот Навуходоносор дека Бог, преку кипот направен од злато, сребро, бакар и железо, му покажал на царот „што ќе се случи во иднина“ (Даниел 2,45). Користејќи го истиот збор, Јован ни кажува дека сцените и настаните од Откровение во видението се прикажани со симболи. Воден од Светиот Дух, Јован верно ги забележал овие симболи, онака како што ги видел во видението (Откр. 1,2).

Според тоа, пророштвата од Откровението, во најголем дел не смеат да бидат толкувани буквално. Читањето на Библијата, по правило, главно подразбира буквално разбирање на текстот (доколку текстот не се однесува на одреден симболизам). Но, кога го читаме Откровението – освен ако текстот не укажува на буквалното значење – треба да го толкуваме симболички. Иако претскажаните сцени и настани сами по себе се вистински, обично се изразени со симболички јазик.

Доколку го имаме на ум главно симболичкиот карактер на Откровението, тоа ќе нѐ сочува од извртување на пророчката порака. Во обидот да го одредиме значењето на симболите, употребени во книгата, мораме да бидеме внимателни да не му наметнеме на текстот значење кое произлегува од човечката фантазија или од моменталното значење на овие симболи. Наместо тоа, мораме да се држиме за Библијата и симболите што ги наоѓаме на нејзините страници за да ги сфатиме симболите од Откровението.

Всушност, обидувајќи се да го откриеме значењето на овие симболи во Откровението, не смееме да заборавиме дека повеќето од нив се земени од Стариот завет. Прикажувајќи ја иднината со јазикот од минатото, Бог сакал во нашиот ум да го втисне фактот дека Неговите дела на спасение во иднина ќе бидат многу слични на Неговите дела на спасение во минатото. Она што го правел за својот народ во минатото, повторно ќе го прави и во иднина. Во настојувањето да ги протолкуваме симболите и сликите од Откровението, мораме да почнеме обрнувајќи внимание на Стариот завет.

## БОЖЕСТВОТО

Откровението започнува со поздрав сличен на оние што ги наоѓаме во Павловите посланија. Книгата навидум била испратена како писмо до црквите во Мала Азија во времето на Јован (види: Откровение 1,11). Меѓутоа, Откровението не било напишано само за нив, туку за сите генерации христијани низ историјата.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 1,4.5; Римјаните 1,7. На кој заеднички поздрав наидуваме во двата текста и кој го испраќа?**

И во двата текста го забележуваме апостолскиот поздрав: „Благодат вам и мир". Овој израз се состои од грчкиот поздрав *charis* (благодат) и еврејскиот поздрав *shalom* („мир", „благосостојба"). Како што можеме да видиме од овие текстови, Давателите на благодатта и мирот се трите Личности на Божеството.

Бог Отецот е претставен како Оној „Кој е и Кој беше и Кој иде" (види: Откровение 1,8; Откровение 4,8). Овој стих се однесува на божественото име Јахве, „Јас сум Оној, Кој вечно постои" (2. Мојсеева 3,14), кое укажува на Божјето вечно постоење.

На Светиот Дух се упатува како на „седум духови" (споредете: Откровение 4,5; Откровение 5,6). Бројот *седум* е број на полнота. „Седум духови" означува дека Светиот Дух дејствува во сите седум цркви. Оваа слика се однесува на сеприсутноста на Светиот Дух и Неговото постојано дејствување на Божјиот народ низ историјата, оспособувајќи го да го изврши својот повик.

Исус Христос е претставен на три начини: „верен Сведок. Првороден од мртвите и Господар на земните цареви" (Откр. 1,5). Овие имиња укажуваат на Неговата смрт на крстот, Неговото воскресение и Неговото владеење на Небото. Потоа Јован ни кажува што сторил Исус: „Кој нè љуби и Кој нè изми од нашите гревови во Својата крв, и нè направи цареви и свештеници на Бога, и на Својот Татко" (Откр. 1,5.6).

Текстот „нè љуби", во оригиналниот грчки јазик се однесува на Христовата неминлива љубов, која го опфаќа минатото, сегашноста и иднината. Оној кој нè сака, нè ослободил од гревот со својата крв. На грчки, глаголот „изми" се однесува на завршен чин во минатото: кога Христос умрел на крстот, Тој овозможил совршено и потполно помирување за нашите гревови.

**Текстовите во Ефесјаните 2,6 и Филипјаните 3,20 ги опишуваат откупените како оние кои воскреснале и кои се посадени со Исус на небесата. Што значи тоа, и како во моментов, додека и понатаму живееме во грешен свет, ја уживаме славната положба во Христа како „цареви и свештеници" (Откровение 1,6)? Како овој факт треба да влијае на тоа како живееме?**

## ГЛАВНА ТЕМА ВО ОТКРОВЕНИЕТО

Крајот на прологот на Откровението укажува на што всушност е сосредоточена целата книга: Исусовото враќање во сила и слава! Христовото ветување дека повторно ќе дојде три пати се повторува на крајот од книгата (Откровение 22,7.12.20).

**Прочитајте Откровение 1,7.8. Овој текст е изведен од неколку пророчки текстови: Даниел 7,13.14; Захарија 12,10; Матеј 24,30. Што ни кажуваат овие текстови за сигурноста на второто Христово доаѓање?**

Во Откровението второто Христово доаѓање е завршна точка кон која се движи историјата. Второто доаѓање ќе го обележи крајот на историјата на овој свет и почетокот на Божјето вечно царство, како и слободата од злото, маките, болките и смртта.

Исто како и остатокот од Новиот завет, Откровение 1,7 упатува на буквално и лично Христово доаѓање во величие и слава. Секое човечко суштество, вклучувајќи ги и оние „што Го прободоа“, ќе бидат сведоци на Неговото доаѓање. Овие зборови укажуваат на посебно воскресение на одредени личности токму пред Христовото доаѓање, а се однесува и на оние што Го распнале. Исус со своето доаѓање ќе им донесе ослободување на оние кои го чекале, додека на оние што живеат на Земјата, а кои ја одбиле Неговата милост и љубов, ќе им донесе суд.

Сигурноста на Христовото доаѓање е потврдена со зборовите: „Да, навистина“, односно „Да, амин“ (Откровение 1,7). Зборот „да“ е превод на грчкиот збор *nai*; *amin* е еврејски потврден облик. Овие два збора заедно изразуваат сигурност. Исто така, на крајот од книгата ним им се дадени две слични потврди (види: Откровение 22,20).

„Поминати се повеќе од 1800 години откако Спасителот го дал ветувањето за своето доаѓање. Со векови неговите зборови ги исполнувале со храброст срцата на верните следбеници. Ветувањето сè уште не се исполнило: гласот на Дарителот на животот сè уште не ги повикал светите што спијат во гробовите; но сепак, сигурна е речта што ја изговорил. Бог во свое време ќе го исполни дадениот збор. Дали некој сега ќе се измори? Дали ќе ја изгубиме верата кога сме толку близу до вечниот свет? Дали некој ќе каже: Градот уште е далеку? – Не, не. Уште само малку и ќе го видиме Царот во неговата убавина. Уште само малку, и Тој ќе ја избрише секоја солза од нашите очи. Уште само малку, и Тој ќе нè постави без порок ’пред славата Своја во радост’“ (Елена Вајт, *The Advent Review and Sabbath Herald*, 13. ноември 1913).

**Даденото ветување е силно само онолку колку што е силен интегритетот на личноста која го дава и голема нејзината способност да го исполни. Како фактот дека Бог дал ветување за Второто доаѓање, Бог кој во минатото ги одржал сите свои ветување, ни влева сигурност дека Христос ќе се врати онака како што ветил?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ова откровение е дадено да послужи како патоказ и потпора за црквата за сето време на христијанската ера... Откровението означува нешто што е откриено. Господ му ги открил на својот слуга тајните што се содржат во таа книга и Тој сака тие да му бидат достапни за проучување на секого кој има желба за тоа. Нејзините вистини се наменети за оние што живеат во последните денови од земната историја, исто како и за оние што живееле во деновите на Јована. Некои од настаните опишани во тоа пророштво му припаѓаат на минатото, некои се одигрuваат сега, а некои ни го предочуваат крајот на големата борба меѓу силата на темнината и небесниот Кнез, додека некои го опишуваат триумфот и радоста на откупените на обновената земја.

Никој, затоа што не е во состојба да го објасни значењето и смислата на секој симбол даден во Откровението, нека не мисли дека поради тоа не е ниту потребно ниту корисно да ја истражува таа книга и да ги запознава вистините што се наоѓаат во неа. Оној, кој на Јована му ги открил овие тајни, и на трудољубивиот истражувач ќе му даде во извесна мера да ги доживее тие небесни нешта. Луѓето, чиешто срце е отворено да ја примат вистината, ќе бидат во состојба да ги сфатат нејзините учења и тие ќе го добијат благословот ветен на оние "кои ја слушаат речта на пророштвото и држат што е напишано во него" (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 583-585. оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ако Откровението е откривање на Исуса Христа, зошто зборот апокалипса денес има негативно значење? Што ни кажува тоа за општоприфатеното сфаќање за Откровението меѓу христијаните? Зошто стравот често е поврзан со пророштвата од Откровението?**

**2. Сетете се на некои неисполнети предвидувања на луѓето во последните дваесет години во врска со настаните од последните денови и Второто Исусово доаѓање. Без оглед на мотивите на оние што ги изнесувале (што секако не можеме да ги знаеме), кои се негативните последици од овие неисполнети предвидувања? Како сево ова прави да се чувствуваат оние што верувале во тие предвидувања? Како влијае на тоа како гледаат на христијаните оние кои ги следат овие неисполнети предвидувања? Како народ кој верува во пророштвото и кој настаните на последните денови ги смета како патокази, како правиме вистинска рамнотежа во тоа како го сфаќаме пророштвото и како другите ги поучуваме на тоа?**

**Поука 2**
**Од 5 до 11 јануари 2019**

# МЕЃУ СВЕТИЛНИЦИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 1,9-18; Дела 7,54-60; Матеј 12,8; 2. Мојсеева 20,11; Даниел 10,5.6; Откровение 1,20; Откровение 2,1-7.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој има уво, нека чуе, што им говори Духот на црквите“ (Откровение 2,7).**

Псалмот 73 ја опишува збунетоста на псалмистот додека ја посматра надменоста и гордоста на безбожните луѓе кои живеат во изобилство и комфор наспроти оние кои страдат. Оваа неправда во голема мера го мачела псалмистот (Псалм 73,2-16) кој, во сета своја збунетост, отишол во Светилиштето (Псалми 73, 16.17). Таму, во Божје присуство, му било дадено подлабоко разбирање на ова прашање.

Неколку векови подоцна, остарениот апостол се нашол во заточеништво на карпест остров поради ова свое верно сведоштво. Во неволјата во која се нашол, ја примил веста дека црквите за кои се грижел минуваат низ потешкотии. Во тој пресуден момент го примил видението за воскреснатиот Христос во небесното Светилиште. Овде, како и во случајот со псалмистот, Господ му открил на Јована некои тајни на животот и борбите што истиот ги носи. Сликата на светилиштето му дала сигурност во Христовото присуство и Неговата грижа – сигурност која требало да им ја пренесе на овие цркви и на идните поколенија христијани во сите векови до крајот на историјата на овој свет.

Покрај претставувањето на Христовата служба во небесното Светилиште, оваа седмица ќе обрнеме внимание на првата од седумте посебни пораки упатени до Неговите цркви, испратени во седум цркви во Азија, но кои имаат значење и за нас денес. Следната седмица ќе ги проучуваме Неговите пораки упатени до преостанатите цркви.

## НА ПАТМОС

**Прочитајте Откровение 1,9. Што ни кажува Јован за приликите во кои ги примил виденијата од Откровение?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Патмос е гол, карпест остров во Егејското море; 16 км долг и во својот најширок дел широк околу 9,6 км. Римјаните го користеле, заедно со другите околни острови, како казнена колонија за прогонети политички престапници. Првите христијани, кои живееле од прилика во време кога било пишувано Откровението, еднодушно тврдат дека римските власти го протерале Јована на Патмос поради неговата верност кон Евангелието. Апостолот, веќе во своите позни години, сигурно на Патмос ги поднел сите маки на римското заточеништво. Веројатно кон него се однесувале како кон некој престапник. Бил окован, добивал скудни оброци и бил принуден да ги извршува најтешките работи трпејќи ги ударите на камшиците на немилосрдните римски стражари.

„Римските власти Патмос - пуст карпест остров во Егејско Море - го одбрале како место на изгнанство за злосторниците. Меѓутоа, за Божјиот слуга тоа стушено престојувалиште станало небесна капија. Далеку од животната врева и од активната работа на поранешните години, тој тука бил во друштво со Бога, со Христа и со небесните ангели, и од нив примал упатства за црквата во сите идни времиња“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 570.571. оригинал).

**Кои други библиски личности поднеле неволји, и покрај (или можеби поради) својата верност кон Бога? Види: 3,16-23; Дела 7,54-60.**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Кој и да се најде во околности слични на Јовановите, Христовите следбеници никогаш не треба да заборават дека не се оставени сами. Истиот Исус, кој дошол кај Јован со зборови на надеж и охрабрување среде неволјите на Патмос, и понатаму е со својот народ за да ги поткрепи и да ги поддржи во тешките околности.

**Како можеме да ја сфатиме разликата меѓу страдањето заради Христа и страдањето од други причини, вклучувајќи ги и сопствените погрешни одлуки? Или, што е со страдањето поради одредени причини во кои не можеме да проникнеме? Како можеме да научиме да му веруваме на Господа во секоја ситуација?**

## ВО ДЕНОТ ГОСПОДОВ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 1,10; 2.Мојсеева 31,13; Матеј 12,8. Според овие текстови, кој ден во Библијата е јасно одреден како Господов? Колку значаен за Јован морал да биде овој ден среде сите тие тешкотии?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„На протераниот апостол славата Господова му се открила во саботен ден. Јован и на Патмос ја празнувал саботата како свет ден исто онака како и додека го проповедал евангелието по градовите и населбите на Јудеја. Тој сакал и на него да се однесуваат оние скапоцени ветувања дадени во врска со тој ден“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 581. оригинал).

Текстот Откровение 1,10 јасно укажува дека апостол Јован го примил видението во сабота, седмиот ден. Иако гледал кон идните настани, дури до второто Христово доаѓање (споредете: Откровение 1,7), кој се нарекува „Господов ден (Исаија 13,6 – 13; 2. Петрово 3,10), Јован зборувал за времето кога лично имал видение на овие идни настани, а тоа се случило во сабота, во „Господовиот ден“.

Нема сомнение дека среде страдањата, оваа сабота, обележана со видението, станала претвкус на живот без страдања, кој и тој и верните од сите векови ќе го доживеат по Второто доаѓање. И навистина, во еврејската мисла, саботата се смета за обрзец на *olam haba* – „светот кој ќе дојде“.

„Саботата што Бог ја воспоставил во едемската градина, била... драгоцена за Јован на пустиот остров...

Каква ли само сабота била таа за осамениот изгнаник, секогаш драгоцена во Исусовите очи, но сега издигната како никогаш досега! Никогаш не научил толку многу за Исуса. Никогаш не чул толку возвишена вистина“ (Елена Вајт, *The SDA Bible Commentary*, 7. книга, стр. 955).

**Споредете ги двете верзии на четвртата заповед на Декалогот во следните текстови: 2. Мојсеева 20,11; 5. Мојсеева 5,15. Овие текстови укажуваат на седмиот ден, саботата, како спомен и на создавањето и на спасението, потсетувајќи нè дека Бог нè создал и нè откупил. На кои сè начини можеме секоја сабота да се потсетуваме дека Бог е и наш Создател и наш Откупител? Размислете и за ова: Што би било ако Тој е само наш Создател, но не и Откупител?**

# ЈОВАНОТО ВИДЕНИЕ ЗА ХРИСТОС НА ПАТМОС

**Прочитајте Откровение 1,12-18. Споредете го Јовановото прикажување на Христа со божественото битие од текстот во Даниел 10,5.6. Како Исус се јавува во видението на Јован? Што прави?**

_______________________________________________

Јован гледа како Исус, облечен како Првосвештеник, чекори меѓу светилници.

Оваа слика на Исус како чекори меѓу светилници упатува на Божјето ветување дадено на стариот Израел дека ќе оди меѓу нив како нивен Бог (3. Мојсеева 26,12). Светилниците во Откровение претставуваат седум цркви во Азија на кои Откровението првобитно им било испратено (Откровение 1,20), а (како што и ќе видиме во отсекот од среда) исто така ја симболизираат Неговата црква низ историјата. Со посредство на Светиот Дух, Исусовата грижа за Црквата на Земјата продолжува. Тој постојано ќе биде со својот народ, сè додека не ги доведе во нивниот вечен дом.

Уште повеќе, сликата за Исус како Првосвештеник меѓу светилниците е земена од обредот во ерусалимскиот храм. Секојдневна задача на одреден свештеник била да го одржи пламенот на светилките во Светињата. Тој ги режел фитилите и ги дополнувал светилките што се гаселе, ги менувал фитилите што догорувале, ги дополнувал светилките со свежо масло, а потоа ги палел. На тој начин, свештеникот бил запознат со состојбата на секоја поединечна светилка. Исус на ист начин е запознат со потребите и приликите на својот народ и лично посредува за нив.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 2,2.9.13.19; Откровение 3,1.8.15. Што ни кажува изјавата „знам“ за Исусовото познавање на приликите и потребите на Божјиот народ?**

Исус себеси се поистоветил со Божјите титули „Прв и Последен“ (види: Исаија 44,6; Исаија 48,12). Грчкиот збор за „последен“ е *eschatos*, од кој потекнува зборот *eshatologija* (проучување на настаните за последните денови). Врз основа на ова, гледаме дека во центарот на есхатологијата е Исус Христос, кој го има последниот збор за завршните настани. Тој е „Жив“ и ги има „клучевите од подземјето и смртта“ (Откровение 1,18). Со својата смрт и воскресение на Исус му е дадена власт да ја отвори вратата на смртта (За Јов 17,16; Псалм 9,13). Секој што верува во Него ќе стане од гробот во вечен живот (1. Коринќаните 15,21-23). Исусовите верни сведоци не мора да стравуваат, бидејќи дури и мртвите се предмет на Неговата грижа. А ако е така со мртвите, колку повеќе се грижи за живите? (Види: 1. Солуњаните 4,16.17)

## ХРИСТОВАТА ПОРАКА ЗА ОНА И ОВА ВРЕМЕ

**Прочитајте Откровение 1,11.19.20. Исус им упатил седум различни пораки на црквите во Азија. Што ни кажува фактот дека во таа област имало повеќе од седум цркви за симболичкото значење на овие пораки за христијаните?**

_______________________________________________________________

Пораките, кои Исус му наложил на Јована да ги испрати до седумте цркви, се забележани во 2. и 3. глава на Откровението. Нивните значења можат да се применат на три нивоа.

*Историска примена.* Овие пораки првично се испратени во седум цркви кои се наоѓале во напредните градови во Азија во првиот век. Христијаните на тој простор се соочиле со сериозни предизвици. Неколку градови во своите храмови воспоставиле поклонување на царот како знак за верност кон Рим. Поклонувањето на царот станало задолжително. Од граѓаните се очекувало да учествуваат на јавни настани и незнабожечки верски церемониии. Бидејќи многу христијани одбиле да учествуваат во овие обреди, се соочиле со неволји, понекогаш дури и со смрт. Добивајќи налог од Христа, Јован ги напишал седумте пораки за да им помогне во тие предизвици.

*Пророчка примена.* Фактот дека Откровението е пророчка книга, и дека само седум цркви се одбрани да ги примат овие пораки, укажува на пророчкиот карактер на тие пораки. Духовната состојба во седумте цркви се поклопува со духовните состојби на Божјата црква во различни историски периоди. Седумте пораки, од небесна перспектива, даваат панорамски преглед на духовната состојба на христијанството од првиот век до крајот на светот.

*Сеопшта примена.* Како што целата книга Откровение била испратена како едно писмо кое требало да се чита во секоја Црква (Откровение 1,11; 22,16), така и седумте пораки содржат поуки кои можат да се применат на христијаните во секој период. На таков начин, тие ги претставуваат различните типови христијани на различни места и во различно време. На пример, иако општата карактеристика на христијанството денес е поврзана со Лаодикејската црква, некои христијани можат да се поистоветат со особините на некои други цркви. Радосната вест гласи дека, без оглед на нашата духовна состојба, Бог „ги пресретнува паднатите човечки битија таму каде што се наоѓаат“ (Елена Вајт, *Selected Messages*, 1. книга, стр. 22).

**Замислете Господ до вашата месна црква да напише писмо, како што било писмото упатено до секоја од седумте цркви, за предизвиците со кои се соочува, како и за нејзината духовна состојба. Што би пишувало во тоа писмо?**

## ПОРАКА ЗА ЦРКВАТА ВО ЕФЕС

Ефес бил главен и најголем град во римска провинција во Азија, сместен на главните трговски патишта. Како најзначајно морско пристаниште во Азија, бил мошне важен трговски и верски центар. Во градот се наоѓале многу јавни градби како што се храмови, театри, колосеуми, бањи и бордели. Бил познат и по уметноста и магиските обреди. Градот, исто така, бил добро познат и по неморалноста и суеверието. Сепак, највлијателната христијанска црква во провинцијата се наоѓала во Ефес.

**Прочитајте Откровение 2,1-4. Како Исус се претставува себеси на оваа црква? Поради кои значајни особини ја фали црквата. Каква загриженост изразува?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

На самиот почеток христијаните во Ефес биле познати по својата верност и љубов (Ефесјаните 1,15). Иако го искусиле притисокот и внатре и надвор од црквата, христијаните во Ефес останале постојани и верни. Биле многу трудољубиви и посветени на вистината; не поднесувале лажни учители во својата средина. Но, нивната љубов кон Христа и верниците почнала да слабее. Иако останале постојани и верни, без Христовата љубов и нивната светлина била во опасност да згасне.

**Прочитајте Откровение 2,5-7. Кои три подробности Исус ја поттикнува црквата да ги направи за да ја оживее својата прва љубов и посветеност кон Христа и верниците? Како биле поврзани овие три работи?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во пророчка смисла, ситуацијата во црквата во Ефес одговара на општите прилики и духовната состојба на Црквата од 31. до 100. година. Апостолската црква била карактеристична по љубовта и верноста кон Евангелието. Но, до крајот на првиот век, Црквата почнала да го губи жарот на својата прва љубов, одвојувајќи се на тој начин од едноставноста и чистотата на Евангелието.

**Замислете се себеси како дел од заедницата на верници чија љубов се гаси. Верниците не мора да прават некој познат или отворен грев. Во извесна мера, тие дури го прават она што е правилно, но во нивниот живот владее формализам и студенило. Како Исусовиот совет даден во оваа прилика ја изведува црквата од оваа ситуација?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Патмос", стр. 568 – 577 оригинал во книгата на Елена Вајт *Делата на апостолите*.

„Прогонството на Јован станало средство на благодатта. Патмос бил осветлен со славата на воскреснатиот Спасител. Јован го видел Христа во човечка лика, со трагите од шајките на неговите раце и нозе, кои секогаш ќе ја претставуваат неговата слава. Сега му било дозволено повторно да го здогледа својот воскреснат и жив Господ, овенчан со толкава слава колку што може едно човечко битие да посматра.

Христовото појавување пред Јован треба на сите, и верници и неверници, да им биде доказ дека го имаме воскреснатиот Христос. Тоа треба на Црквата да ѝ влее животодавна сила. Понекогаш Божјиот народ го окружуваат темни облаци. Се чини дека прогонството и угнетувањето ќе го уништи. Меѓутоа, во таквите мигови се примаат најголеми поуки. Христос често влегува во зандани и им се открива на своите избрани. Тој е со нив на кладата што гори. Како што ѕвездите сјаат посилно во најтемна ноќ, така и најболскотните зраци на Божјата слава се откриваат во најгуста темнина. Колку е небото помрачно, толку појасни и повпечатливи се зраците на Сонцето на Правдата, воскреснатиот Спасител" (Елена Вајт, *The Youth's Instructor*, 5. април 1900).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Јован со читателите го дели она што го видел и слушнал на Патмос. Што гледате и слушате додека читате Откровение 1,12-20? Кои утешни зборови можете да ги извлечете од она што овде е откриено?**

**2. Првиот ангел во стиховите во Откровение 14,7 ги повикува жителите на Земјата на крајот од времето да му се поклонат на „Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори". Овие зборови се земени од текстот во 2. Мојсеева 20,11. Што ни кажува пораката на првиот ангел, според она што е откриено во Откровението, за значењето на саботата на крајот од времето?**

**3. Многу христијани се соочуваат со необична иронија. Колку подолго се во Црквата, нивната вера полесно бледнее, па дури и умира, иако треба да биде спротивното. Всушност, колку подолго чекориме со Исуса, треба повеќе да научиме за Него и за Неговата љубов кон нас. Како тогаш можеме не само да го одржиме жарот на верата, туку и да направиме да гори сè посилно, како што и би требало?**

**Поука 3**
**Од 12 до 18 јануари 2019**

# ИСУСОВАТА ПОРАКА УПАТЕНА ДО СЕДУМТЕ ЦРКВИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 2,8-11; 2,12-17; 2,18-29; 3,1-6; 3,7-13; 3,14-22; Исија 61,10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол“ (Откровение 3,21).**

Исус од островот Патмос преку Јован му испратил писмо на својот народ во вид на седум пораки. Иако тие пораки се однесуваат на црквите од времето на Јован во Азија, тие исто така преку симболи пророчки ја прикажуваат состојбата на Црквата низ историјата.

Паралелното споредување на овие пораки покажува дека следат иста шесткратна структура. Секоја почнува со Исусовото именување на определена црква. Вториот дел започнува со изразот: „Така зборува...“, во кој Исус се претставува Себеси на секоја црква користејќи ги описите и симболите што ги наоѓаме во првата глава. Овие описи на Исус одговарале на посебните потреби на секоја црква. Според тоа, Исус укажал на својата способност да одговори на различните борби и прилики. Потоа Исус го изнесува своето мислење за црквата и ја советува црквата како да излезе од потешкотиите. Конечно, секоја порака се завршува со повикот да ја послушаат пораката на Духот и ветувањата што им се дадени на победниците.

Како што видовме во поуката од минатата седмица, при размислувањето за пораката упатена на првата црква во Ефес и, како што ќе видиме, оваа седмица во проучувањето на преостанатите шест пораки, Исус ни нуди надеж и одговара на потребите на секоја црква во секоја ситуација. Според тоа, Тој сигурно може да ги исполни и нашите потреби денес.

## ХРИСТОВИТЕ ПОРАКИ ДО СМИРНА И ПЕРГАМ

Смирна бил убав и богат град, но и место во кое обожавањето на царот било задолжително. Ако некој одбие да се покори на оваа наредба, можел да ја изгуби положбата, да биде прогонет, да дури и да се соочи со смрт.

**Прочитајте: Откровение 2,8-11. Како начинот на кој Исус се претставува Себеси на оваа црква е поврзан со приликите што владееле во неа? За какви прилики станува збор? Каква опомена Исус упатува за она што наближувало?**

Пораката упатена до црквата во Смирна, во пророчка смисла, се применува на Црквата во постапостолскиот период, кога христијаните биле сурово гонети од страна на Римското царство. „Десетте дена“ спомнати во текстот Откровение 2,10 укажуваат на десетте години на Диоклецијановото прогонство, кое траело од 303 до 313 година, кога Константин Велики го издал Миланскиот едикт, со кој на христијаните им овозможил верска слобода.

Пергам бил центар на различни незнабожечки култови, вклучувајќи го и култот на Асклепиј, грчки бог на лекарството, кого го нарекувале „Спасител“ и го претставувале во облик на змија. Луѓе од сите краишта поради лекување доаѓале во храмот кој бил посветен на овој бог. Пергам имал водечка улога во ширењето на култот и обожавањето на царот, кое, како и во Смирна, било задолжително. Тоа воопшто не нè зачудува зашто текстот вели дека христијаните од Пергам живеат во град „каде е престолот на сатаната“.

**Прочитајте: Откровение 2,12-15. Како Исус се претставува себеси на оваа црква. Како Тој ја проценил нивната духовна состојба?**

Христијаните во Пергам се соочиле со искушенија и надвор и внатре во црквата. Додека повеќето од нив останувале верни, таканаречените „Николинци“ се залагале за компромис со паганизмот за да го избегнат прогонството. Слично како Валам, кој отпаднал и го навел Израел да згреши против Бога на патот кон ветената земја (4. Мојсеева 31,16), сметале дека е полесно, дури и покорисно, да направат отстапки кога е во прашање верата. Иако на Ерусалимскиот собор било забрането „жртвуваното на идолите“ и „блудство“ (Дела 15,29), науката на Валам ги учела верниците да ја отфрлат оваа одлука. Единственото решение кое Исус можел да го понуди на Пергам гласело: „Покај се“ (Откровение 2,16).

Црквата во Пергам е пророчка слика на Црквата од околу 313 до 538 година. Иако некои од верниците во Црквата останале верни, духовниот пад и отпад брзо се шireле.

**Што значи не откажувај се од „Мојата вера (Откровение 2,13; види: Откровение 14,12). Како одбивањето да се откажеме од верата ни помага да се спротивставиме на отстапките и да останеме „верни до смрт“ (Откровение 2,10)?**

## ХРИСТОВАТА ПОРАКА ДО ТИЈАТИР

Во споредба со другите градови, Тијатир немал ниту политичко, ниту културно значење во древната историја што нам ни е позната, а Црквата била незабележана. За да водат одредена работа или да работат, жителите на Римското царство морале да припаѓаат на трговски здруженија. Тијатир бил посебно познат по истакнувањето на ова барање. Членовите на здруженијата морале да ги посетуваат свеченостите на здруженијата и да учествуваат во обредите на храмот, кои често содржеле и неморални дејствија. Оние што не се согласувале на тоа, се соочувале со исклучување од здруженијата и со економски санкции. За христијаните од тоа време, ова значело да се бира меѓу потполн компромис или потполно искучување поради Евангелието.

**Прочитајте: Откровение 2,18-29. Како Исус им се претставува Себеси на овие луѓе (види: Даниел 10,6)? Кои особини на Црквата ги пофалил Исус и каков проблем ги мачел?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Исто како и Црквата во Пергам, Црквата во Тијатир била принудена да врши отстапки пред незнабожечкото опкружување. Името „Језавела“ се однесува на сопругата на царот Ахав, кој го одвел Израел во отпад (1. Царевите 16,31-33). Исус ја прикажува како духовна блудница (Откровение 2,20). Оние кои ја загрозиле вистината и ги усвоиле „нечистите“ незнабожечки идеи и обичаи правеле духовно прељубодејство со неа.

Црквата во Тијатир ја симболизира состојбата на христијанството од 538 до 1565 година. Опасноста не дошла однадвор во Црквата, туку однатре. Традицијата ја заменила Библијата, свештенството и светите реликвии го замениле Христовото свештенство, а делата ги сметале како средство за спасение. Оние кои не ги прифатиле овие расипани влијанија биле гонети, па дури и убивани. Со векови вистинската Црква наоѓала засолниште во пустите краеви (види: Откровение 12,6.13.14.). Меѓутоа, Исус ѝ упатува и пофалба на црквата во Тијатир поради нивната вера и љубов, дела и служба – укажувајќи на Реформацијата и почетокот на навраќањето кон Библијата.

**Размислете за зборовите во текстот Откровение 2,25: „држете го она, што го имате, додека дојдам.“ Што значат овие зборови за нас, и како заедница и како поединци? Што примаме од Христа а треба за тоа да се држиме?**

## ХРИСТОВАТА ПОРАКА ДО САРД

Сард имал славна историја. Но, до римско доба овој град го изгубил своето влијание. Иако сè уште уживал богатство, неговата слава повеќе била втемелена на минатото отколку на сегашноста. Древниот град бил изграден на врвот од стрмен и речиси неосвоив рид. Бидејќи жителите се чувствувале толку сигурни, градските ѕидови биле небрежно чувани.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 3,1-6; Матеј 24,42-44; 1. Солуњаните 5,1-8. Кои три работи Исус ги поттикнува христијаните во Сард да ги направат за да ја излечат својата духовна состојба? Како Исусовото предупредување да „стражарат“ е во согласност со историјата на градот?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Иако Исус препознава неколку христијани во Сард како верни, повеќето од нив се духовно мртви. Црквата не е обвинета за некој отворен грев или отпад (како верниците во Пергам и Тијатира), туку за духовна летаргија.

Пораката упатена на црквата во Сард, во пророчка смисла, се однесува на духовните прилики на протестантите во периодот по Реформацијата, околу 1565 до 1740 година, откако Црквата се изопачила во безживотен формализам и состојба на духовно незадоволство. Под влијание на сè поголемата плима на рационализам и секуларизам, сосредоточеноста на спасоносната благодат на Евангелието и посветеноста на Христа слабееле, отстапувајќи им место на верските сувопарни и филозофски расправи. Црквата во овој период, иако се чинела жива, била духовно мртва.

Исто така, ова писмо се однесува и на секоја генерација христијани. Некои христијани секогаш се изразуваат со пофални зборови за својата некогашна верност кон Христа. За жал, немаат нешто многу да споделат за своето сегашно искуство со Него. Нивната вера е вера само по име, без вистинска религија на срцето и вистинска посветеност на Евангелието.

**Имајќи ја секогаш пред себе возвишената вистина за спасението со вера само во Христа, на кои сè начини можеме да кажеме дека нашите дела не се „совршени“ пред Бога? Што значи тоа и како можеме да ги „усовршиме“ своите дела пред Него? Види: Матеј 5,44-48.**

## ХРИСТОВАТА ПОРАКА ДО ФИЛАДЕЛФИЈА

Шестата црква на која Исус ѝ се обратил била црквата во Филаделфија („братска љубов"). Градот бил сместен на царскиот трговски пат и служел како премин, како „отворена врата" до огромната плодна висорамнина. Ископувањата покажуваат дека бил центар кој луѓето го посетувале поради здравје и лечење. Погодуван од чести земјотреси, жителите на градот се преселиле во селската област и живееле во скромни колиби.

**Прочитајте: Откровение 3,7-9. Како начинот на кој Исус се претставува Себеси е поврзан со приликите во црквата? Што ни кажува Исусовата изјава „ти имаш мала сила" Откров. 3,8) за состојбата во црквата?**

________________________________________________________________

Пораката упатена на оваа црква, во пророчка смисла, се однесува на големото будење на протестантизмот во време на Првото и Второто будење кое се случило во Велика Британија и Америка од 1740 до 1844 година. Со оглед на светлината што ја примиле, Божјиот народ навистина се трудел овој пат да ја одржи „Мојата реч" (Откровение 3,8). Сè поголем акцент се става на послушноста на Божјите заповеди и чистиот живот. „Отворената врата" е очигледно патот до небесното Светилиште, зашто исто така се споменува и „храмот на Мојот Бог" (Откровение 3,12; споредете: Откровение 4,1.2). Една отворена и една затворена врата укажуваат на промената што ќе се случи во Христовата првосвештеничка служба во 1844 година.

**Прочитајте: Откровение 3,10-13. Какви показатели се дадени дека времето е кратко и дека Исусовото доаѓање се ближи? Што значи Божјето име напишано на Неговиот народ (2. Тимотеј 2,19)? Ако името го претставува карактерот на личноста, што ни кажува текстот во 2. Мојсеева 34,6 за оние кои го носат Божјето име?**

Во црквата се случиле големи будења од двете страни на Атлантикот. Во годините што претходеле на 1844 година, пораката за Христовото скоро враќање се објавува во многу делови на светот. Ветувањето дека Божјето име ќе биде испишано на оние што ќе победат, укажува дека Божјиот карактер ќе се одразува кај Неговиот народ. Подеднакво важна како и пораката дека Исус наскоро доаѓа, е пораката во која Христос им дава ветување дека ќе го подготви својот народ за тој голем настан на тој начин што ќе им ги прости гревовите и ќе го запише својот Закон во нивното срце (види: Филипјаните 1,6; Евреите 10,16.17).

**Што ви значи надежта во Христовото скоро доаѓање? Како Христовото ветување дека ќе го заврши делото што го почнал ви влева сигурност?**

## ХРИСТИЈАНИТЕ ВО ЛАОДИКЕЈА

Последната црква на која Исус ѝ се обратил се наоѓала во Лаодикеја, богат град сместен на последниот трговски пат. Бил познат по производството на волна, своите банки (во кои се чувани огромни количини злато) и медицинското училиште во кое се произведувал мевлем за очи. Напредокот на Лаодикеја ги исполнил граѓаните со самодоволност. Околу 60. година, кога земјотресот го уништил градот, жителите ја одбиле помошта што Рим им ја понудил, тврдејќи дека имаат сѐ што им е потребно за работа. Бидејќи во градот недостасувала вода, со вода се снабдувале преку аквадуктот што се протегал од топлите извори во Хиераполис. Бидејќи изворот се наоѓал далеку од Лаодикеја, водата што стигнувала до крајната цел била млака.

**Прочитајте: Откровение 3,14-17; Осија 12,8. Како христијаните од Лаодикеја се исполниле со самозадоволниот дух на градот?**

Исус не ги прекорил христијаните во Лаодикеја за сериозен грев, ерес или отпад. Нивниот проблем била самодоволноста, која води кон духовно мртвило. Како и водата што дотекувала во градот, тие не биле ниту ладни, како вода која освежува, ниту топли, туку млаки. Тврделе дека се богати и дека не им треба ништо, но сепак, биле сиромашни, голи и слепи за својата состојба.

Црквата во Лаодикеја симболички ја претставува духовната состојба на Божјата црква пред крајот од овоземната историја, како што покажуваат одредени стихови во Откровението во врска со последното време. Еден таков стих, во рамките на Исусовиот родителски совет во Откровение 16,15, се однесува на „белата облека“ на Христовата праведност која ѝ е потребна на духовно голата Лаодикеја (види: Откр. 3,18). Ова предупредување, да ја чуваме својата облека и да не бидеме голи, се јавува среде текстот кој упатува на духовната Армагедонска битка. Моментот во кој Исус ја изнесува опомената, на прв поглед, може да изгледа необичен зашто повеќе не е можно да ја примиме оваа облека. Впрочем, времето на проверка веќе за сите е завршено. Но, опомената да ја сочуваме својата облека е поврзана со шестото зло и Армагедон бидејќи Исус сака да ја потсети Лаодикеја да се подготви пред тој страшен конфликт – додека не биде предоцна засекогаш. Според тоа, текстот во Откровение 16,15 ги предупредува Лаодикејците дека, ако не го послушаат Исусовиот совет и изберат да останат голи (Откр. 3,17.18), за време на Неговото доаѓање ќе бидат изгубени и осрамотени (види: 1. Јованово 2,28-3,3).

Исус ги уверува Лаодикејците дека ги сака. Ги повикува да се покаат (Откровение 3,19). На крајот од упатениот повик се прикажува Себеси како возљубениот од текстот во Песна над песните 5,2-6, кој стои на вратата, чука и моли да Го примат (Откровение 3,20). На секој што ќе ја отвори вратата и ќе Го пушти внатре, ветено му е дека ќе вечера со Него, и дека на крајот ќе владее со Него, на Неговиот престол (види: Откровение 20,4).

**Прочитајте: Откровение 3,18-22. Каков совет Исус им дал на Лаодикејците? Што претставуваат златото, белата облека и маста за очи (види: 1. Петрово 1,7; Исаија 61,10; Ефесјан. 1,17.18)? Што ви кажува овој совет вам, како христијани адвентисти кои себеси се препознаваат како лаодикејска црква?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата „Откровение“, стр. 578 – 592 оригинал, во книгата на Елена Вајт *Делата на апостолите*.

Седумте пораки упатени на црквите го прикажуваат духовниот пад што се случил во тие седум цркви. Црквата во Ефес и понатаму била верна, иако ја изгубила својата прва љубов. Црквите во Смирна и Филаделфија главно биле верни. Пергам и Тијатира правеле отстапки сè додека повеќето во потполност не отстапиле од чистата апостолска вера. Црквата во Сард се наоѓала во многу тешка состојба. Повеќето во оваа црква не живееле во согласност со Евангелието, додека Филаделфија претставувала неколкумина верни. Состојбата на Лаодикејската црква била таква што ништо добро не можело да се каже за неа.

Во заклучокот на секоја порака, Исус им дава ветување на оние што ќе го прифатат Неговиот совет. Можеме да забележиме дека, заедно со очигледниот духовен пад во црквите, владее пропорционален раст на дадените ветувања. Ефес, на кој Исус му ја упатува првата порака, прима само едно ветување. Како секоја црква оди по надолен пат во духовна смисла, така секоја прима поголеми ветувања од претходната. Конечно, црквата во Лаодикеја, иако прима само едно ветување, го прима најголемото: дека ќе го дели престолот со Исуса (Откровение 3,21).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како овој раст во бројот на ветувања, заедно со духовниот пад во црквите, ја одразува изјавата дека кога се умножува гревот благодатта уште повеќе изобилува (Римјаните 5,20)? Размислете за тоа во светлината на следниот цитат: „Колку и да изгледа ослабена и полна со недостатоци, Христос на Црквата ѝ посветува најголемо внимание. Тој постојано и будно стражари над неа и ја зајакнува со својот Свет Дух“ (Елена Вајт, Selected Messages, 2. книга, стр. 396).**

**2. Христијаните често велат дека е тешко да се биде христијанин во индустријализираните, трговски и метрополитски градови, во напредните градови во Азија имало христијани кои останале верни на Евангелието и непоколебливи во својата верност кон Бога и среде притисоците што ги вршело над нив незнабожечкото опкружување. Што можеме да научиме од овие факти? Размислете за тие христијани од Азија во светлината на Исусовата молитва во Јован 17,15-19. Како идејата да бидеме во светот но не и од светот, се применува на христијаните денес, посебно на оние кои живеат во големите градови?**

**3. Како можеме ние, како христијани адвентисти, подобро да ги послушаме зборовите кои ни се упатени во пораката до Лаодикејците?**

**Поука 4**
**Од 19 до 25 јануари 2019**

# ДОСТОЈНО Е ЈАГНЕТО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 4; Езекиел 1,5-14; Откровение 5, Ефесјаните 1,20-23; Евреите 10,12; Дела 2,32-36.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Не плачи, ете, победи Лавот од Јудиното племе, Давидовиот корен, па може да го отвори свитокот и да ги одврзе неговите седум печати“ (Откровение 5,5).**

Минатата седмица проучувавме за Христовите пораки упатени до Неговиот народ на Земјата. Сега Јовановото видение се поместува од Земјата на Небото и се сосредоточува на тоа „што има да се случи после ова“ (Откровение 4,1) – на иднината.

Видението од 4. и 5. глава прикажува што се случува во салата каде што е небесниот престол. Глетката од тие поглавја симболички го прикажува Божјето управување со историјата и планот за спасение. Но, пред да биде откриена иднината, покажана ни е централната улога на Христовата првосвештеничка служба на Небото, како и Неговата врховна власт, кога се во прашање земните прашања и откупувањето на човечкиот род. На тој начин, 4. и 5. глава прикажуваат како Небото гледа на идните настани забележани во остатокот од книгата.

Исто така, можеме да забележиме дека пораките упатени до црквата биле напишани со јасен јазик, и дека од овде книгата во голема мера го користи симболичкиот јазик, кој не е лесно секогаш да се протолкува. Овој јазик е земен од историјата на Божјиот народ, како што е забележано во Стариот завет. Правилното толкување на Откровението бара соодветно разбирање на неговиот симболички јазик во светлината на Стариот завет.

## ВО НЕБЕСНАТА ПРЕСТОЛНА САЛА

Во текстот Откровение 4,1 Исус го повикува Јован да се качи на небото за да го види панорамскиот преглед на историјата од неговото време до Христовото враќање.

**Следните текстови ја опишуваат салата каде што е небесниот престол: Откровение 4,1-8; Езекиел 1,26-28; Откр. 5,11-14. Што ни кажуваат овие стихови за величественоста на небесната престолна сала?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Апостолот низ отворена врата го гледал небесниот храм и Божјиот престол. Престолот симболички го претставува Божјето владеење, управување и власт над делата на создавање, додека виножитото околу престолот го означува Божјето верно исполнување на ветувањата (1. Мојсеева 9,13-16; Исаија 54, 9.10). Но, сатаната, Божјиот непријател, кој ја презел власта на земјата, ја негира божествената власт. Централното прашање во големата борба меѓу Бога и сатаната се однесува на тоа кој има право да владее. Целта на небесниот совет, што Јован го видел околу престолот во небесната сала, била да го потврди Божјето законско владеење над универзумот (Откровение 4,1-8; Откровение 5,11-14).

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 4,8-11; 5,9-14. Што можете да научите од овие текстови за искреното славење на Бога? Зошто Господ Бог е достоен да биде обожаван во 4. глава, а Јагнето во 5. глава?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Во 4. глава се дава општ опис на престолната сала во небесниот храм и богослужението коешто таму се одвива. Додека во 4. глава се прославува Божјата создателска сила, во 5. се слави откупувањето, кое го овозможило закланото Јагне. Овие две глави покажуваат дека, кога искрено го обожаваме Бога, при тоа се потсетуваме и го славиме Божјето моќно дело на создавање и откупување. Бог, кој го создал светот за шест дена, ја имал таа способност да го врати светот во првобитната состојба и да го претвори во вечен дом за својот народ, што и ветил дека ќе го направи.

**Размислувајте за ова што нè учи Евангелието: Оној, кој нè Создал не само нас и нашиот свет, туку и целата вселена, исто така е и „Јагнето заклано“ (Откровение 5,12) заради нас. Каква восхитувачка надеж му пружа ова учење на светот полн со болка и страдање?**

## НЕБЕСНИОТ СОВЕТ ВО ПРЕСТОЛНАТА САЛА

Описот на старешините во Откровение 4,4 покажува дека тие не се ангелски суштества. Името „старешини" во Библијата секогаш се користи за луѓето. За разлика од ангелите, кои секогаш стојат во Божјето присуство, овие старешини седат на престоли. Белите облеки, во кои се облечени, е облека на Божјиот верен народ (Откровение 3,4.5). Победничките круни (од грчкиот збор *stephanos*, Откровение 4,4) на нивната глава се чуваат само за светите што ќе извојуваат победа (Јаков 1,12). Сите подробности укажуваат дека дваесет и четирите старешини се прославените свети.

Бројот дваесет и четири има симболичко значење: се состои од две низи по дванаесет, а дванаесет во Библијата е симбол на Божјиот народ. Дваесет и четирите старешини можат да го претставуваат Божјиот народ во целост, и од Стариот и од Новиот завет. Бројот дваесет и четири одразува и дваесет и четири редови свештеници кои се менуваат во службата во овоземното Светилиште (1. Дневникот 24,1-19).

Фактот дека дваесет и четирите старешини никогаш порано не се спомнуваат во Библијата, ни навестува дека тие претставуваат нов собир во небесната приемна сала. Тие можеби им припаѓаат на оние кои биле подигнати од мртвите во мигот кога Исус умрел (Матеј 27,51-53).

Ако е така, овие дваесет и четири старешини, кои се вознеле на Небото со Исуса, стануваат претставници на човештвото и сведочат за праведноста на Божјите дела во остварувањето на планот на спасението. Во текстот Откровение 5,9, дваесет и четирите свештеници заедно со четири животни (8 стих) паѓаат пред Јагнето кое е заклано и сега е живо. Заедно пеат нова песна, славејќи го Јагнето зашто е достојно, „зашто беше заклан и зашто со својата крв ги откупи за Бога од секое племе и јазик и народ и народност, и ги направи на нашиот Бог цареви и свештеници, и ќе царуваат на земјата" (Откровение 5,9.10).

**Во Откровение 4,6-8 исто така се спомнуваат четири живи суштества или животни. Споредете го описот со четирите животни во текстовите Езекиел 1,5-14 и Езекиел 10,20-22, како и со серафимот од текстот во Исаија 6,2.3.**

Четирите живи суштества симболички ги претставуваат возвишените суштества кои му служат на Бог како Негови орудија и заштитници на Неговиот престол (Псалм 99,1). Нивните крилја симболички укажуваат на нивната брзина и извршувањето на Божјите налози, а очите – разумот. Нивното присуство, заедно со дваесет и четирите старешини и мноштвото ангели околу престолот (Откровение 5,11), покажува дека и Небото и Земјата имаат свои претставници во престолната сала.

## ЗАПЕЧАТЕНА КНИГА

**Прочитајте Откровение 5,1-4. Во светлината на текстот во Исаија 26,11.12, што претставува запечатената книга и зошто Јован плачел?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Грчкиот текст упатува дека книгата се наоѓала на престолот во десницата на Отецот. Се чекало на Оној кој е достоен да ја земе и „да ги скрши нејзините печати“ (Откровение 5,2).

Според зборовите на Елена Вајт, запечатената книга ја содржи „историјата на Божјето провидение, пророчката историја на народите и Црквата. Таа ги содржи божествените изјави, Неговиот авторитет, Неговите заповеди, Неговите закони, целокупниот симболички план на Вечниот и историјата на сите владетелски сили меѓу народите. Во симболички јазик во таа книга се прикажува влијанието на секој народ, јазик и племе од почетокот на земјината историја до нејзиниот завршеток“ (Elen Vajt, *Manuscript Releases*, 9. книга, стр. 7).

Накратко речено, запечатената книга ги содржи Божјите тајни во врска со Неговите планови да го реши проблемот со гревот и да ги спаси паднатите човечки суштества. Таа тајна ќе биде целосно сфатена за време на второто Христово доаѓање (Откровение 10,7).

**Прочитајте Откровение 5,5-7. Зошто во целиот универзум само Христос е достоен да ја земе запечатената книга и да ја отпечати?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кризата во престолната сала е поврзана со бунтот на сатаната. Оваа планета, иако Бог ја создал, таа е под власта на узурпаторот, сатаната. Плачот на Јован ги изразува солзите на Божјиот народ, од времето на Адам, за спасение од ропството на гревот. Запечатената книга го опфаќа Божјиот план за решавање на проблемот со гревот. Нема сомнение дека Бог со својата неограничена сила лично можел да го оствари тој план. Но, откупувањето на паднатиот човечки род барал нешто посебно, а тоа бил Исус, кој „победил“ и така станал достоен да ја отвори книгата, да ја преземе власта над Земјата и да стане наш Посредник во небесното Светилиште.

**Како да научиме да го задржиме Исуса на првото место во своето христијанско искуство?**

## ДОСТОЈНО Е ЈАГНЕТО

**Прочитајте: Откровение 5,8-14; Ефесјаните 1,20-23; Евреите 10,12. Што дознаваме од овие текстови, што треба да ни пружи голема надеж и утеха во светот кој сам по себе нуди многу малку?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога Јагнето Христос пристапува на престолот, Тој ја зема книгата. Овој чин покажува дека сета власт и суверенитет му припаѓа Нему (види: Матеј 28,18; Ефесјаните 1,20-22). Во тој момент, целиот универзум го признава Христовото праведно владеење над Земјата. Она што Адам го изгубил, Христос го вратил.

Кога Христос ја зема книгата, тоа укажува дека Тој ја држи судбината на целото човештво во свои раце. Четирите животни и дваесет и четирите старешини паѓаат пред Него и Му се поклонуваат, како што и направиле според Откровение 5,9: „Достоен си да го земеш книжниот свиток и да ги отвориш неговите печати, зашто беше заклан."

Со овој чин на обожавање, возвишените ангели и претставници на откупеното човештво ја потврдуваат Христовата жртва принесена во полза на човечкиот род. Со својата крв Тој го платил откупот за паднатите човечки суштества и им нуди надеж во откупувањето и ветување за иднина која едвај можеме да ја замислиме.

На животните и на старешините сега им се придружува безбројно мноштво ангели, кои го опкружуваат престолот и упатуваат пофала на Јагнето кое е заклано и сега „живее" како Посредник за паднатиот човечки род (Евреите 7,25). Присутните во престолната сала сложно и громогласно воскликнуваат: „Достојно е Јагнето, Кое е заклано, да прими: сила и богатство, и премудрост и моќ, и чест и слава и благослов!" (Откровение 5,12)

Во истиот момент сите суштества на Небото и Земјата се соединуваат во величествено прославување на Отецот и Христа: „На Оној, Кој седи на престолот, и на Јагнето, благослов и чест; и слава и власт, во сите векови!" (Откровение 5,13). На нивните зборови на пофала, четирите животни одговараат со „амин", а дваесет и четирите старешини паѓаат ничкум, завршувајќи го на тој начин восхитеното обожавање во небесната приемна сала.

**Физичарите претпоставуваат дека универзумот еден ден или ќе изгори, или ќе пропадне или ќе се расцепи. Каква спротивност на иднината претставена во Божјата реч. Како уште сега можеме да почнеме да се радуваме на иднината која нè чека?**

## ЗНАЧЕЊЕ НА ДЕНОТ ПЕДЕСЕТНИЦА

При излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница, текстот Дела 2,1-4 го потврдува еден од најпресудните настани во историјата на планот на спасението: воведувањето на Христа во служба како Првосвештеник и Цар во небесното Светилиште по Голгота. Со својата првосвештеничка служба од десната страна на Отецот (Откровение 5,6.7), Христос може да го оствари планот на спасение до конечното исполнување. Како наш Посредник во небесното Светилиште, Исус работи на нашето спасение. Преку Него верниците можат да имаат слободен пристап до Бога и да примат проштавање за своите гревови.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 2,32-36; Јован 7,39. Каква надеж и охрабрување наоѓате во фактот дека Исус стои на Небото како наш Свештеник и Цар?**

__________________________________________________________

По вознесението на Христа во небесното Светилиште, Светиот Дух се спуштил врз учениците. Во Откровение 5,6 се спомнуваат седум духови кои се „пратени по целата земја“. Како што видовме во една од претходните лекции, седумте духови ја означуваат полнотата на дејствувањето на Светиот Дух во светот. Кога Христос седнал на престолот, Духот е испратен на Земјата. Испраќањето на Светиот Дух е едно од првите Христови дела како наш Првосвештеник во небесното Светилиште. Излевањето на Светиот Дух означувало дека Исус се појавил пред Отецот и дека Бог ја прифатил Неговата жртва во полза на човечкиот род.

„Христовото вознесение на небото претставувало знак дека неговите следбеници ќе го добијат ветениот благослов... Кога минал низ небесната врата, Христос бил свечено устоличен со најдлабока почит и обожавање од страна на сите ангели. Штом завршил овој обред, Светиот Дух слегол во обилни млазеви врз учениците и Христос навистина е прославен со славата што ја имал со Отецот од создавањето на светот. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница, претставувало небесно соопштение дека е извршено крунисување на Откупителот. Според даденото ветување, Тој им го пратил од небото на своите следбеници Утешителот како знак дека Тој, во својство на свештеник и цар, ја примил сета власт на небото и на земјата и дека овде навистина бил Помазаник над својот народ“ (*Делата на апостолите*, стр. 38.39. ориг.).

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 4,16; 8,1. Каква надеж и охрабрување пронаоѓате во сигурноста дека Исус, како Свештеник и Цар, ја примил сета власт на Небото и на Земјата? Како верувањето во оваа вистина ни помага да се избориме со секојдневните прилики во животот и со несигурната иднина?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во Книгата на Елена Вајт, *Копнежот на вековите* прочитајте ја главата „Кај Мојот Отец и кај вашиот Отец“, стр. 829-835. ориг.; во книгата *Делата на апостолите* прочитајте ја главата „Дарот на Светиот Дух“, стр. 47-56. ориг.

Пораката во 4. и 5. глава од Откровението е особено важна за Божјиот народ кој живее на крајот од историјата на Земјата. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница го обележило почетокот на проповедањето на Евангелието на целиот свет; централата порака се однесувала на Христа, кој бил возвишен како Свештеник и Цар од десната страна на Отецот. Оваа вистина за Исуса била срцевина на верувањето на раните христијани (Евреите 8,1) и аголен камен на нивното проповедање (Дела 2,32.33; Дела 5,30.31). Исто така, тоа било и нивна мотивација и извор на вера и храброст кога се соочиле со прогонства и тешки животни околности (Дела 7,55.56; Римјаните 8,34). Како резултат на нивната работа, многу луѓе одговориле на нивното проповедање. Оттогаш Божјето царство продолжува да се пројавува преку службата на Светиот Дух.

Никогаш не смееме да заборавиме дека само Радосната вест за спасението во Христа може да допре и да го преобрази Човечкото срце и да го поттикне народот да одговори на повикот на вечното Евангелие да се бои од Бога, да Му оддаде слава и да Му се поклони (Откровение 14,7). Наша единствена надеж е Спасителот, кој е наш Свештеник и Цар во небесното Светилиште. Тој е со својот народ и секогаш ќе биде – до самиот крај (Матеј 28,10). Тој ја држи иднината во свои раце.

Да не заборавиме дека целосен успех во проповедањето на конечната порака до изгубениот и напатен човечки род ќе биде остварен само ја имаме на ум суштината на Евангелието. Ништо друго што проповедаме не е важно како крстот и она што тој нѐ учи за Бога.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Еден ден ќе бидеме на Небото и ќе го славиме и обожаваме Господа за Неговите добрини и сила, а особено за Неговата благодат. На кои начини уште сега можеме тоа да го правиме и да се подготвуваме за времето кога ќе се раздени големиот ден? Односно, како сега можеме да го славиме Бога со благодарно срце за сѐ што сторил за нас и за сѐ што ќе стори?**

**2. Прочитајте ги следните текстови: Откровение 4,11; 5,9. Во какви улоги во овие текстови ги гледаме Отецот и Синот и зошто и двете улоги се важни не само за планот на спасение, туку и заради прашањата зошто Бог е достоен да му упатуваме пофалба? На кои начини саботата, и поуките што таа ни ги дава, е израз на овие возвишени вистини за Бога?**

**Поука 5**
**Од 26 јануари до 1 февруари 2019**

# СЕДУМТЕ ПЕЧАТИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 6,1-14; 3. Мојсеева 26,21-26; Езекиел 4,16; 5. Мојсеева 32,43; 2. Солуњаните 1,7-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Достоен си да го земеш книжниот свиток и да ги отвориш неговите печати, зашто беше заклан и зашто со Својата крв ги откупи за Бога од секое племе и јазик и народ и народност, и ги направи на нашиот Бог цареви и свештеници, и ќе царуваат на земјата“ (Откровение 5,9.10).**

Во Откровение 6. глава продолжува глетката од 4. и 5. глава, во кои Исус е прикажан како Оној кој е достоен да ја отвори запечатената книга бидејќи со својот победоносен живот и смрт го вратил она што било изгубено преку Адама. Тој сега, по отворањето на печатот на книгата, е подготвен да го продолжи планот на спасението до неговото конечно исполнување.

Педесетница го обележила почетокот на ширењето на Евангелието, со кое Христос го шири своето Царство. Според тоа, кршењето на печатот се однесува на проповедањето на Евангелието и на последиците од неговото отфрлање. Отворањето на седмиот и последниот печат нѐ доведува до крајот на историјата на овој свет. Откровение 3,21 го појаснува значењето на седумте печати: „На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол.“ Четвртата и петтата глава зборуваат за Христовата победа и за Неговото вознесение, а последниот стих од 7. глава ги опишува победниците пред Христовиот престол. Според тоа, во 6. глава се зборува за Божјиот народ кој настојува да победи за да може да го дели Исусовиот престол.

## ОТВОРАЊЕ НА ПРВИОТ ПЕЧАТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 6,1-8; 3. Мојсеева 26,21-26; Матеј 24,1-14. Забележете ги заедничките клучни зборови во овие текстови. Што дознавате за значењето на првите четири печати врз основа на тие поклопувања?**

Настаните од седумте печати мора да се сфатат во рамките на заветните клетви од Стариот завет во кој се споменуваат изразите меч, глад, помор и диви ѕверови (3. Мојсеева 26,21-26). Езекиел ги нарекува Божји „четири тешки казни“ (Езекиел 14,21). Тоа биле дисциплински судови во кои Бог го опоменувал својот народ кога му биле неверни на заветот, настојувајќи да ги разбуди за да ја увидат својата духовна состојба. На сличен начин, четирите коњаници претставуваат средство кое Бог го користи за да го одржи буден својот народ додека го чека Исусовото враќање.

Исто така, постојат големи сличности меѓу првите четири печати и текстот од Матеј 24,4-14, во кој Исус објаснил што ќе се случува во светот. Четирите коњаници Бог ги користи за да го задржи својот народ на вистинскиот пат, потсетувајќи ги дека овој свет, каков што е сега, не е нивниот дом.

Иако симболичен, текстот од Откровение 6,1.2 исто така зборува за победата. Нѐ потсетува на текстот од Откровение 19,11-16, во кој Христос е прикажан како јава на бел коњ и ги води своите војски од ангели да го ослободат Неговиот народ при Второто доаѓање. Како симбол за чистота, белата боја постојано се поврзува со Христа и Неговите следбеници. Јавачот во раката држи стрела и добива венец (Откровение 6,2), што потсетува на сликата на Бога во Стариот завет, кој јава коњ со стрела во рацете додека ги победува непријателите на својот народ (Авакум 3,8-13; Псалм 45,4.5). Грчкиот збор за венец (Откровение 6,2) што го носи јавачот е *stephanos*, и значи венец на победата (Откровение 2,10; Откровение 3,11). Овој јавач е освојувач кој победува и оди напред за да победи.

Сцената од првиот печат го опишува ширењето на Евангелието, кое моќно започнало на денот Педесетница, со што Исус го започнал ширењето на своето Царство. Имало, а и сѐ уште има, уште многу области кои треба да се освојат и многу луѓе кои треба да станат Исусови следбеници, додека конечната победа не биде остварена кога Христос ќе дојде во слава.

Во пророчка смисла, глетката на првиот печат одговара на пораката упатена до црквата во Ефес; го опишува апостолскиот период во првиот век, кога Евангелието брзо се ширело низ светот (Колошаните 1,23).

**Зошто никогаш не смееме да заборавиме дека сме, во Христа, на победничката страна без оглед на моменталните околности?**

## ВТОРИОТ И ТРЕТИОТ ПЕЧАТ

**Прочитајте: Откровение 6,3.4. Врз основа на описот на црвениот коњ и јавачот, како она што се кажува тука е поврзано со Евангелието?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Црвената боја е боја на крвта. Јавачот има голем меч и дозволено му е да го земе мирот од Земјата, што им отвора пат на луѓето да се убиваат едни со други (Матеј 24,6).

Вториот печат ги опишува последиците од отфрлувањето на Евангелието, почнувајќи од вториот век. Додека Христос води духовна војна преку проповедање на Евангелието, силите на злото даваат силен отпор. Неизбежно следи прогонство. Јавачот не убива. Наместо тоа, кога тој ќе го земе мирот од Земјата, следи и неизбежната последица – прогонство (види: Матеј 10,34).

**Прочитајте: Откровение 6,5.6; 3. Мојсеева 26,26; Езекиел 4,16. Врз основа на описот на црниот коњ и јавачот, на каква вистинитост поврзана со проповедањето на Евангелието нè упатува?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Јавачот на црн коњ држи вага за мерење храна. Се слуша објавата: „Една мера пченица за денариј и три мери јачмен за денариј“ (Откровение 6,6). Во тој дел од светот, пченицата, маслото и виното биле основни животни потреби (5. Мојсеева 11,14). Да се јаде леб на мерење, тоа укажувало на сиромаштија или глад (3. Мојсеева 26,26; Езекиел 4,16). Во времето на Јован, денариј бил износ од една дневна надница (Матеј 20,2). Во вообичаени околности, за дневница можеле да се купат сите дневни неопходни работи за семејството. Но, гладот во голема мера влијаел на зголемувањето на редовните цени. Во сцената од третиот печат се укажува на понатамошните последици од отфрлањето на Евангелието, почнувајќи од четвртиот век кога Црквата стекнала политичка моќ. Ако белиот коњ претставува проповедање на Евангелието, црниот коњ означува отсуство на Евангелието и потпирање на човечките обичаи. Пченицата во Библијата ја претставува Божјата реч (Лука 8,11). Отфрлањето на Евангелието неизбежно доведува до глад за Божјата реч слична на онаа што ја предвидел пророкот Амос (Амос 8,11-13).

## СЦЕНАТА НА ЧЕТВРТИОТ ПЕЧАТ

**Прочитајте Откровение 6,7.8. Каков настан е прикажан овде? На кој начин оваа сцена е поврзана со претходната.**

____________________________________________________________

Бојата на коњот во четвртиот печат е изразена со грчкиот збор *chloros*, што е пепелаво-сива боја на мрша која се распаѓа. Името на јавачот е смрт; а го следи пеколот, местото на мртвите. Ним на четвртина од Земјата им е дозволено да ги уништат луѓето со меч, глад, смрт и диви ѕверови (Матеј 24,7.8).

Четвртиот печат предизвикува болест и смрт. Сликовитиот приказ на оваа сцена ја изнесува вистината дека духовниот глад за Божјата реч, како последица на отфрлањето на Евангелието, неизбежно води во духовна смрт.

Радосната вест гласи дека силата на смртта и пеколот е многу ограничена; дадена им е власт само над еден дел (четвртина) од Земјата. Исус нè уверува дека Тој ги има клучевите од пеколот и од смртта (види: Откровение 1,18).

**Потсетете сè уште еднаш на содржината на пораките упатени до црквите во Ефес, Сард, Пергам и Тијатир во Откровение 2. глава. Споредете ги приликите во овие цркви со сцената на отворањето на првите четири печати. Какви сличности воочувате?**

____________________________________________________________

Сцените од седумте печати ја прикажуваат иднината на Црквата. Како и во случајот со седумте цркви, печатите се поврзани со различни периоди од христијанската историја. Во времето на апостолите Евангелието брзо се ширело низ светот. Потоа следел период на прогонство во римското царство, од крајот на првиот до почетокот на четвртиот век, како што е прикажано во сцената на вториот печат. Третиот печат укажува на времето на отстапките во четвртиот и петтиот век, кои се карактеристични по духовниот глад за Библијата, што довело до „Мрачната доба“. Четвртиот печат вешто ја опишува духовната смрт, која била одлика на христијанството речиси илјада години.

**Во текстот Откровение 6,6 се кажува дека гладот нема да влијае на „маслото и виното“, во рамки на неволјите на третиот печат. Маслото го симболира Светиот Дух (1. Самоилова 16,13; Дела 10,38), а новото вино – спасението во Исуса Христа (Марко 2,22). Што ни кажуваат значењата на овие симболи за фактот дека Светиот Дух и понатаму дејствува и дека спасението им е достапно на сите кои ја бараат вистината дури и кога Божјата Реч ретко се слуша?**

## ОТВОРАЊЕ НА ПЕТТИОТ ПЕЧАТ

**Прочитајте: Откровение 6,9.10. Што се случува во овие стихови?**

___________________________________________________________

Зборот *душа* во Библијата означува целокупна личност (1. Мојсеева 2,7). Смртта на Божјиот верен и прогонуван народ овде е прикажана во вид на жртвена крв излеана во подножјето на жртвениот олтар во земното Светилиште (2 Мојсеева 29,12; 3 Мојсеева 4,7). Божјиот народ доживеал неправда и смрт поради својата верност на Евангелието. Тој пека кон Бога, молејќи го да дојде и да го одмазди. Овие текстови се однесуваат на неправдите направени овде на Земјата; тие не зборуваат ништо за состојбата на мртвите. Всушност, ми се чини дека овие луѓе не уживаат во блаженството на небото.

**Прочитајте: Откровение 6,11; 5. Мојсеева 32,43; Псалм 79,10. Како одговорило Небото на молитвите на Божјиот маченички народ?**

___________________________________________________________

___________________________________________________________

Убиените свети примиле бела облека, а тоа е Христовата праведност, која им овозможува да бидат оправдани – Негов дар за оние што ја прифаќаат Неговата благодат (Откровение 3,5; 19,8). Потоа, кажано им е дека ќе мора да отпочинат додека нивните браќа, кои ќе минат низ слично искуство, не го исполнат одредениот број. Важно е да се забележи дека во грчкиот текст Откровение 6,11, го нема зборот *број.* Откровението не зборува за бројот на светите маченици кој треба да го достигнат пред Христовото враќање, туку за совршенството на нивниот карактер. Божјиот народ станува совршен благодарение на облеката на Христовата праведност, а не на личните заслуги (Откровение 7,9.10). Светите маченици нема да бидат воскреснати сè до Христовото второ доаѓање и почетокот на илјада години (Откровение 20,4).

Сцената од петтиот печат историски се применува на периодот пред и по Реформацијата, кога милиони биле убиени поради својата верност (Матеј 24,21). Исто така, тоа потсетува на искуството на Божјиот напатен народ низ историјата, од времето на Авел (1. Мојсеева 4,10), па сè до времето кога Бог конечно ќе ја „одмазди крвата на своите слуги“ (Откровение 19,2).

**„Уште колку, Господе“? – гласело пекањето на Божјиот напатен народ низ историјата. Кој во својот живот не се соочил со недостаток на правда? Каква утеха пронаоѓате во сцената на петтиот печат, знаејќи дека еден ден правдата навистина ќе биде исполнета?**

## ОТВОРАЊЕ НА ШЕСТИОТ ПЕЧАТ

Во петтиот печат гледаме дека Божјиот народ во непријателскиот свет доживува неправда, пекајќи кон Бога да дејствува во нивна полза. Дошол моментот Бог да одговори на молитвите на својот народ.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 6,12-14; Матеј 24,29.30; 2. Солуњаните 1,7-10. Што е откриено во овие текстови?**

____________________________________________________________

Последните три знаци од шестиот печат Исус ги прорекол во текстот од Матеј 24,29.30. При крајот на 1798 требало да се јават „големи неволји" (Откровение 7,14), како предзнак за Второто доаѓање. Како и во Христовото пророштво во 24. глава од Евангелието според Матеј, сонцето, месечината, „ѕвездите" (метеори) и небото овде се буквални. Употребата на зборовите *како* или *слично* отсликува нешто вистинско, вистински настан – сонцето станало црно како вреќа од кострет, месечината како крв, а ѕвездите паѓале на Земјата како кога смоквата ги отфрла своите пупки. Христијаните во Западниот свет го препознале исполнувањето на Исусовите зборови во следните знаци: Лисабонскиот земјотрес во 1755; мрачниот ден 19 мај 1870 во Источен Њујорк и јужна Нова Англија; спектакуларниот дожд од метеори над Атлантскиот океан на 13 ноември 1833. Исполнувањето на пророштвото довело до низа будења и увидување дека Христовото доаѓање е близу.

Прочитајте ги следните текстови: Откровение 6,15-17; Исаија 2,19; Осија 10,8; Лука 23,30. Овие сцени ги прикажуваат луѓето во различни положби во паничниот обид да се скријат од страшните случувања при Христовото доаѓање. Тие бараат камењата и горите да ги покријат и да ги заштитат од „од лицето на Оној Кој седи на престолот и од гневот на Јагнето" (Откровение 6,16). Дошол моментот да се подели правдата бидејќи Христос доаѓа „за да биде прославен во оној ден сред Своите свети" (2. Солуњаните 1,10). Крајот на злите е опишан во текстот во Откровение 19,17-21.

Сцената завршува со реторичко прашање на преплашените зли: „Зашто дојде големиот ден на Неговиот гнев, и кој може да опстане?" (Откровение 6,17; види: Наум 1,6; Малахија 3,2). Одговорот на ова прашање го наоѓаме во Откровение 7,4 – оние што ќе можат да опстанат во тој ден се припадниците на Божјиот запечатен народ.

**„Но кој ќе го издржи денот на Неговото доаѓање?" (Малахија 3,2). Како вие би одговориле на ова прашање и кои библиски причини би ги навеле? Изнесете го својот одговор во својата саботношколска класа.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Видението за отворањето на седумте печати симболички укажува на Божјата грижа за својот народ на Земјата и нивното поучување. Како што истакнал Кенет А. Стренд:

„Писмото нѐ уверува дека Бог секогаш се грижи за својот народ: дека во самата историја секогаш е присутен за да ги поддржи и дека во големиот есхатолошки крај ќе им даде потполно оправдување и незамислива великодушна награда – вечен живот. Книгата Откровение се занимава со истата оваа тема и на прекрасен начин ја проширува, па според тоа, ова во никој случај не претставува некоја необична апокалипса која не е во согласност со библиските текстови; Откровението ја пренесува самата суштина и срцевина на библиската порака. Навистина, како што Откровението силно истакнува, „Живиот“ – Оној што ги победил смртта и гробот (Откровение 1,18) – никогаш нема да ги заборави своите верни следбеници; па дури и да доживеат маченичка смрт, тие се победници (Откровение 12,11)“ (Kenet A. Strend, „The Seven Heads: Do They Represent Roman Emperors?“, Symposium on Revelation – Book 2, Daniel and Revelation Committee Series (Silver Spring, Md.: Biblical Research Institute, 1992), 7. книга, стр. 206).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Кои драгоцени поуки ги научивте од сцените за отворањето на седумте печати? Како овие сцени ви покажуваат дека Бог, колку и да се приликите на Земјата лоши, и понатаму е врховен владетел, и дека на крајот ќе се исполнат сите ветувања што ги имаме во Христа?**

**2. Размислете за следната изјава: „Црквата е Божје орудие за спасување на луѓето. Таа е организирана да служи и нејзина задача е да му го објавува евангелието на светот“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 9. оригинал). Размислете за својата месна црква. Како може да биде поверна и да допре до луѓето со евангелската порака?**

**3. Изнесете го во класата својот одговор на последното прашање од отсекот за четврток. Кој може да го поднесе денот на Неговото доаѓање? Разговарајте за своите одговори околу тоа како треба да живееме денес за да се подготвиме за денот на Неговото доаѓање.**

Поука 6
Од 2 до 8 февруари 2019

# БОЖЈИОТ НАРОД Е ЗАПЕЧАТЕН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 7; 2. Петрова 3,9-14; 5. Мојсеева 8,11-17; Откровение 14,4.5.12; Откровение 17,5; Римјаните 3,19-23.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тоа се оние, кои доаѓаат од голема неволја, кои ги испраа облеките свои и ги избелија во крвта на Јагнето“ (Откровение 7,14).**

Пораката што ја објавува отворањето на седумте печати е дека секоја личност, која тврди дека верува во Христа, се соочува со благослови поради својата верност или со клетви поради својата неверност. Првите четири печати ги опишуваат Божјите дисциплински мерки со кои настојува да го разбуди својот народ од духовното мртвило и да ги направи победници. Сепак, Божјиот народ доживува неправда и угнетување во светот кој е непријателски расположен кон Евангелието. При отворањето на шестиот печат, Бог е подготвен да се соочи со оние што го повредиле Неговиот народ.

Седмата глава е вметната меѓу шестиот и седмиот печат. Шестиот печат нè доведува во Второто Христово доаѓање. Кога злите ќе се соочат со судот, седмата глава во Откровението одговара на нивното прашање за тоа кој ќе опстане во денот на Христовото доаѓање: оние кои се запечатени, 144.000.

Нивните други одлики се наведени во Откровение 14,1-5. Меѓу шестата и седмата труба исто така постои вметнат дел (Откровение 10,1–11,14). Овој дел, кој започнува со Второто големо будење и раѓање на Адвентното движење, се поклопува со истиот временски период од уводната сцена на 7. глава и се сосредоточува на искуството и задачата на Божјиот народ на последното време.

## ЗАДРЖУВАЊЕ НА ВЕТРИШТАТА

**Прочитајте Откровение 7,1-3; 2. Петрово 3,9-14. Што гледа Јован? Колку долго ангелите треба да ги задржуват ветриштата? Што ќе се случи кога запечатувањето ќе биде завршено?**

______________________________________________________________

Во Стариот завет ветриштата претставуваат разорни сили со кои Бог ги извршува судовите над злите (Еремија 23,19.20; Даниел 7,2). „Кога Божјите ангели ќе престанат да ги задржуваат страшните луѓи на човечките страсти, ќе бидат одврзани сите елементи на судирот" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 614. оригинал). Овие разорни сили се запрени од божественото дејствување додека се одвива запечатувањето на Божјиот народ.

Во древните времиња, првенственото значење на запечатувањето било сопственост над нешто. Значењето на симболичкото запечатување во Новиот завет е дека „Господ познава кои се Негови" (2. Тимотеј 2,19). Бог го препознава својот народ, кој е запечатен со Светиот Дух (Ефесјаните 1,13.14; 4,30). На крајот од времето, печатот се става на челото на Божјиот верен народ кој ги држи Неговите заповеди (Откр. 14,1.12). На нивното чело не е ставен видлив знак, туку, како што наведува Елена Вајт „утврдување во вистината, и интелектуално и духовно, така што нив (Божјиот народ) никој не може да ги поколеба" (*Настани на последните денови,* стр. 220. оригинал). Спротивно на тоа, оние што ќе му се придружат на ѕверот, го примаат неговиот жиг (Откровение 13,16.17).

Верноста на Божјиот запечатен народ е ставена на проба во секое поколение. Но, проверка на верноста во последната криза ќе биде држењето на Божјите заповеди (види: Откровение 12,17; 14,12). Посебно четвртата заповед ќе стане тест за послушност на Бога (Откровение 14,7). Како што саботата била знак за Божјиот народ во библиско време (Езекиел 20,12.20; Евреите 4,9.10), така тоа ќе биде знак за верност кон Бога во последната криза.

На крајот од времето, печатот ќе биде и како знак за заштита од разорните сили на седумте последни зла (види: Езекиел 9,1-11 како заднина на текстот во Откр. 7,1-3). Според тоа, прашањето поставено во Откровение 6,17 добива конечен одговор: во денот на Божјиот гнев ќе останат заштитени припадниците на запечатениот Божји народ.

**Павле нè опоменува да не го жалостиме Светиот Дух со кој сме запечатени (Ефесјаните 4,30). Што значи тоа? Како некој може да го ожалостува Светиот Дух? Кога ќе одговорите на ова прашање, какви одлуки можете да донесете, кои ќе ви помогнат да не Го жалостите?**

## БОЖЈИ НАРОД Е ЗАПЕЧАТЕН

**Прочитајте: Откровение 7,4-8. Колку припадници има запечатениот Божји народ? Какво е значењето на таа посебна бројка?**

Објавувањето на бројот на оние кои се запечатени го обележува крајот на запечатувањето. Јован слушнал дека нивниот број изнесува 144 000 од дванаесетте племиња од Израил. Овде не се мисли на буквален број, туку на тоа што означува. Бројот 144 000 се состои од 12 пати по 12 илјади. Дванаесет е симбол на Божјиот народ: израилските племиња и Црквата е изградена врз темел на дванаесетте апостоли (Ефесјаните 2,20). Според тоа, бројот 144 000 претставува вкупност на Божјиот народ на крајот од времето, „целиот Израел" (Евреи и незнабошци) кои се подготвени за Христовото враќање и кои ќе бидат земени за да не вкусат смрт (Римјаните 11,26; 1. Коринќаните 15,51-53).

Дванаесетте племиња, наброени во Откровение 7 глава, очигледно не се буквални, бидејќи 12. израелски племиња, кои го опфаќаат и Северното и Јужното царство, денес не постојат. Десет племиња од Северното царство биле одведени во ропство за време на асирското освојување (2. Царевите 17,6-23), кога се измешале со другите народи. Значи, 12. племиња денес не го сочинуваат јудаизмот.

Исто така, прегледот на 12. племиња од Октровение 7 глава не наликува на ниту едно од Писмото (споредете: 4. Мојсеева 1,5-15; Езекиел 48,1-29). Прво се наведува Јудиното племе (Откровение 7,5) наместо племето на Рувим (споредете: 4. Мојсеева 1,5). Потоа, племето на Дан и Ефрем, споменати во текстовите во 4. Мојсеева 1 глава и во Езекиел 48 глава, се изоставени од листата во Откровение 7 глава, а наместо нив се опфатени Јосифовото и Левиевото племе (Откровение 7,7.8). Очевидна причина за изоставувањето на Ефремовото племе, а изгледа и на Дановото, од листата во Откровение 7 глава, е тоа што овие две племиња во Стариот завет се прикажани како отпаднички и идопоклонички (1. Царевите 12,29.30; Осија 4,17).

Листата на племиња во Откровение 7 глава не е историска, туку духовна. Изоставањето на племињата на Дан и Јосиф укажува дека, поради неверноста на овие две племиња, нема да има место за нив меѓу запечатениот Божји народ. Исто така, на Црквата во Новиот завет се упатува како на 12 израелски племиња (Јаков 1,1). Дванаесетте племиња во Откровение 7 глава го претставуваат целокупниот Божји народ, и Евреите и незнабошците, кои ќе истрајат до крајот.

**Какви ветувања во Библијата Бог им дава на оние кои ќе живеат во времето на неволји?**

## ГОЛЕМОТО МНОШТВО

**Прочитајте: Откровение 7,9.10. Каква група од свети гледа Јован во овој момент. Како се опишани и од каде доаѓаат? Што изговараат гласно пред Божјиот престол?**

___

Јован гледа мноштво кое никој не може да го изброи, „кои доаѓаат од голема неволја, кои ги испраа облеките свои и ги избелија во крвта на Јагнето“ (Откр. 7,14). Односно, тие се посебен збир од луѓе кои, и покрај тоа што минале низ разни неволји, му останале верни на Христа.

Нивната верност симболички е претставена со тоа што се покриени со облеката на Неговата совршена правда. Зборот „неволја“ често се користи во Библијата за да упати на она што верниците го доживуваат поради својата вера (види: 2. Мојсеева 4,31; Псалм 9,9; Матеј 24,9; Јован 16,33; Римјаните 5,3). Според тоа, иако некои адвентистички толкувања на Писмото оваа група ја гледаат како уште една слика за 144 000, можеме да кажеме дека „големо мноштво“ се однесува на сите откупени кои низ вековите страдале поради својата вера.

Исто така, во овој опис на Јован – „мноштво народ, што никој не можеше да го преброи“ – ја воочуваме, како што гледаме во целата Библија, возвишената тема за спасение со благодат. Само Христовата правда, која им се дава со благодат, е таа што на откупените им дава право на спасение, вечен живот, ново небо и нова Земја.

„Најблизу до престолот се оние кои некогаш биле ревносни за делото на сатаната, но кои, како гламни истргнати од оган, пошле по Спасителот и го следеле со длабока, искрена преданост. Покрај нив се наоѓаат оние кои, среде измамите и неверството изградиле совршен христијански карактер, кои го почитувале Божјиот закон кога христијанскиот свет го прогласил за безвреден и безначаен, и милиони од сите времиња кои заради својата вера претрпеле маченичка смрт. А зад нив се наоѓа ’големо мноштво кое никој не може да го изброи, од сите родови, племиња, народи и јазици како стојат пред престолот и пред Јагнето, облечени во бели облеки, со палмини гранчиња во своите раце’ (Откр. 7,9). Нивната борба е завршена и извојувана е победа. Тие ја завршиле трката и ја примиле наградата. Палмовото гранче во нивните раце го означува симболот на нивната победа, а белата облека е знак на совршената Христова праведност што е нивна“ (*Големата борба*, стр. 665. ориг.).

**Да, ние сме покриени со Христовата праведност, која е дар на верата. Но, како можеме да ја одржиме таа вера и да останеме верни среде искушенијата и неволјите? Или, што е уште поважно, како ја одржуваме таа вера и верност во време на удобност и напредок? (види: 5. Мојсеева 8,11-17)**

## ОНИЕ КОИ ОДАТ ПО ЈАГНЕТО

**Прочитајте: Откровение 14,1-5. Кои се трите главни особини на светите 144 000? Каква поврзаност постои меѓу овие карактеристики и описот на светите од последното време во Откровение 14,12?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Текстот Откровение 14,4.5 претставува опис на 144.000 кои му припаѓаат на Божјиот народ на последното време, кои „кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12). Иако ја доживеале полнотата на сатанскиот гнев во последната криза, останале цврсти благодарение на блиската заедница со Исуса.

**Во светлината на Откровение 17,5, во која смисла 144 000 не се опоганиле со жени? Како чистотата на нивниот карактер е поврзана со фактот дека се откупени од земјата како „првенци на Бога“ (Откровение 14,4)?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Неморалноста е симбол за неверноста кон Бога. Откровение 17,5 зборува за блудницата на последното време, Вавилон и нејзините ќерки, со кои сите луѓе на овој свет ќе прават блуд (види: Откровение 18,3). Но, 144 000 ќе му останат верни на Христа и ќе се спротивстават на паганскиот однос со Вавилон и отпаднатите цркви. Според тоа, 144 000 „одат по Јагнето, каде и да оди“ (Откровение 14,4).

Групата од 144 000 и понатаму се опишува како онаа која е „откупена меѓу луѓето“ како „првенци на Бога и на Јагнето“ (Откровение 14,4). Во стариот Израел, првина биле најдобрите плодови на жетвата што му се принесувале на Бога (4. Мојсеева 18,12). Зборот „првина“ може да се однесува на спасениот народ, како таков кој се разликува од луѓето во светот (Јаков 1,18), но во Откровение јасно се кажува дека 144 000 се посебна група, бидејќи ќе бидат земени за да не вкусат смрт (1. Коринќаните 15,50-52). Според тоа, тие се првина на една поголема жетва – на спасените низ сите векови (види: Откровение 14,14-16).

**На кои начини можеме, дури и несвесно, да дојдеме во опасност да правиме духовна блуд? Зошто се залажуваме себеси ако сметаме дека не сме во таква опасност?**

## СПАСЕНИЕ ВО НАШИОТ БОГ И ЈАГНЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,5; 2. Петрово 3,14; Јуда 24,25. Откровението го опишува Божјиот народ на последното време како народ „без мана“. Како може да се постигне таквата состојба?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Последната карактеристика на 144 000 е дека „лага не се најде во нивната уста; тие се непорочни“ пред престолот Божји (Откровение 14,5). Додека луѓето на овој свет бираат да веруваат во лагите на сатаната, Божјиот народ на последното време ќе ја прими љубовта на вистината за да се спаси (2. Солуњаните 2,10.11).

Изразот „без мана“ (на грчки *amōmos*, „непорочен“) се однесува на верноста на 144 000 во Христа. Во Библијата, Божјиот народ се нарекува свет (3. Мојсеева 19,2; 1. Петрово 2,9). Аврам (1. Мојсеева 17,1) и Јов (За Јов 1,1) биле чесни и праведни. Христијаните се повикани да бидат свети и без мана пред Бога (Ефесјаните 5,27; Филипјаните 2,15).

**Прочитајте: Римјаните 3,19-23. Зошто мораме оваа важна вистина секогаш да ја имаме на ум?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во завршните денови од историјата на овој свет, 144 000 ќе го одразуваат Христовиот карактер. Нивното спасение ќе го одрази она што Христос го направил за нив, а не нивната светост или дела (види: Ефесјаните 2,8-10). Тие ја испрале својата облека и избелиле во крвта на Јагнето (Откровение 7,14), и како такви, најдени се „чисти и прави“ пред Бога (2. Петрово 3,14)

„Треба да бидеме облагородени, очистени од секаква световност, додека не почнеме да го одразуваме ликот на својот Спасител и не станеме ’учесници во божествената природа’...

Кога животната борба ќе заврши, кога оружјето ќе се положи пред Исусовите нозе, кога Божјите свети ќе бидат прославени, само тогаш ќе можеме со сигурност да тврдиме дека сме спасени и без грев“ (Elen Vajt, *Selected Messages*, 3. книга, стр. 355).

**Како можеме да живееме посветен живот, активно подготвувајќи се за вечноста, а сепак да не паднеме во стапицата на перфекционизмот и фанатичната светост?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Идентитетот на 144 000 е прашање за кое жестоко се расправа. Она што се чини очигледно во Откровението е дека 144 000 е последното поколение на Божјиот народ во завршните денови од овоземната историја. Знаеме дека ќе поминат низ времето на неволји, дека ќе бидат заштитени од седумте последни зла (види: Псалм 91,7-16; Откровение 7,15-17) и дека нивната верност ќе биде ставена на проверка како ниту на едно поколение во минатото.

Не ни е откриено кој точно ќе биде во таа група. Нивниот идентитет е една од тајните кои Бог ги задржал за Себе (5. Мојсеева 29,29). Само иднината ќе ни открие кој ќе биде дел од таа група спасени свети. Во врска со оваа тајна, дадена ни е и опомената:

„Христос вели дека во Црквата ќе има такви кои ќе изнесуваат приказни и претпоставки, иако Бог ни дал возвишени вистини кои го воздигнуваат и облагородуваат и кои секогаш треба да ги чуваме во ризниците на нашиот ум. Кога луѓето ќе усвојат различни теории, кога се љубопитни да дознаат нешто што не е неопходно да го знаат, Бог нема да ги води. Не е негов план народот да изнесува нешто што мора да го претпоставува, што не е кажано во Речта. Не е негова волја да влегуваат во судири околу прашања кои нема духовно да им помогнат, како, на пример: Кој спаѓа во овие 144 000? Оние што Бог ќе ги избере, за кратко време тоа несомнено ќе го дознаат (Elen Vajt, *Selected Messages*, 1. книга, стр. 174).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за следниот совет: „Со сите сили што Бог ни ги дал треба да се трудиме да бидеме меѓу 144 000 (Elen Vajt, The SDA Bible Commentary, 7. книга, стр. 970). Како можете да ги примените овие зборови во практичниот живот? Како тоа настојување влијае на вашите секојдневни одлуки?**

**2. Важно обележје на 144 000 свети на последното време е пеењето нова песна. Тоа е песна која никој друг не може да ја пее освен оние 144 000, бидејќи тоа е песна на искуство – какво ниту една група луѓе во историјата не го доживеала (Откровение 14,3.4; 15,2.3). Кога размислувате за својот живот, како вашето сегашно духовно чекорење ја одразува песната на новото искуство со Бога? Или вашиот живот ги одразува старите искуства на Божјето дејствување во вашиот живот, без сегашна посветеност? Какви промени можете да направите токму сега за повторно да му го посветите својот живот Нему?**

**3. Каква е разликата меѓу знаењето за Христа и вистинското познавање на Христос? Ако некој ве запраша: „Каков е Христос“?, што би му одговориле и зошто?**

**Поука 7**
**Од 9 до 15 февруари 2019**

# ДА СЕ БИДЕ ЧЕСЕН ПРЕД БОГА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 8,1-13; 4. Мојсеева 10,8-10; Езекиел 10,2; Откровение 10,1-11; Даниел 12,6.7; Откровение 11,1-13; 3. Мојсеева 16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Туку во деновите на гласот на седмиот ангел, кога ќе затруби, ќе се исполни Божјата тајна, како што им проповедаше на своите слуги - пророците!“ (Откровение 10,7).**

Во сцената на петтиот печат видовме дека плачот на Божјиот поробен народ го одразува плачот на верниците од сите векови. Овие верни се прикажани како души под олтарот, кои копнеат по Бога за правда и одмазда, зборувајќи: „До кога, свет и вистински Господару?“ (Откровение 6,10) Гласот од Небото им зборува да чекаат, бидејќи се ближи денот кога Бог ќе им суди на оние што му направиле лошо. Текстот Откровение 6,15-17 го прикажува Исуса како се враќа на Земјата и донесува суд за оние што им правеле лошо на Неговите верни следбеници.

Сцената со петтиот печат претставува искуство на Божјиот напатен народ низ историјата, од времето на Авела до моментот кога Бог конечно ќе изрече суд и ќе ја „одмазди крвта на Своите следбеници“ (Откровение 19,2). Божјиот народ што страда, мора да остане цврст и да верува дека Бог ќе ги слушне молитвите на својот народ. Видението за седумте труби покажува дека низ историјата Бог веќе дејствувал во полза на својот поробен народ и им судел на оние што му нанеле зло. Целта на седумте труби е да се увери Божјиот народ дека Небото не е рамнодушно кон нивното страдање.

## МОЛИТВИТЕ НА СВЕТИТЕ

Осмата глава од Откровението започнува со сликата на седумте ангели кои стојат пред Бога, подготвени да почнат да дуваат во трубите. Пред да затрубат трубите, вметната е уште една сцена. Целта е да се објасни теолошкото значење на трубите.

Прочитајте го текстот Откровение 8,3.4, заедно со следниот опис на секојдневната служба во Храмот во Ерусалим: еврејскиот коментар на Библијата објаснува дека за време на вечерната жртва јагнето било ставано врз олтарот на кој се палела жртвата, и дека крвта била попрскана во подножјето на олтарот. Одреден свештеник во Храмот ја внесувал златната кадилница и принесувал темјан на златниот олтар во Светињата. Кога свештеникот излегувал, тој ја фрлал кадилницата на подот, предизвикувајќи голема бука. Во тој момент седумте свештеници почнувале да дуваат во трубите, означувајќи го крајот на службата во Храмот за тој ден.

Можеме да забележиме дека во Откровение 8,3-5 е употребен јазикот на вечерната служба. Значајно е тоа што ангелот прима темјан на „златниот жртвеник, пред престолот“ (Откровение 8,3). Бидејќи темјанот ги претставува молитвите на Божјиот народ (Откровение 5,8), тоа значи дека Бог сега одговара на нивните молитви.

Од текстот во Откровение 8,3-8 дознаваме важни подробности во врска со трубите во Откровението:

а) Седумте труби се Божјите судови над побунетиот човечки род и одговор на молитвите на утнетуваниот народ.

б) Трубите се јавуваат по смртта на Исус како Јагне и траат натаму низ историјата до Второто доаѓање (види: Откровение 11,15-18).

**Прочитајте: Откровение 8,5; Езекиел 10,2. Како видението на Езекиел за огнот кој е излеан врз отпадничкиот Ерусалим ја објаснува природата на трубите во Откровението?**

___

Ангелот ја полни кадилницата со оган од олтарот и ја фрла на Земјата. Значајно е тоа што огнот потекнува токму од оној олтар на кој се принесени молитвите на светите. Фактот дека огнот потекнува токму од истиот олтар покажува дека судовите на седумте труби ги погодуваат жителите на Земјата како одговор на молитвите на Божјиот народ и дека Бог ќе дејствува во нивна полза во одредено време. Фрлањето на кадилницата исто така може да биде опомена дека Христовото посредување нема да трае засекогаш. Времето на проверка ќе се оконча (види: Откровение 22,11.12).

# ЗНАЧЕЊЕТО НА ТРУБИТЕ

Прикажувајќи го Божјето посредување во полза на Својот народ, Откровението ја користи сликата на труби од Стариот завет. Трубите претставувале важен дел од секојдневниот живот на стариот Израел (види: 4. Мојсеева 10,8-10; 2. Дневникот 13,14.15). Нивниот звук го потсетувал народот на службата во Храмот; во трубите се дувало и во битките, при жетва и за време на празниците.

Дувањето во труби било поврзано со молитвата. Во текот на службата во Храмот или за време на празниците, трубите „го потсетувале“ Бога на Неговиот завет со народот. Исто така, тие ги потсетувале луѓето да се подготват за „Господовиот ден“ (Јоил 2,1). Звукот на труба во време на битка давал важни упатства и предупредувања, и го повикувал Бога да го спаси својот народ. Оваа слика претставува заднина за извештајот за трубите во Откровението.

**Кој е предмет на судот на седумте труби? Откровение 8,13; 9,4.20.21.**

Настаните придвижени со трубите во Откровението го означуваат Божјето дејствување во историјата како одговор на молитвите на својот народ. Додека печатите првенствено се однесуваат на оние кои се изјаснуваат дека се припадници на Божјиот народ, трубите ги најавуваат судовите против жителите на Земјата (Откровение 8,13). Тие истовремено претставуваат опомени на оние кои живеат на Земјата со цел да ги доведат на покајание додека не е предоцна.

Седумте труби ги опфаќаат настаните од времето на Јов до крајот на овоземната историја (Откровение 11,15-18). Во нив се труби додека на Небото се одвива посредување (Откровение 8,3-6) и додека Евангелието се проповеда на Земјата (Откровение 10,8-11,14). Судовите на трубите се делумни; тие влијаат само на третина од делата на создавањето. Седмата труба најавува дека дошло време Бог да го преземе своето праведно владеење. Седумте труби се однесуваат отприлика на истиот период со седумте цркви и седумте печати:

а) Првите две труби ги најавуваат судовите над народите што го распнале Христа и ја прогонувале Раната црква: побунетиот Ерусалим и Римското царство

б) Третата и четвртата труба го прикажуваат небесниот суд над отпадот на Христијанската црква во Средниот век.

в) Петтата и шестата труба ги опишуваат завојуваните страни во религискиот свет во текот на доцниот Среден век и периодот по Реформацијата. Овие периоди се карактеристични по сè поголемата демонска активност, која конечно ќе го вовлече светот во Армагедонската битка.

**Историјата, без сомнение, е крвава и полна со болка и тага. Како оваа тажна стварност може да ни помогне да сфатиме колку е возвишено она што ни е ветено во Исуса?**

## АНГЕЛОТ СО ОТВОРЕНАТА КНИГА

Шестата труба нѐ носи во времето на крајот. Што треба да направи Божјиот народ во тоа време? Пред да се огласи седмата труба, вметнат е еден дел, кој ја објаснува задачата и искуството на Божјиот народ на крајот од времето.

**Прочитајте: Откровение 10,1-4. Што се случува во овој стих?**

__________________________________________________________________

„Моќниот ангел што му ги давал упатствата на Јован не бил никој друг туку Исус Христос“ (Elen Vajt, *The SDA Bible Commmentary*, 7. книга, стр. 971). Тој ги поставува своите стапала на морето и земјата, што го означува Неговото сеопфатно владеење и дека тоа што ќе го објави има значење за целиот свет. Тој зборува громогласно, како лав кога рика. Рикот на лавот симболички го претставува Божјиот глас (види: Осија 11,10; Откровение 5,5).

На Јован не му е дозволено да забележи што рекле громовите. Постојат подробности поврзани со иднината, која Бог не ни ја открил преку Јована.

**Прочитајте Откровение 10,5-7. Споредете го овој текст со стиховите од Даниел 12,6.7. Кои зборови им се заеднички?**

Кога ангелот изговара „дека не ќе има веќе време“ (Откр. 10,6), грчкиот збор *chronos* посочува дека тој мисли на временски период. Ова нѐ упатува на текстот во Даниел 12,6.7 во кој ангелот изјавува дека прогонството на светите ќе трае едно време, две времиња и половина време, или 1260 години (538 – 1798), кога Црквата била прогонета од страна на папството (споредете: Даниел 7,25). Бидејќи пророчки „ден“ во Книгата на пророкот Даниел и Откровението симболички претставува една година (4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6), 360 „дена“ изнесуваат 360 години, а три и пол времиња (или „години“) изнесува 1260 „денови“ или години. Некое време по овој пророчки период, ќе настапи крајот.

Изјавата дека време повеќе нема да има, се однесува на временските пророштва од Книгата на пророк Даниел, посебно на 2300 пророчки денови во Даниел 8,14 (457 г. пр.н.е – 1884). По ова време нема да има пророчки периоди. Елена Вајт вели: „Ова време, кое ангелот го објавува со свечена заклетва, е... пророчко време, кое треба да му претходи на доаѓањето на нашиот Господ. Тоа значи дека луѓето нема да ја забележат другата порака со јасни временски одредници. По ова време, меѓу 1842 и 1844 година, веќе нема да постои јасно зацртано пророчко време. Најдолгото пресметување допира до есента 1844“ (*The SDA Bible Commentary*, 7. книга, стр. 971).

**Што ни кажува оваа изјава на Елена Вајт за тоа зошто мораме да го избегнуваме секое идно одредување на датумот?**

## ЈАДЕЊЕ НА КНИГАТА

**Прочитајте: Откровение 10,8-11. Јадењето во Библијата означува примање на пораката од Бога која треба да им се објави на луѓето (види: Езекиел 2,8-1,11; Еремија 15,16). Кога се прима, пораката претставува радосна вест; но кога се објавува, понекогаш внесува горчина бидејќи мнозина ѝ се противат и ја отфрлаат.**

Јовановото горко-слатко искуство при јадењето на книгата (Книгата на пророк Даниел) е поврзано со отпечатувањето на Даниеловите пророштва за последното време. Јован овде ја прикажува Црквата на остатокот, која примила налог да го објавува вечното Евангелие (види: Откровение 14,6.7) на крајот од Даниеловото временско пророштво (Даниел 7,25) или 1260 денови/години.

Контекстот навестува дека Јовановото видение укажува на уште едно горко-слатко искуство на крајот од пророчкиот период од 2300 години. Кога, врз основа на пророштвата на Даниел, Милеритите сметале дека Христос ќе се врати во 1844 година, пораката била слатка. Но, кога Христос не се појавил како што очекувале, тие искусиле горчливо разочарување и почнале да го истражуваат Писмото за да стекнат појасно разбирање.

Налогот даден на Јован повторно да биде пророк во светот, упатува на христијани адвентисти кои ја држат саботата, подигнати да ја објавуваат веста за Второто доаѓање поврзана со пророштвата од Книгата на пророк Даниел и Откровението.

**Што му било наложено на Јован да направи? Откровение 11,1.2.**

Во овој текст продолжена е сцената од Октровение 10 глава. На Јован му било наложено да ја измери Божјата црква, олтарот и оние што се поклонуваат во неа. Идејата за мерење во Библијата сликовито го прикажува судот (види: Матеј 7,2). Црквата, која треба да се измери, е на Небото, каде што Исус извршува служба за нас. Споменувањето на црквата, олтарот и оние што се поклонуваат укажува на Денот на помирување (види: 3. Мојс. 16,16-19). Овој ден бил ден на „мерење“, зашто Бог му судел својот народ за сторените гревови. Според тоа, Откровение 11,1 се однесува на судот што ќе се одигра пред второто Христово доаѓање. Овој суд се однесува исклучиво на Божјиот народ – оние кои се поклонуваат во црквата.

Текстот Откровение 11,1 покажува дека пораката на небесното Светилиште лежи во центарот на конечното објавување на Евангелието, кое вклучува оправдување на Божјиот карактер. Како таква, во потполност ја прикажува евангелската порака во врска со Христовото дело на помирување и Неговата праведност како единствено средство за спасение на човечките суштества.

**Имајќи ја на ум централната улога што ја имала крвта во обредот на Денот на помирувањето (види: 3. Мојсеева 16), како секогаш пред себе можеме да ја имаме мислата дека судот е добра вест? Зошто вистината е толку важна?**

## ДВАЈЦА СВЕДОЦИ

**Прочитајте: Откровение 11, 3-6. На кои начини двајцата сведоци ги прикажуваат Зоровавела и Исуса во нивната царска и свештеничка улога? Види: Захарија 4,2.3.11-14.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Поимот двајца сведоци потекнува од еврејскиот правен систем, кој бара присуство на најмалку двајца сведоци за да се потврди вистината (Јован 8,17). Двајцата сведоци ја претставуваат Библијата – Стариот и Новиот завет. Тие не можат да се разделат. Божјиот народ е повикан да му ја објавува целата библиска порака на светот – „волјата Божја“ (Дела 20,27).

Сведоците се прикажани како пророкуваат во кострет во текот на пророчкиот период од 1260 денови/години (538-1798). Кострет е таговна облека (1. Мојсеева 37,34); упатува на тешкото време кога библиските вистини биле скриени и потиснати од човечките обичаи.

**Со свои зборови опишете што се им случило на двајцата сведоци на крајот од пророчките 1260 денови/години? Откровение 11,7-13.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Ѕверот што ги убива двајцата сведоци излегува од самото живеалиште на сатаната. Ова убивање на сведоците, во историска смисла, се однесува на нападот на атеизмот на Библијата и укинувањето на религијата, што е поврзано со настаните од Француската револуција. Антирелигискиот систем воспоставен во Франција поседувал морална деградација на Содом, атеистичката горделивост на Египет и бунтовничкиот дух на Ерусалим. Тоа што му се случило на Исус во Ерусалим, сега ѝ се случува на Библијата поради овој антирелигиски систем.

Воскресението на сведоците укажува на големото разбудено интересирање за Библијата по Француската револуција, што довело до појавување на Второто адвентно движење и обновување на библиската вистина, основање на Библиски друштва и ширење на Библијата во целиот свет.

Токму пред крајот, светот ќе биде сведок на конечното сеопшто објавување на Библијата (Откровение 18,1-4). Оваа последна порака ќе предизвика спротивставување зајакнато од демонските сили, кои ќе прават чуда со намера да го измамат светот и да ги вовлечат оние што му се поклонуваат на ѕверот во конечната битка против Божјите верни сведоци (види: Откровение 16,13-16; 14,12).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Седмата труба (Откровение 11,15-18) го означува крајот на овоземната историја. Дошло време Бог да ја открие својата сила и власт. Оваа бунтовничка планета, која илјадници години била под власта на сатаната, се враќа под Божјата управа и владеење. По смртта на крстот и по своето вознесение на Небото, Христос е прогласен за законски владетел на Земјата (Откровение 12,10.11). Сатаната продолжува да пустоши сѐ што може, знаејќи дека има малку време (Откровение 12,12). Седмата труба објавува дека непријателските сили се победени и дека овој свет конечно е под Христовото праведно владеење.

Седмата труба во кратки црти ја изнесува содржината на остатокот од книгата: *1) Народите (незнабошците) се разгневија:* Откровение 12-14 го опишува сатаната кој е исполнет со гнев (Откровение 12,17), кој со своите двајца сојузници – ѕверот од морето и ѕверот од земјата – ги подготвува народите на светот за борба против Божјиот народ. *2) дојде Твојот гнев:* Бог одговара на лутината на народот со седумте последни зла, на кои се упатува како на Божји гнев (види: Откровение 15,1). *3) Времето да им се суди на мртвите:* е опишано во текстот во Откровение 20,11-15. *4) да им се даде награда на Твоите слуги:* прикажано е во Откровение 21 и 22 глава. *5) и да ги уништиш оние, кои ја расипуваа земјата:* Откровение 19,2 тврди дека на Вавилон на последното време му се суди бидејќи ја уништил Земјата. Уништувањето на сатаната, неговите војски и двајцата сојузници е последниот чин на драмата на големата борба (Откровение 19,11-20,15).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Понекогаш проповедањето на Евангелието може да биде горчливо искуство (Откровение 10,10); нашите зборови се отфрлени, исмеани, а и ние лично можеме да бидеме отфрлени или исмеани. Понекогаш проповедањето предизвикува и противење. На кои библиски личности можете да се сетите, кои се соочиле со такви искушенија и што можеме да научиме од нивното искуство?**

**2. Размислувајте за следната изјава: „Постојано одново примам опомени во врска со одредување на датуми. На Божјиот народ повеќе никогаш нема да му биде дадена порака која се темели на време. Не е наше да го знаеме точното време на излевање на Светиот Дух или на Христовото доаѓање“ (Elen Vajt, Selected Messages, 1. книга, стр. 188) Какви проблеми забележувате во врска со исцртувањето на премногу детални пророчки табели за последните настани по 1844? Како можеме да се заштитиме од стапиците што тие ги носат?**

Поука 8
Од 16 до 22 февруари 2019

# САТАНАТА, ПОРАЗЕН НЕПРИЈАТЕЛ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12; 1. Мојсеева 3,15; Исаија 14,12-15; Даниел 7,23-25; 2. Солуњаните 2,8-12; Откровение 13,13.14; Откровение 19,20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И тие го победија заради крвта на Јагнето и заради словото на своето сведоштво, и не го засакаа својот живот, дури и до смртта“ (Откровение 12,11).**

Текстот во Откровение од 12 до 14 глава нè подготвува за делот од книгата кој зборува за последното време. Додека првиот дел од Откровението ја опишува духовната борба на Црквата во непријателскиот свет во христијанската ера, вториот дел се сосредоточува на настаните кои водат до Второто Христово доаѓање и Божјето царство.

Целта на 12 глава е да се прикаже големата слика која се крие зад конечната криза на светската историја. Ни го покажува развојот на големата борба меѓу Христа и сатаната низ историјата.

Во книгата Откровение сатаната е заколнат непријател на Бога и на Неговиот народ. Неговото постоење е вистинско и тој стои зад сето зло и бунт во универзумот. Тој знае дека неговата последната прилика е да постигне успех во борбата против Бога пред Второто доаѓање за да победи во Армагедонската битка. Според тоа, тој сите свои сили ги вложува во подготовката за тој настан.

Целта на 12 глава е да го увери Божјиот народ дека сатаната нема да успее. Исто така, тоа претставува опомена дека сатаната е решителен во намерата да поведе војна против Божјата Црква на остатокот на последното време и дека единствена надеж и сила за победа можат да најдат во Христа.

# ЖЕНАТА И ЛАМЈАТА

**Прочитајте: Откровение 12,1-4. Во видението на Јован се покажале два големи знака. Првиот е трудна жена со Дете, а вториот е ламја. Која е оваа жена и што учат овие стихови?**

____________________________________________________________________

Жената во Библијата е симбол на Божјиот народ (2. Коринќ. 11,2): честита жена која ги претставува предадените верници, а блудницата отпаднатите христијани. Жената во 12 глава на Откровение прво го симболизира Израел, на кого Месија му се јавил (Откровение 12,1-5), а во текстот од 13. до 17. стих вистинската Црква од која се раѓа остатокот.

Оваа жена е облечена во сонце, а месечината стои под нејзините нозе. Сонцето во Библијата е славата на Христовиот карактер и Неговата праведност (Малахија 4,2). Тој е „Јас Сум Светлината на светот" (Јован 8,12) и Неговиот народ треба да ја отсјајува светлината на Божјиот карактер полн со љубов (Матеј 5,14-16). Месечината како „послабо светло" (1. Мојсеева 1,16) укажува на старозаветните ветувања кои го навестуваат Христовото дело во евангелската ера.

Следниот симболички знак кој Јован го забележал во видението е големата црвена ламја. Таа подоцна е поистоветена со „старата змија, наречена ѓавол и сатана" (Откр. 12,9). Во текстот е кажано дека со својата опашка одвлекла третина ѕвезди од небото на Земјата. Симболички, опашката е орудие на измама (Исаија 9,14.15; Откр. 9,10). Откако паднал од својата возвишена положба на Небото (Исаија 14,12-15), сатаната измамил третина од ангелите. Овие паднати ангели се демони кои му помагаат на ѓаволот во спротивставувањето на Бога и Неговото дело на спасение (види: 1. Тимотеј 4,1). Во Откровението ламјата е опишана со „седум глави и десет рогови", а исто така се користи и како симбол за сатанските орудија во светот – незнабожечкиот Рим (Откр. 12,4) и спиритизмот (Откр. 16, 13). „Пророчкиот синџир во кој се наоѓаат сите симболи почнува во Откровение 12. глава со ламја која сакала да го убие Христа кога се родил. Сатаната е ламја (Откр. 12,9), зашто тој Ирода го поттикнувал да го убие Спасителот. Негово главно оружје со кое во првите векови на христијанскиот период војувал против Христа и против неговиот народ било римското царство со неговата претежно многубожечка религија. И додека ламјата, во првиот стих, го претставува сатаната, таа, во поширока смисла, е и симбол на многубожечкиот Рим" (*Големата борба,* стр. 438. ориг.).

**Прочитајте: Откровение 12,9. Сатаната е наречен „старата змија". Каква поврзаност постои меѓу текстот во 1. Мојсеева 3,15 и обидот на ламјата да го уништи семето на жената „кога ќе се роди" (Откр. 12,4)?**

Уште од самиот почеток сатаната го чекал раѓањето на Месија-Детето за да го усмрти. Кога Месија конечно се родил, сатаната го употребил многубожечкиот Рим (исто така претставен со ламјата, Откровение 12,4), во обидот да го уништи (види: Матеј 2,13-16). Но, „нејзиното Дете беше однесено при Бога и при Неговиот престол" (Откровение 12,5).

## САТАНАТА Е ФРЛЕН НА ЗЕМЈАТА

**Прочитајте го текстот во Откровение 12,7-9 во кој се зборува за војната на Небото. Каква била природата на таа војна која се завршила со протерување на сатаната од Небото?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Сатаната бил исфрлен од Небото на почетокот од големата борба, кога се побунил против Божјето владеење. Сакал да го приграби небесниот престол за себе и да се изедначи со „Севишниот“ (Исаија 14,12-15). Отворено се побунил против Бога, но бил поразен и протеран на Земјата. Меѓутоа, откако ги излажал Адама и Ева, сатаната ја презел Адамовата власт над овој свет (Лука 4,6). Како самопрогласен владетел на овој свет (Јован 12,31), тој барал право да присуствува на небесниот совет како претставник на Земјата (За Јов 1,6-12). Но, од поразот на крстот, движењето на сатаната и неговите паднати ангели е ограничено на Земјата како зандана, додека не ја примат својата казна (2. Петрово 2,4; Јуда 1,6).

Исус со својата смрт го откупил она што било изгубено, а вистинскиот карактер на сатаната е откриен пред универзумот. „Сатаната увидел дека неговата лага е разобличена. Пред безгрешните ангели и пред вселената е откриено неговото владеење. Се открил себеси како убиец. Пролевајќи ја крвта на Божјиот Син, загубил секаква наклоност кај небесните суштества. Од сега неговото дејствување е ограничено” (*Копнежот на вековите,* стр. 761. оригинал). Пред сета вселена владеењето над Земјата било префрлено од сатаната на Исуса, кој бил прогласен за законски владетел над Земјата (Ефесјаните 1,20-22; Филипјаните 2,9-11).

Исус овој настан го прорекол со следните зборови: „Сега е судот на овој свет. Сега кнезот на светов ќе биде исфрлен надвор“ (Јован 12,31).

Со оваа пресуда над сатаната, „дојде спасението и Царството на нашиот Бог и власта на Неговиот Помазаник“ (Откровение12,10). Сатаната сè уште има ограничена сила да го повредува Божјиот народ на Земјата, но сфаќа дека „му преостанува уште само малку време!“ (Откровение 12,12). Меѓутоа, иако неговото време е навистина „кратко“, тој прави сè што може за да предизвика болка, страдање и пропаст овде на Земјата.

**Каква поука ни дава текстот во Откровение 12,11 за тоа како да се одбраниме од ѓаволот? (Види: Ефесјаните 6,10-18).**

## ВОЈНА НА ЗЕМЈАТА

**Прочитајте: Откровение 12,13.14. Откако е исфрлен од Небото, сатаната го продолжува својот напад на Црквата во текот на пророчките 1260 денови/години. Како Бог бил вклучен во животот на Црквата во тој период?**

„Протерувањето на сатаната како клеветник на своите браќа на Небото, било извршено благодарение на возвишеното Христово дело – со предавање на сопствениот живот. Наспроти постојаното непријателство на сатаната, планот на откупување е остварен... Сатаната, знаејќи дека царството што го приграбил на крајот ќе му биде одземено, одлучил да не штеди средства во својата намера да уништи што повеќе битија што Бог ги создал според својот лик. Тој го мрази човекот бидејќи Христос кон него покажал милост и љубов која проштава. Затоа тој сега се приготвува да ја изведе секоја можна измама само човекот да биде изгубен; тој продолжил да дејствува со уште поголема енергија поради својата безнадежна состојба“ (Елена Вајт, *The Spirit of Prophecy*, 3. кн., стр. 194.195).

Сатаната, несомнено, го продолжува своето дејствување на Земјата излевајќи ја својата лутина врз предметот на големата Христова љубов на Земјата – Црквата. Меѓутоа, Црквата ужива божествена заштита во осамените пусти места на Земјата во текот на пророчкиот период од 1260 денови/години.

Времето на прогонство од страна на сатаната се споменува два пати во 12 глава во Откровението, кога се зборува за 1260 денови/години (Откровение 12,6) и „време, две времиња и половина време“ (Откровение 12,14). Двата временски периоди се однесуваат на траењето на прогонството од страна на малиот рог, споменат во Даниел 7,23-25. Во Библијата, пророчките денови симболизираат години. Времето во историјата кој одговора на овој пророчки период е периодот помеѓу 538 и 1798 година, кога Римокатоличката црква, како црковно-државна сила , владеела со Западниот свет до 1798 година, кога Наполеоновиот генерал Бертје, иако привремено, ја сопрел римската угнетувачка сила.

За време овој долг период на прогонство, ламјата од својата уста испушта вода како река за да ја уништи жената. Водите ги претставуваат луѓето и народите (Откровение 17,15). Рим ги испраќа војските и народите против Божјот верен народ во текот на тој период. Пред крајот на овој пророчки период, пријателската земја ги голта водите и ја спасува жената, пружајќи ѝ сигурна заштита. Оваа слика укажува на засолништето кое Америка го пружила со својата верска слобода (Откровение 12,16).

**Размислете само колку траело прогонството: 1260 години. Што ни кажува овој факт за тоа колку сме ограничени во разбирањето зошто за нешто, како што е Христовото враќање, треба толку многу време, барем од наша гледна точка?**

## ВОЈНА ПРОТИВ ОСТАТОКОТ

**Прочитајте: Откровение 12,17. Против кого сатаната на крајот од времето стапува во војна?**

_______________________________________________________________

Зборот остаток ги опишува оние што му остануваат верни на Бога додека повеќето заминуваат во отпад (1. Царевите 19,18; Откровение 2,24). Голем број луѓе во светот на крајот од времето ќе застанат на страна на сатаната, но една група што Бог ја подигнал по 1798 година ќе му остане верни на Христа, и покрај големиот гнев на сатаната.

**Кои две особини на остатокот се забележани во Откровение 12,17? Како некој може да биде сигурен дека припаѓа на Божјиот остаток на последното време?**

_______________________________________________________________

Остатокот на последното време ги држи Божјите заповеди. Тринаесеттата глава од Откровение покажува дека првата плоча од Декалогот ќе биде во центарот на конфликтите од последното време. Клучниот елемент на првите четири заповеди е поклонувањето. Главното прашање во конечната криза е на кого треба да му се поклонуваме. Додека луѓето во светот ќе изберат да се поклонуваат на иконата на ѕверот, остатокот ќе му се поклонува на Бог Создателот (Откровение 14,7). Четвртата заповед, за саботата, јасно укажува на Бога како на наш Создател, што е една од причините зошто саботата ќе одигра пресудна улога во конечната криза на крајот од времето.

Исто така, друго обележје на остатокот од последното време е дека „го имаат сведоштвото Исусово“, што според текстот Откровение 19,10 е „духот на пророштвото“. Споредувањето на овој стих со текстот Откровение 22,9 гледаме дека Јовановите „браќа“, кои го имаат сведоштвото Исусово, се пророци. Според тоа, „сведоштвото Исусово“ се однесува на Исуса, кој сведочи за вистината преку своите пророци, како што тоа го правел преку Јован (Откровение 1,2). Откровение покажува дека Божјиот народ на крајот од времето ќе го има „духот на пророштвото“ во својата средина, за да ги води низ тешките времиња, бидејќи сатаната ќе ги вложи сите свои сили за да ги излаже и да ги уништи. Нам, како христијани адвентисти, тој дар ни е даден како пророчки увид во службата и списите на Елена Вајт.

**Кој е еден од најневеројатните увиди дадени преку „духот на пророштвото“? Какви обврски ни носи наметнува тој дар, и како поединци и како Црква?**

## СТРАТЕГИЈАТА НА САТАНАТА НА КРАЈОТ ОД ВРЕМЕТО

Откровение 12,17 означува промена во стратегијата на сатаната, додека се обидува да ги придобие луѓето на овој свет и да ги измами Христовите верни следбеници. Во текот на целокупната христијанска историја тој се спротивставува на Божјото дело на спасение, првенствено со помош на компромисите внатре во црквата и преку присила и прогонството надвор од неа. Историјата покажува дека оваа стратегија, иако успешна многу векови, се спротивставиле Реформацијата и постепеното повторно откривање на библиските вистини од страна на Божјиот народ. Но, бидејќи сатаната сфаќа дека времето истекува, тој ги засилува своите напори и „тргна во војна против" Божјиот остаток на последното време (Откр. 12,17). Неговите напади врз остатокот ќе опфатат голема измама. Ѓаволските духови ќе прават чуда и ќе вршат спиритистички дела (Откр. 16,14). Оваа промена во стратегијата на сатаната одговара на преминот од сосредоточеност на историјата кон сосредоточеност на последното време (Матеј 24,24).

Значајно е да се забележи дека зборот *мами* (или во некои преводи лаже, заведува, заблудува; заб. прев.) често се јавува во текстот Откровение 12. - 20. глава кога се опишува дејствувањето на сатаната на крајот од времето. Описот на активностите на сатаната на крајот од времето почнува (Откровение 12,9) и завршува (Откровение 20,7-10) со зборот *мами*.

**Прочитајте 2. Солуњаните 2,8-12; Откровение 13,13.14; Откровение 19,20. Каква е природата на измамата на сатаната на крајот од времето?**

Текстот во Откровение од 12 до 20 глава го прикажува сатаната кој настојува да ги придобие светските сојузници. Тој користи верско-политичка сила, како и политички сили, за да ја изврши својата работа: паганскиот Рим е претставен со змев (Откровение 12,4.5); потоа сила, симболички претставена како ѕвер од морето (Откровение 12,6.15; Откровение 13,1-8); и конечно, сила со која симболички е претставен ѕверот од земјата (Откровение 13,11). Во остатокот од книгата, членовите на овој троен сатански сојуз – паганизам/спиритизам – змевот; Римокатоличката црква – ѕверот од морето; и отпаднатиот протестантизам – ѕверот сличен на јагне или ѕверот од земјата – се обединети неразделно во спротивставувањето на Божјето дејствување во светот. Тие со здружени сили настојуваат да ги излажат луѓето, за да ги одвратат од Бога и да ги доведат на страната на сатаната во битката „во оној голем ден на Бог Седржителот" (Откр. 16,13.14). Овие лажни системи ќе бидат уништени за време на Второто доаѓање (Откровение 9,20), додека змевот, ѓаволот кој дејствува преку овие земни сили (Откр. 12,9), ќе бидат уништени на крајот од илјада години (Откр. 20,10). Откровението покажува дека измамата на последното време ќе биде толку голема што повеќето луѓе ќе го изберат патот на уништувањето (Матеј 7,13).

**Два пати во Откровението се упатува повик за мудрост и духовна проникливост да се воочи измамничкиот карактер на активностите на сатаната на крајот од времето и да може да им се одолее (Откровение 13,18; Откровение 17,9). За каква мудрост овде станува збор? Како според текстот во Јаков 1,5 можеме да ја стекнеме таа мудрост?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт Големата борба прочитајте ја главата „Стапиците на сатаната“, стр. 518-530 оригинал. Целта на 12. глава од Откровението првенствено треба да ни каже дека на Божјиот народ настаните од последните денови се дел од големата борба меѓу Христа и сатаната и неговите демонски сили. Книгата го предупредува Божјиот народ со што сега се соочува и со кого треба да се соочи на многу посериозен начин во иднина – со искусен и разгневен непријател. Павле нè предупредува на дејствувањето на сатаната во последното време „со сета своја сила ќе покаже лажни чудотворни знаци. Со своите зли дела ќе успее да ги измами оние што одат по патот кој води во пропаст, зашто одбија да ја засакаат вистината и така да се спасат“ (2. Сол. 2,9.10).

Откровението нè поттикнува сериозно да ја сфатиме иднината и своето потпирање на Бога да го направиме наша најголема вредност. Од друга страна, Откровение нè уверува дека сатаната, иако силен и искусен непријател, не е доволно силен да го победи Христа (види: Откровение 12,8). Божјиот народ може да пронајде надеж само во Оној кој во минатото победоносно го поразил сатаната и неговите демонски сили. Тој ветил дека ќе биде со своите верни следбеници „во сите дни до свршетокот на светот“ (Матеј 28,20).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Како христијани адвентисти сметаме дека ги исполнуваме сите особини на остатокот од последното време. Какво предимство! Исто така, каква одговорност! (Види: Лука 12,48). Но, зошто мораме да бидеме внимателни да не помислиме дека оваа улога може да ни гарантира лично спасение?**

**2. „Премногу зборуваме за силата на сатаната. Вистина е дека сатаната е моќно битие, но му благодарам на Бога што имаме силен Спасител, кој го исфрлил злобниот од Небото. Ние разговараме за нашиот непријател, се молиме во врска со тоа, и тој станува сè поголем во нашата мечта. Зошто да не зборуваме за Христа? Зошто да не размислуваме за Неговата сила и љубов? Сатаната се радува кога ја увеличуваме неговата сила. Држете се за Исуса, размислувајте за Него и гледајќи во Него ќе се менувате според Неговиот лик“ (Elen Vajt, *Advent Review and Sabbath Herald*, 19. март 1889). На кои начини христијаните ја увеличуваат силата на сатаната? Од друга страна, какви опасности се кријат во негирањето не само на силата на сатаната, туку и на неговото постоење?**

**Поука 9**
**Од 23 февруари до 1 март 2019**

# САТАНАТА И НЕГОВИТЕ СОЈУЗНИЦИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 13; 17,8; Даниел 7,24; 2. Солуњаните 2,2-12; Откровение 12,14-16; 1. Царевите 18,38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И змевот се разгневи на жената и отиде да војува против другите од нејзиното семе, против оние, кои ги пазат Божјите заповеди и го имаат Исусовото сведоштво“ (Откровение 12,17).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Дванаесеттата глава од Откровението го опишува нападот на сатаната на Божјиот верен народ – вклучувајќи го и прогонството од страна на паганскиот Рим и подоцна папскиот Рим во текот на 1260 денови/години (538-1798; види: Откровение 12,6.13.14; во отсекот од вторникот во 7. лекција). Тринаесеттата глава поподробно ги опишува нападите на сатаната во текот на христијанската историја, во кои му помогнале двајца советници, двајцата прикажани како ѕверови. Под управата на сатаната, ламјата и овие двајца ѕверови ќе се обединат на крајот на времето спротивставувајќи му се на Божјето откупителско дело и настојувајќи да ја придобијат верноста на светот.

Зборот опомена овде е неопходен. Полесно е да се толкуваат пророштвата што веќе се исполниле во минатото. Но, кога станува збор за пророштвата кои допрва треба да се остварат, како од отсекот за вторник, мораме да бидеме повнимателни. Бог ни кажува што ќе се случи на крајот од времето за да не бидеме изненадени, но Тој не ни ја открива секоја подробност која би сакале да ја знаеме. Не смееме да заборавиме дека, иако овие пророштва зборуваат што ќе се случи на крајот, не кажуваат точно кога и како ќе се одиграат последните настани. Според тоа, мораме да бидеме внимателни да не нагаѓаме надвор од она што го кажуваат пророштвата. Да не заборавиме дека пророштвата во Откровението имаат практична цел: да нè поучат како да живееме денес и како да се подготвиме за иднината.

# ЅВЕРОТ ОД МОРЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 13,1-4.8; Откровение 17,8. Кои особини и фази од животот на овие ѕверови забележувате?**

___

Јован гледа како страшниот ѕвер излегува од морето. Додека ѕверот претставува политичка сила, описот на ѕверот од морето укажува на политичка сила на која религијата и е владејачка одлика. Морето симболички го претставува густо населеното подрачје на Европа, од која ѕверот од морето се издигнува на власт по падот на Римското царство (види: Откр. 17,15).

Јован го опишува ѕверот додека излегува од водата. Ѕверот има седум глави и десет рогови, како и ламјата во Откровение 12,3.4, прикажувајќи ја со тоа блиската поврзаност со незнабожечкиот Рим. На главите на ѕверот се наоѓаат хулни имиња, а на роговите царски круни. Главите на ѕверот ги претставуваат царствата кои сатаната ги користи во прогонството на Божјиот народ низ историјата (види: Откровение 17, 9-11). Хулните имиња укажуваат на божествените титули коишто ѕверот ги присвојува. Десетте рогови, кои упатуваат на текстот од Даниел 7,24, ги претставуват народите кои изникнале од Римското царство по неговата пропаст. Сите овие особини на ѕверот од морето укажуваат на папството кое израснало од Римската империја.

Ѕверот од морето личи на леопард кој има стапала како мечка а уста како лав. Како таков, ѕверот ги има особините на четирите ѕверови (симболите на светските царства) од текстот во Даниел 7,2-7: Вавилон, Медо-Персија, царството на Александар Македонски и Рим. Но, Јован ги наведува по обратен редослед, што од негова гледна точка, од првиот век покажува дека ѕверот од морето е поврзан со четвртиот ѕвер од 7 глава во Книгата на пророкот Даниел, Римското царство.

Ламјата (паганското Римско царство зајакнато од силата на сатаната) на ѕверот му ја дала својата сила, престол и голема власт. Како што Таткото му го дал својот престол и власта на Христа (Откровение 2,27), така и сатаната го поставува ѕверот како свој совладар и претставник на Земјата.

Според текстот Откровение 13,5-7 ѕверот ќе врши прогонство низ христијанската историја во траење од 42 „месеца“. Како што видовме, прогонството на чистата жена траело „време, две времиња и половина време“; односно три и пол „времиња“ или пророчки „години“ (Откр. 12,13.14; споредете со Даниел 7,25). Четириесет и два пророчки „месеци“ се еднакви на бројот кој се добива кога 30 ќе се помножи со 42 и изнесува 1260 денови/години (Откровение 12,6). Според тоа, „време, две времиња и половина време“, 42 „месеца“ и 1260 „денови“ се однесуваат на ист временски период од 1260 години. Оваа фаза се завршува кога една од главите на ѕверот ќе биде смртно ранета, и со тоа ќе доведе до привремена смрт на ѕверот. Кога раната зараснала, ѕверот се вратил во живот. Ова предизвикува восхит кај народот и тој им се поклонува и на ламјата и на ѕверот.

## ДЕЛАТА НА ЅВЕРОТ ОД МОРЕТО

Во Откровение 13,5 стои наведено колку точно ќе трае тоа прогонство, како што спомнавме во одделот од неделата. Четириесет и два месеца, во текот на кои ѕверот ќе дејствува, е истиот временски период како 1260 денови/години на прогонство на жената/Црква од Откровение 12,6.14. (Еден пророчкиот ден претставува една година / 4. Мојсеева 14,34; Езекиел 4,6 / види: отсекот за вторник во 7 лекција). 538. година го обележува почетокот на овој пророчки период, кога Римската црква, со папата на чело, се спротивставила на црковно-државната сила која владеела со Западниот свет во текот на Средниот век. Настаните во Француската револуција му нанеле смртна рана на ѕверот во 1798 година, доведувајќи ја на тој начин црковната угнетувача власт и државната религија кон привремен крај.

**Споредете Откровение 13,5-8 со текстовите Даниел 7,24.25 и 2. Солуњаните 2,2-12. На кој начин дејствувањето на ѕверот од морето ги одразува описите на малиот рог и човекот на беззаконието?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

За делата на ѕверот од морето во текот на пророчките 1260 денови/години се зборува како за хулење. Хулата во Новиот завет може да означи нечиј стремеж да се изедначи со Бога (Јован 10,33; Матеј 26,63-65) и да ја присвои Неговата власт (Марко 2,7). Хулата на ѕверот од морето е насочена „да хули против Бога, да го похули Неговото име, и Неговиот Шатор, и оние, кои живеат во небото“ (Откровение 13,6). Местото на кое Бог престојува е Светилиштето на Небото, во кое Христос служи во полза на нашето спасение. Ѕверот од морето ја негира Христовата посредничка работа обидувајќи се да го замени со свештенство кое тврди дека дава спасение и проштавање на гревовите. Присвојувањето на оваа власт, која му припаѓа само на Бога, е суштина на хулата.

Тринаесеттата глава од Откровението укажува на времето на најголем отпад во христијанството, кога римскиот католицизам со папата на чело ја присвоил Божјата положба и Неговите исклучителни права. Оние кои одбиле да му се покорат на Рим, доживеале прогонство и смрт. Иако денес таквите изјави се сметаат за груби, па дури и фанатични, сегашноста не може да го избрише минатото, колку и да го посакуваат тоа некои поединци.

**Како можеме да останеме верни на пророштвото за црковната историја, а сепак во исто време да бидеме љубезни и внимателни кога овие вистини им ги изнесуваме на другите?**

## ЅВЕРОТ КОЈ ИЗЛЕГУВА ОД ЗЕМЈАТА

Првата половина на 13. глава од Откровението ја опишува активната римокатоличка сила во текот на пророчкиот период од 1260 денови/години. Во време на Француската револуција, оваа верско-политичка сила добила смртоносна рана. Но, смртната рана на крајот била исцелена, и на тој начин овој систем се вратил во живот. Втората половина на главата опишува како, всушност, ќе се случи исцелувањето на смртната рана на ѕверот.

**Прочитајте: Откровение 13,11. Какви особини има вториот ѕвер? Во светлината на текстот во Откровение 12,14-6, какво значење има фактот што овој ѕвер се јавува од земјата?**

Јован гледа уште еден ѕвер. За разлика од првиот, овој ѕвер излегува од земјата. Тој ѕвер претставува светска сила и има влијание со иста важност како и првиот. Но, спротивно на ѕверот од морето, кој изгледал застрашувачки, ѕверот од земјата изгледа безопасно, барем во почетокот. Има „два рога, како кај јагне“ (Откровение 13,11), кое го симболизира Христа. Според тоа, оваа сила на последното време има појава слична на Христос.

Оваа сила се издигнува во област која ја штитела жената, симбол на Божјата вистинска црква, од реката што ламјата ја испуштила по неа на крајот од пророчките 1260 денови/години (Откровение 12,14-16). Овој ѕвер од земјата е очигледно нов учесник на местото на настаните, кој се издигнал како светска сила *откако* ѕверот од морето ќе задобие смртна рана за време на Француската револуција, што значи дека ѕверот од земјата е исклучиво учесник на последните настани.

„Кој народ почнал да се јавува во 1798 година како сила во новиот дел на светот и станувал сè поголем и посилен така што го привлекол на себе вниманието на светот? Примената на овој симбол не е никакво тешко прашање. Само еден единствен народ одговара на податоците на ова пророштво. Тоа јасно упатува на Соединетите Американски Држави“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 440 оригинал).

Меѓутоа, текстот Откровение 13,11 покажува дека Америка, која е главно протестантска земја, на крајот ќе почне да зборува како ламјата, како самиот ѓавол, со влијание во светот слично на она што го имало Римското царство. Оваа сила на последното време ќе направи целиот свет да му се поклони на првиот ѕвер, кој се здобил со смртоносна рана. Со други зборови, Соединетите Држави, кои во еден момент ѝ пружале заштита и сигурно засолниште на Црквата, во друг ќе извршат прогонство во настаните од последното време.

**Кога Соединетите Држави за прв пат се препознаени како вториот ѕвер од Откровение 13 глава, ни приближно немале сила и влијание какво што денес имаат. Како овој факт ни потврдува дека Соединетите Држави се силата опишана во ова пророштво?**

## ИКОНАТА НА ЅВЕРОТ

**Прочитајте Откровение 13,12.13. Како текстовите во 1. Царевите 18,38 и Дела 2,3 ни помагаат да ја сфатиме природата на измамничките дела на ѕверот сличен на јагне – од кои најголемото е спуштање на оган од небото?**

Правејќи чуда, ѕверот, кој е сличен на јагне, ќе увери мнозина дека неговите зборови се вистинити, и покрај тоа што не се во потполна согласност со Писмото. Преку спиритизмот „ќе се прават чуда, болни ќе оздравуваат, а верните ќе ги придружуваат знаци и чуда“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 588. ориг.). Овие чуда му помагаат на ѕверот сличен на јагне да ги убеди жителите на Земјата да направат икона на ѕверот од морето што задобил смртна рана.

Исцелувањето на смртната рана на ѕверот од морето се однесува на обновувањето на римското папство како верско-политичка сила. Ѕверот сличен на јагне, исто така, ќе почне да зборува како ламјата и ќе ја врши силата на ѕверот од морето, покажувајќи дека ќе стане нетрпелива како народите претставени со овие симболи.

„Ваквата постапка би се противела на начелата на оваа држава, на духот на нејзините слободни институции, на директните и свечени гаранции на Декларацијата за независност и на Уставот... Но оваа постапка најдобро е прикажана со овој симбол. Ѕверот со рогови како кај јагне – според своите уверувања чист, благороден и безопасен - зборува како ламјата.

’Велејќи им на жителите на земјата да направат икона на ѕверот.’ – Овде јасно се изнесува дека во државното уредување на таа земја законодавната власт е во рацете на народот. Ова е силен доказ дека Соединетите Држави се народот означен во ова пророштво.

Но што значат зборовите ’икона на ѕверот’, и како треба таа да биде направена? Ѕверот со два рога иконата ќе му ја направи на првиот ѕвер. Затоа таа и се нарекува икона на ѕверот. За да дознаеме што е таа икона и како треба да биде направена, мораме да ги проучиме обележјата на самиот ѕвер, на папството.

Кога црквата на почетокот се расипала, скршнувајќи од едноставноста на евангелието и прифаќајќи ги незнабожечките обичаи и обреди, таа го загубила Божјиот Дух и неговата сила. За да може да владее над совеста на луѓето, таа барала поддршка од државните власти. Резултат на тоа – се појавило папството – се појавила црква која владеела над државата и истата ја користела за постигнување на своите цели, особено за казнување на ’еретиците’...

Кога водечките цркви во Соединетите Држави ќе постигнат согласност во точките на науката што им се заеднички и кога ќе почнат да влијаат врз државата да ги наметне нивните прописи и да ги поддржи нивните установи, тогаш протестантска Америка ќе стане икона на римската свештеничка власт, а неизбежна последица на тоа ќе биде наметнување на граѓански казни за оние што веруваат поинаку.

’Иконата на ѕверот’ го претставува оној облик на отпаднатиот протестантизам што ќе се развие кога протестантските цркви ќе бараат помош од државата принудно да ја наметнат својата наука“ (*Големата борба*, стр. 442-445. ориг.).

## ЖИГОТ НА ЅВЕРОТ

Тринаесеттата глава од Откровението ни навестува дека ѕверот сличен на јагне ќе има водечка улога во конечната криза. Оваа светска сила ќе воспостави глобален систем во обидот да ги контролира верувањата на луѓето.

**Прочитајте: Откровение 13,16.17; 5. Мојсеева 6,4-8. Како ставањето на жигот на десната рака или на челото е поврзано со Божјите заповеди?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Луѓето од сите општествени сталежи ќе бидат принудени да го примат жигот на ѕверот на десната рака или на челото. Како што печатот на челото укажува на оние кои Бог ги смета за свои (Откровение 7,3.4; 14,1), така жигот на ѕверот упатува на оние кои му се поклонуваат на ѕверот.

Жигот на ѕверот не е видлив знак. Неговото ставање на десната рака или на челото претставува фалсификат на упатството кое Мојсеј им го дал на Израелците да го врзат Божјиот закон како знак на својата рака или чело (5. Мојсеева 6,8). Десната рака се однесува на однесувањето, а челото на умот и умната согласност. Поединци ќе изберат да го примат жигот на ѕверот за да ја избегнат заканата од смрт, додека другите и умно и духовно ќе бидат целосно посветени на овој отпаднат систем на богослужение.

Централното прашање во конечната криза ќе биде обожавањето и послушноста кон Бога во вид на држење на Неговите заповеди (Откровение 14,12). Заповедта за саботата ќе биде испит на верност и послушност на Бога. Како што саботата е посебен знак за послушноста на Божјиот верен народ (Езекиел 20,12.20), така жигот на ѕверот е знак за верност кон ѕверот.

Жигот на ѕверот вклучува и замена на Божјите заповеди со човечка заповед. Најголемиот доказ за овој факт е човечката воспоставена институција – неделата (види: Даниел 7,25) како ден на богослужение наместо седмиот ден, сабота, денот кој нашиот Создател го одредил во Писмото.

Обидот знакот на Божјиот авторитет да се замени со друг ден е обид да се присвои Божјата улога и сила.„ Жигот на ѕверот е папскиот ден за одмор... Кога ќе излезе наредба која ќе го наметнува лажниот ден за одмор и кога гласниот вик на Третиот ангел ќе ги предупреди луѓето да не му се поклонат на ѕверот и на неговата икона... тогаш оние што ќе останат во престап ќе го примат жигот на ѕверот“ (Е. Вајт, *Еванѓелизам*, стр. 234.235. ориг.).

Во текстот Откровение 13,18 стои забележано:„Тука е мудроста. Кој има ум нека го пресмета бројот на Ѕверот, зашто е број на човек, а неговиот број е *666*.“ Кој е овој човек? Павле го нарекува „човекот на беззаконието“ (2. Солуњаните 2,3). Ваквиот назив укажува на папската сила, симболички претставена како ѕвер од морето, чии хулни имиња на главите упатуваат на нејзиниот обид да ја присвои божествената титула, наводно заземајќи го местото на Божјиот Син на Земјата.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Според Откровението, саботата ќе биде знак на послушност на крајот од историјата. Но, не смееме да заборавиме дека доколку некој ја празнува неделата сега, тоа не значи дека го има жигот на ѕверот. Држењето на неделата ќе стане „жиг на ѕверот“ само кога луѓето, и покрај измамите кои тука се кријат и јасното разбирање на прашањето во врска со изборот на денот за богослужение, ќе донесат одлука за или против Бог. Но, тоа време допрва треба да дојде.

„Уште никој не го примил жигот на ѕверот. Времето на проверка уште не настапило. Во секоја црква има искрени христијани, вклучително и Римокатоличката. Никој нема да биде осуден додека не ја прими светлината и не ги увиди обврските на четвртата заповед. Но кога ќе излезе наредба која ќе го наметне лажниот ден за одмор и кога гласниот вик на Третиот ангел ќе ги предупреди луѓето да не му се поклонат на ѕверот и на неговата икона, тогаш ќе биде подвлечена јасна линија меѓу вистината и лагата. Тогаш, оние што ќе останат во престап ќе го примат жигот на ѕверот“ (Елена Вајт, *Еванѓелизам,* стр. 234.235. оригинал).

Да запомниме дека празнувањето на неделата денес не прави некој да биде изгубен како што ни празнувањето на саботата не нè спасува. Но, наближува времето кога „жигот на ѕверот“ ќе стане главно прашање и кога бирањето на денот за богослужение ќе стане испит на верноста кон Бога. Откровението го повикува Божјиот народ да ја земе Библијата и сесрдно, со истражувачки дух да ја проучува пророчката реч и да ги вложи сите свои сили со Евангелието да допре до оние кои денес сè уште не го познаваат Христа.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Додека ги гледате прилозите денес во светот, какви движења забележувате во сферата на религијата и политиките што водат кон исполнување на пророштвата од Откровение 13 глава?**

**2. Додека го чекаме крајот, каков став треба да имаме кон христијаните од другите верски заедници? Размислете за следниот совет: „Нашите проповедници треба да се потрудат да дојдат во допир со проповедниците на другите верски заедници. Молете се за овие луѓе, за кои Христос посредува и молете се заедно со нив.. Тие имаат свечена одговорност. Како Христови гласници, треба да покажуваме длабоко и искрено интересирање за овие пастири на стадото“ (Elen Vajt, *Testimonies for the Church*, 6. книга, стр. 78).**

**3. Како да го избегнеме нехристијанскиот дух и пројавувањето супериорен став кон христијаните од другите верски заедници? Како треба да покажеме почит кон нив и нивната вера без да ги загрозиме нашите верувања?**

Поука 10
Од 2 до 8 март 2019

# БОЖЈЕТО ВЕЧНО ЕВАНГЕЛИЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 14,6-12; Матеј 24,14; Проповедник 12,13.14; 2. Мојсеева 20,2-11; Исаија 21,9; Исаија 34,8-10.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тука е трпението на светите, кои ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откровение 14,12).**

Откровението покажува дека измамата на сатаната во последното време ќе биде толку успешна што светот ќе избере да се поклонува на ѕверот и да го прими неговиот жиг. Сепак, според Откровение 14,1-5 Бог ќе има свој Остаток, оние кои цврсто ќе стојат со Него кога поголемиот дел од светот нема да сака.

Луѓето на крајот ќе мораат да одлучат – не дали да служат или не (сите секогаш некому му служат) – туку кому да му служат. Оние што ќе му се поклонуваат на ѕверот, ќе примат жиг на својата десна рака или на челото, што симболички ја претставува нивната одлука да му служат на овој отпаднат систем со своите дела и/или со умот.

Светот едновремено ќе биде сведок за големо објавување на Евангелието, какво што немало од денот Педесетница. Пред да се излеат Божјите судови над побунетиот човечки род, Бог ќе ги испрати своите пораки на опомена на „секоја народност и на секое племе и јазик и народ“ (Откровение 14,6). Бог не сака никој да загине, туку сите да бидат спасени, а тоа е причината зошто Христос умрел за целото човештво. Прашањето е кој ќе го прифати тој дар, а кој не.

## ТРОЈНАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ

Бог пред самиот крај ги испраќа своите пораки на опомена, симболички претставени во вид на тројца ангели што летаат на небото и ја објавуваат веста. Грчкиот збор за ангел (*angelos*) значи „гласник". Одредени подробности од Откровението укажуваат дека тројцата ангели го претставуваат Божјиот народ кому му е доверено пораката за последното време да му ја објави на светот.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,6; Матеј 24,14. За првата ангелска вест речено е дека е „вечно Евангелие" (Откровение 14,6). Што ни кажува ова за содржината и целта на првата ангелска вест? Зошто оваа вест е во центарот на сè во што веруваме?**

---

Првата порака за последното време се однесува на објавувањето на Евангелието во рамките на часот на Божјиот суд што дошол над овој свет. Евангелието е Радосната вест за Бога, кој ги спасува човечките суштества врз основа на верата во Исуса Христа и на она што Тој го сторил за нив. Тоа е „вечно" бидејќи Бог никогаш не се менува. Неговиот план е поставен дури и пред нашето постоење (2. Тимотеј 1,9; Тит 1,2). Првата ангелска вест ги опфаќа и спасението и судот, тоа е радосна вест за оние кои на Бога му оддаваат слава и му се поклонуваат како на Создател, но таа едновремено претставува и опомена за судот упатена до оние кои го отфрлаат Создателот и знакот на вистинското богослужение што го дал – седмиот ден, саботата.

Тројцата ангели се прикажани како ја објавуваат веста со „силен глас" (Откровение 14,7.9). Овие пораки се итни и важни; секој мора да ги слушне бидејќи се однесуваат на нивната вечна судбина. Како такви, мораат да му се објават на секое племе, јазик и народ. Ова објавување е значајно, бидејќи на крајот на времето ѕверот ќе ја употреби власта над „секое племе и народ и јазик и народност" (Откровение 13,7). На измамите на сатаната, кои се раширени во целиот свет, на крајот од времето ќе биде одговорено со објавување на Евангелието насекаде во светот.

Божјиот народ ја проповеда Тројната ангелска вест и со тоа се спротивставува на сатаната и неговите сојузници на крајот од времето – на ламјата, симболот на паганизмот/спиритизмот; ѕверот од морето, сила што ја претставува Римокатоличката црква; ѕверот сличен на јагне, или лажниот пророк, претставник на отпаднатиот протестантизам во Соединетите Држави (Откровение 13). Сатаната ги користи овие сили на последното времето во времето на шесте печати (Откровение 16,13.14). Според тоа, на светот му се претставени две спротивни вести, од кои секоја има за цел да ја придобие преданоста на луѓето на Земјата.

**Како христијани адвентисти повикани сме да го досегнеме светот со вистините за последното време содржани во Тројната ангелска вест. Што правите вие за да помогнете токму тоа да се оствари? Што уште би можело да се направи?**

## ПРВАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ: ПРВ ДЕЛ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,7; Проповедник 12,13.14. Што значи „бојте се од Бога“? Како овој поим, човек да се бои од Бога, се однесува на Евангелието и како Евангелието е поврзано со Божјите заповеди? (Види: Римјаните 7,7-13). Каква поврзаност постои меѓу стравот од Бога и прославувањето на Бога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Повикот „бојте се од Бога и подајте Му слава“ (Откровение 14,7) се упатува во контекст на „вечното Евангелие“. Сознанието за она што Христос го направил за нашето спасение поттикнува во нас позитивен одговор.

Во Библијата постои тесна поврзаност меѓу стравот од Господа и оддавањето слава Нему (Псалм 22,23; Откровение 15,4). Заедно, тие означуваат правилна заедница со Бога (За Јов 1,8) и послушност кон Него.

Да се боиме од Бога не значи да се плашиме од Него, туку сериозно да Го сфатиме и да Му дозволиме да биде присутен во нашиот живот. Божјиот народ на последното време е народ кој се бои од Бога (види: Откровение 11,18; 19,5). Бог сака Неговиот народ да Го сака (5. Мојсеева 11,13; Матеј 22,37), да Му биде послушен (5. Мојсеева 5,29; Проповедник 12,13) и да го одразува Неговиот карактер (1. Мојсеева 22,12).

Важно Му е Неговиот народ да Му оддаде слава „зашто дојде часот на Неговиот суд“ (Откровение 14,7). Судот за кој се зборува е предадвентниот истражен суд, кој ќе се одржи пред второто Христово доаѓање. Целта на овој суд е да открие дали искрено му служиме на Бога – изборот што нашите дела го прават очигледен (2. Коринќаните 5,10). Кога овој суд ќе заврши, судбината на секоја личност е решена (Откровение 22,11) и Исус ќе дојде да му донесе награда секому според неговите дела (Откровение 22,12).

Судот во Откровение 14 глава е дел од Евангелието. За оние кои се во добра заедница со Бога, судот е Радосна вест; тој значи оправдување, спасение, слобода и вечен живот. Но, тој суд е лоша вест за непослушните, доколку не се покаат и не се свртат кон Бога прифаќајќи ја оваа порака за последното време за часот на судот. Бог не сака никој да загине, туку сите да дојдат во покајание (2. Петрово 3,9).

**Како би изгледало да стоите сами на судот? Каква пресуда би била донесена врз основа на вашиот живот? Што ви кажува вашиот одговор за потребата од Евангелието и зошто е толку тесно поврзан со првата ангелска вест?**

## ПРВАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ: ВТОР ДЕЛ

Според Откровението, главни прашања во последната криза од овоземната историја ќе бидат богослужението и послушноста кон Бога, која се открива преку држењето на Неговите заповеди (Откровение 14,12). Луѓето од овој свет ќе се поделат во две групи: оние кои се бојат од Бога и Му служат, и оние кои се бојат од ѕверот и му се поклонуваат.

**Разгледајте ги првите четири заповеди од Декалогот (2. Мојсеева 20,2-11). Потоа прочитајте ја 13. глава од Откровението. Како барањето на ѕверот да му се поклонуваат (Откровение 13,7.8), подигањето на иконата на ѕверот за да ѝ се поклонат (Откровение 13,14.15), хулата на Бога и Неговото име (Откровение 13,5.6) и примањето на жигот на ѕверот (Откровение 13.16.17) укажуваат на нападот на сатаната на првите четири заповеди на Декалогот во последната криза?**

____________________________________________________________

Централниот поим на првите четири заповеди од Декалогот е богослужението (поклонувањето). Откровението укажува дека овие заповеди ќе станат мерило за верноста на Бога во последната криза. Конечниот конфликт меѓу Христа и сатаната јасно ќе се однесува на богослужението и првите четири заповеди.

Клучното прашање во конечната криза се нагласува во втората опомена од првата ангелска вест. Повикот да му се поклониме на „Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори!“ (Откровение 14,7) е речиси истиот цитат од четвртата заповед од Декалогот (2. Мојсеева 20,11). Овој факт покажува дека повикот да му се поклониме на Бог Создателот е повик да се празнува саботата.

Одморот и богослужението во сабота, седмиот ден, е посебен знак на нашата заедница со Бога (2. Мојсеева 31,13; Езекиел 20,12). Според тоа, првата ангелска вест претставува повик да му се поклониме на Создателот.

„Додека празнувањето на неделата, во согласност со земните закони, но наспроти четвртата Божја заповед, ќе биде знак на верноста кон онаа сила што му се противи на Бога, празнувањето на вистинската сабота, во согласност со Божјиот закон, ќе биде доказ за верноста кон Творецот. Додека една група луѓе, примајќи го знакот на покорност кон земните власти, ќе прими жиг на ѕверот, друга, избирајќи го знакот на верноста кон божествениот авторитет, ќе прими Божји печат“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 605. оригинал).

**Како е поврзано нашето гледиште за создавањето и спасението? Зошто е важно да се одмораме во сабота, како што Бог тоа го направил?**

## ВТОРАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ

Втората ангелска вест го објавува падот, или отпадништвото, на Вавилон и го прикажува како лажен верски систем. Во Откровение 17,5 „За Вавилон се кажува дека е 'мајка на блудниците'. За нејзини ќерки мораме да ги сметаме оние цркви што ја прифаќаат нејзината наука и нејзините преданија и го следат нејзиниот пример, зашто ја жртвуваат вистината и Божјата наклоност за да стапат во незаконита врска со светот“ (*Големата борба,* стр. 382.383. ориг.).

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 14,8; 18,2; Исаија 21,9. Двојното повторување на зборот „падна“ укажува на растечкото отпадништво на Вавилон и ја означува сигурноста на неговиот потполн морален распад. Зошто Вавилон е опишан на таков начин, како веќе да паднал, кога неговиот пад исто така е опишан како иден настан?**

Вавилон на последното време од Откровението е сојуз на лажни верски системи кои го опфаќаат римокатолицизмот и отпаднатиот протестантизам. Тие ќе се стават во служба на сатаната против Божјиот народ (види: Откровение 13,11-18; 16,13; 17,5). Овој отпаднат верски сојуз ќе ја пројави својата горделивост на древниот Вавилон издигнувајќи се себеси над Бога и тежнеејќи да го заземе Неговото место во овој свет. Веста на вториот ангел го предупредува Божјиот народ дека овој расипан систем сè повеќе ќе се оддалечува од вистината зашто ќе ја одбие светлината на адвентната порака. Дури кога во „Дури кога ќе настапи ваква состојба и кога во целото христијанство ќе се постигне обединување на црквата со светот, тогаш падот на Вавилон ќе биде целосен“ (*Големата борба,* стр. 390. ориг.).

**Прочитајте повторно Откровение 14,8; 17,2; 18,3. Што прави Вавилон за народот да го пие виното на неговиот блуд? Што претставува ова вино?**

____________________________________________________________

Во Откровение 17 глава Вавилон на последното време е прикажан како блудница која прави луѓето на Земјата со неа да го пијат виното на нејзиното блудство (види: Откровение 17,2).

Виното на Вавилон се однесува на лажните учења и лажното Евангелие што го нуди овој отпаднат верски систем. Денес, додека многу протестантски цркви, како исполнување на библиското пророштво, брзо ги бришат разликите што некогаш ги раздвојувале од Римокатоличката црква и отстапуваат од библиските вистини, под расипаното влијание на вавилонското вино меѓу оние кои изјавуваат дека се Христово тело: кон теистичката еволуција, на која разбирливо се спротивставува упатувањето на создавањето во Првата ангелска вест; кон теолошките традиции кои го заменуваат принципот *sola Scriptura*; кон изменетата етика која ги напушта библиските дефиниции на полот, бракот, итн. Опиените луѓе не можат јасно да размислуваат. Бидејќи луѓето стануваат духовно замаени од вавилонското вино, Вавилон ќе ги заведе да му се поклонуваат на ѕверот од морето и да го примат жигот на ѕверот, знакот на неговата власт спроведена од страна на ѕверот сличен на јагне.

## ТРЕТАТА АНГЕЛСКА ВЕСТ

**Како текстот Откровение 14,12 го опишува Божјиот верен народ?**

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

Спротивно на судбината на Божјиот верен народ, Откровение 14,9.10 предупредува на судбината на оние кои се соочуваат со Божјиот гнев. Излевањето на Божјиот гнев во Стариот завет симболички се опишува како пиење чаша вино (Еремија 25,15.16). Строгоста на судот над оние што му се поклонуваат на ѕверот е изразена како пиење вино на Божјиот гнев кое е „непомешано“ (Откровение 14,10) наточено во чаша. Луѓето во старо време често го разблажувале виното со вода за да го ублажат неговото опивно дејство. Непомешаното, неразблаженото вино претставува излевање на Божјот гнев во својата полна сила и без милост.

**Прочитајте: Откровение 14,10.11; Откровение 20,10-15. Како текстовите Исаија 34,8-10 и Јуда 1,7 ја појаснуваат изјавата: „И димот од нивното измачување ќе се издига во вечни векови“?**

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

Изјавата за мачењето со оган и сулфур се однесува на потполно уништување. Огнот и сулфурот се симболи на судот (1.Мојсеева 19,24; Исаија 34,8-10). Чадот на уништувањето кој се издигнува е позната библиска слика. Исаија прорекувал за идното уништување на Едом со оган и сулфур: тој ќе стане разгорена смола: „нема да гасне ни дење, ни ноќе; и димот нејзин вечно ќе излегува, од род во род ќе остане запустена; никогаш нема да мине никој по неа“ (Исаија 34,10). Јуда ја опишал судбината на Содом и Гомора како поднесување на осудата со „вечен оган“ (Јуда 1,7). Овие текстови не зборуваат за непрекинат оган, бидејќи ниту еден од овие градови денеска не гори. Последиците се вечни, не самиот оган; „Вечниот оган“ во Откровение се однесува на уништувањето; огнот ќе трае доволно долго за разорувањето да биде потполно, за да не остане ништо повеќе да гори.

**Иако можеме да бидеме благодарни за големата вистина дека пеколниот оган не ги мачи изгубените низ сета вечност, сепак, казната е доволно страшна. Што ни кажува тоа за светата задача што ни е дадена да ги предупредиме другите за она што наближува?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата на Елена Вајт *Големата борба* прочитајте ја последната глава – „Последната опомена“, стр. 603 – 612 оригинал. Откровението покажува дека на крајот од времето на Божјиот народ му е даден налог да му го објавува на светот Евангелието за последното време. Работата пред нас изгледа застрашувачка, речиси невозможна. Меѓутоа, имаме ветување дека на располагање ни стои Божјата сила.

„Големото дело на евангелието нема да се заврши со помалечка манифестација на Божјата сила од онаа што го придружувала неговиот почеток... Веста ќе се шири не толку со докажување колку со длабоко осведочување на Божјиот Дух. Доказите се изнесени. Семето е посеано и сега ќе никне и ќе донесе плод“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 611.612. оригинал).

Крајот на објавувањето на Божјата последна вест ќе доведе до голема поделба на луѓето во светот во две групи: оние кои го сакаат Бога и кои Му се послушни и оние кои го следат и слушаат ѕверот. Оваа поделба е прикажана во вид на две жетви; собирање на пченицата во житници (Откровение 14,14-16) и ставање на грозјето во каца (Откровение 14,17-20). Оваа конечна поделба е тема на Откровение 17. и 18. глава.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислете за следната мисла: кој друг освен христијаните адвентисти ја проповеда Тројната ангелска вест? Што би требало да ни каже овој факт за тоа колку нашата работа е важна и колку сериозно мораме да ја сфатиме?**

**2. Што мислите, зошто судот е непопуларен поим меѓу христијаните? Каква важност има поимот *предадвентен суд* за денешните христијани? Како би можеле да им помогнете на верниците подобро да го сфатат вистинското значење за предадвентниот суд?**

**Поука 11**
**Од 9 до 15 март 2019**

# СЕДУМТЕ ПОСЛЕДНИ ЗЛА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 15,1; 7,1-3; 14,9.10; 16,1-12; 17,1; Даниел 5; Откровение 16,16; 2. Солуњаните 2,9-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Кој нема да се уплаши од Тебе, Господи, и не ќе го прослави Твоето име? Зашто само Ти си свет; сите народи ќе дојдат и ќе се поклонат пред Тебе, зашто се покажаа Твоите праведни судови!“ (Откровение 15,4)**

Откровение 11,18 накратко ни ги изложува настаните на Земјата пред конечната Армагедонска битка: „И народите се разгневија, и дојде Твојот гнев и времето да им се суди на мртвите, и да им се даде награда на Твоите слуги, на пророците и на светите и на оние, кои се бојат од Твоето име, мали и големи, и да ги уништиш оние, кои ја расипуваа земјата.“ Ваквите околности на Земјата одговараат на Исусовиот опис на последните денови (Лука 21,25) , проследени со Божјиот гнев, кој го претставува Неговиот суд над непокајаните во вид на седум последни зла (Откровение 15,1)

Петнаесеттата глава од Откровението започнува со сликата за седумте ангели кои носат седум чаши исполнети со овој божествен гнев. Но, пред излевањето на гневот, добиваме делумен увид во иднината на Божјиот верен народ (Откровение 14,1-4). Прикажани се како „оние кои го победија Ѕверот и неговиот лик и бројот на неговото име“ (Откровение 15,2), додека стојат на нешто што лични на стаклено море и ја пеат песната на Мојсеј и Јагнето. Сите овие сцени потсетуваат на Евреите кои стојат на брегот на Црвеното море и ја слават Божјата победа над Египќаните (2. Мојсеева 15).

Овие победоносни свети се истите оние на кои се посочува како на 144.000 во Откровение 14,1-5. Бидејќи одбиле да го примат жигот на ѕверот, тие се заштитени од седумте последни зла. За време на Второто доаѓање, нивните смртни тела се претвораат и се облекуваат во бесмртност (1. Коринќаните 14.51-54) и тие им се придружуваат на воскреснатите свети кога Исус ќе дојде во сила и слава (1. Солуњаните 4,17).

## ЗНАЧЕЊЕТО НА СЕДУМТЕ ПОСЛЕДНИ ЗЛА

Луѓето веќе се определиле или за Бога или за Вавилон. Меѓутоа, пред да дојде Христос, се ослободуваат разорни ветришта на сатанскиот гнев, кои биле задржувани (Откровение (7, 1-3), а потоа следуваат седумте последни зла.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 15,1; 2. Мојсеева 7-10. Какви поуки можеме да извлечеме од египетските зла, кога станува збор за нивната цел и значење, а кои се сметаат за заднина на седумте последни зла?**

____________________________________________________________

Седумте последни зла се нарекуваат „последни“ бидејќи ќе настапат на самиот крај од овоземната историја. Спротивно на нив, злото на седумте труби го покриваат периодот кој ја опфаќа целокупната христијанска доба и имаат ограничено дејство. Тие се извршуваат додека Евангелието сѐ уште се проповеда (Откровение 10,8 - 11,14) и додека се врши посредувањето (Откровение 8,2-5). Помешани се со милоста и нивната цел е непријателот на Божјиот народ да се доведе до покајание.

Од друга страна, седумте последни зла се излеваат пред самото Второ доаѓање. Тие се излеваат на оние чиешто срце, како фараоновото, се стврднало пред Божјата откупителска љубов и кои не сакаат да се покаат (види: Откровение 16,11). Божествениот гнев е Божјиот праведен суд над одлуките што ги донеле луѓето (види: Римјаните 1,26-28), а изгубените сега ги жнеат последиците од своите избори.

**Прочитајте: Откровение 15,5-8; 2. Мојсеева 40,34.35; 1. Царевите, 8,10.11. Што ни кажува изјавата дека „никој не можеше да влезе во храмот“ (Откр. 15,8) додека се одвиваат седумте последни зла?**

____________________________________________________________

Изразот „никој не можеше да влезе во храмот“ (Откровение 15,8) упатува на крајот на проверката (Откровение 22,11). Кога Христовата посредничка служба на Небото ќе се заврши, вратата за можноста некој да се покае засекогаш ќе се затвори. Според тоа, последните зла никого нема да го доведат до покајание, туку само ќе се разоткријат тврдите срца на оние коишто избрале да застанат на страната на Вавилон, поттикнувајќи го да го мразат Бога уште повеќе.

**Погледнете го денешниот свет кој ќе станува уште полош. Што ни кажува за Божјата милост и трпение фактот дека злата се толку долго одложувани?**

# ИЗЛЕВАЊЕТО НА СЕДУМТЕ ЗЛА

Кога Христовото посредување во небесното Светилиште ќе заврши, судбината на секој поединец засекогаш ќе биде одлучена. Настапува време, оние што го отфрлиле Евангелието, да го искусат Божјиот гнев во сета негова полнота.

Седумте последни зла ги одразуваат оние зла што биле излеани врз Египет (2. Мојсеева 7,11). Како што египетските зла ги погодиле Египќаните, додека Израелците биле поштедени, така и Божјиот народ ќе биде заштитен во времето на неволји (Псалми 91,3-10; види: *Големата борба,* стр. 629.630 оригинал). Излеаните зла над Египет го откриле фараоновото тврдо срце и на Египќаните им ја покажала неспособноста на нивните богови да ги заштитат. Слично на тоа, последните зла сè повеќе ќе им ги стврднуваат срцата на оние кои му се поклонуваат на ѕверот од морето и ќе ја откријат немоќта на Вавилон да ги заштити од божествениот гнев.

**Прочитајте Откровение 16, 1-11. Што се случува во овој текст и како е прикажан овој настан?**

___________________________________________________________

Првите четири зла „нема да бидат сеопшти, зашто инаку сите земни жители би биле уништени“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 628 оригинал). Првото зло им нанесува болни и страшни рани исклучиво на оние кои му се поклонуваат на ѕверот. Второто и третото зло влијаат на морињата, реките и водените извори, претворајќи ги во крв. Без вода за пиење, побунетото човештво не може да преживее. Четвртото зло така дејствува на Сонцето што неговата топлина ги пече луѓето и предизвикува неподнослива болка.

Неиздржливата болка што ја нанесуваат овие зла не го омекнува срцето на неправедниот човечки род и тие не го менуваат својот бунтовнички став. Ниту, пак, некој од нив се кае. Наместо тоа, тие го проколнуваат и хулат на Бога, кој ги дозволува овие зла.

Во Откровение 16,10.11 (види: 2. Мојсеева 10,21-23), забележуваме дека петтото зло го погодува престолот на ѕверот. Токму сатаната му го дал престолот (Откровение 13,2). Сега, дури ни седиштето на власта на сатаната не може да ја издржи силата на овие зла. Додека луѓето доживуваат страдања и болки, сфаќаат дека Вавилон е немоќен да ги заштити. Но, својот ум го насочиле против Бога, и дури ни стравот од злото не ги менува нивните срца.

**Како можеме да одржиме толку блиска заедница со Бога за да ја запознаеме доволно Неговата љубов и, доколку нè снајде несреќа, да Му веруваме дури и тогаш кога страдаме?**

## ПРЕСУШУВАЊЕТО НА РЕКАТА ЕУФРАТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 16,12; Откровение 17,1; Откровение 15. Што претставува симболот на реката Еуфрат? Што значи сушењето на Еуфрат во рамките на седумте последни зла?**

___

Еуфрат во Стариот завет бил клучна потпора на израелските непријатели, Асирија и Вавилон. Реката течела низ Вавилон и била важна за градот бидејќи ги хранела посевите и ги снабдувала жителите со вода. Вавилон не би опстанал без Еуфрат.

Откровение 17,1 го опишува Вавилон на последното време како седи на многу води и со тоа можеби укажува на Еуфрат (види: Еремија 51,13). Откровение 17,15 објаснува дека водите на кои лежи Вавилон на последното време ги претставуваат луѓето што го поддржуваат – светските граѓански, световни и политички сили кои се кријат зад системот. Меѓутоа, овие сили на крајот ќе ја скусат својата поддршка.

Сцената на шестото зло го одразува освојувањето на древниот Вавилон од страна на персискиот цар Кир (види: Даниел 5). Според зборовите на античкиот историчар Херодот, во ноќта кога царот Валтазар и неговите поданици присуствувале на гозбата, Персијците го промениле текот на Еуфрат и влегле во Вавилон по речното корито и така ненадејно го освоиле градот.

Силболичкото пресушување на Еуфрат во текстот од Откровение 16,12 доведува до пропаста на Вавилон во последното време. Бидејќи Еуфрат во Откровение ги претставува светските, граѓанските, секуларните и политичките сили кои му пружаат поддршка на Вавилон, пресушувањето на Еуфрат симболички претставува повлекување на нивната поддршка и нивниот подоцнежен напад на Вавилон, предизвикувајќи го на тој начин неговиот пад.

Додека луѓето на овој свет сведочат за големите промени во природата (види: Откровение 16,3-9), се вртат кон Вавилон барајќи заштита. Но, кога петтото зло го погодува седиштето на вавилонските власти (Откровение 16,10.11), увидуваат дека е залудно на тоа место да бараат помош. Сметајќи дека се излажани, тие се вртат против Вавилон предизвикуваќи го неговиот пад (види: Откровение 17,16). Сепак, како што видовме, нивните срца остануваат тврди кон Бога и Неговиот народ. Како такви, стануваат плодно тло за последната измама со која сатаната ќе го наведе светот да се обедини против Божјиот народ во намерата да го отстрани од лицето на земјата.

**На кои начини сте увиделе колку е опасно својата доверба да ја положите на луѓето и на човечките институции?**

## ПОСЛЕДНАТА ГОЛЕМА ИЗМАМА НА САТАНАТА

Од Откровение 16,12 дознаваме дека целта на сушењето на Еуфрат е да се подготви патот на „царевите од исток". Во Стариот завет, „царевите од исток" биле Кир и неговата војска кои дошле од север, а потоа му пристапиле на Вавилон од исток (Исаија 41,25). Нивното освојување на Вавилон овозможило враќање на Божјиот народ во нивната родна земја (Исаија 44,27.28). На ист начин, симболичкото сушење на Еуфрат го подготвува патот за доаѓањето на царевите од исток за да му пружат спасение на Божјиот народ во последното време.

Царевите од исток во Откровение 16,12 се Христос и неговата војска од небесни ангели. За време на Неговото второ доаѓање, Исус ќе се појави со своите ангелски чети, „облечени во бел, чист лен" (Откровение 19,14), облеката на безгрешните ангели (Откровение 15,6). Во придружба на небесната војска, Христос, според Откровение 17,14 ќе ги победи сатанските сили кои го угнетуваат Неговиот народ (споредете: Матеј 24,30.31). Последниот судир против Божјиот народ пред второто Христово доаѓање е познат како Армагедонска битка.

**Прочитајте: Откровение 16,13.14. Каква е улогата на трите нечисти духа во подготовката за Армагедонската битка? На кој начин тие ја претставуваат имитацијата на сатаната за Тројната ангелска вест од 14. глава од Откровение (види: 1. Тимотеј 4,1).**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Во последните настани, кои водат до крајот на проверката, секое човечко суштество ќе одлучи на чија страна ќе застане во Армагедонската битка. Како вовед во оваа духовна борба, Јован гледа три демонски духови како жаби. Во последниот обид на сатаната да ја изврши измамата вклучени се демонски, лажни духови.

Ламјата (паганизмот и спиритизмот), ѕверот од морето (римокатолицизмот) и лажниот пророк (отпаднатиот протестантизам) се обединуваат под управата на сатаната (види: Откровение 13,11.12). Сатаната го оспособува ѕверот сличен на јагне да прави чудесни знаци (види: Откровение 13,13-17), кои опфаќаат спиритистички дела. Овие знаци се дел од лажниот план на сатаната во последното време да го увери светот да го следи него, а не вистинскиот Бог.

Заслепени од својата одмазда кон Бога и Неговата вистина, водачите на овој свет подготвено ги прифаќаат невистините на сатаната, кои се обвиени во пријатна верска форма (2. Солуњаните 2,9-12). Конечно, ќе се обединат во последната битка која ќе доведе до крај на овој свет.

## СОБИРАЊЕ ЗА АРМАГЕДОНСКАТА БИТКА

**Колку успешна ќе биде измамата на сатаната во последното време за време на собирањето на луѓето на овој свет за Армагедонската битка? Откровение 16,16.**

Лажливите демонски чуда ќе постигнат успех насекаде во светот. Отфрлајќи ги библиските учења, луѓето ќе поверуваат во лагата следена со измамливи чуда (види: 2. Солуњаните 2,9-12). Тие ќе се обединат во намерата, која симболички е претставена со нивното собирање на „местото", кое на еврејски се нарекува Армагедон, што значи „планината Мегидо". Мегидо не била планина, туку утврден град, сместен во долината Израел, во подножјето на планината Кармил, и важно стратешко место.

Језраелската долина била позната по многу решавачки битки во израелската историја (види: Судии 5,19; 6,33; 2. Царевите 23,29.30). Во Откровението се користи оваа историска заднина за да се опише големиот конечен судир познат како Армагедон, меѓу Христа и силите на злото. Луѓето од овој свет се прикажани како обединета војска под водство на сатанскиот сојуз.

„Планината Мегидо" очигледно упатува на планината Кармил која се издига над долината во која се наоѓал древниот град Мегидо. Планината Кармил била место на еден од најголемите судири во израелската историја меѓу Божјиот вистински пророк Илија и лажните пророци на Вал (1. Царевите 18). Ова соочување дало одговор на прашањето „Кој е вистинскиот Бог?" Огнот што се симнал од небото бил показател дека Господ е единствениот вистински Бог и единствениот кому треба да му служиме. Бидејќи духовното прашање на Армагедонската битка – дали ќе му бидеме послушни на Бога или на човек – се одлучува пред излевањето на злото, оние кои ќе застанат на страната на ламјата, ѕверот и лажниот пророк (Откр. 16,13), ќе бидат под власта на ѓаволот (како што бил и Јуда пред Христовото распетие (Лука 22,31). Избирајќи ја губитничката страна, ќе се најдат меѓу оние кои ќе пекаат планините да ги скријат (Откр. 6,16; прочитајте и 2. Солуњаните 1,7.8).

Меѓутоа, пред излевањето на злото, во Откровение 13,13.14 е прикажан ѕвер од земјата како спушта оган од небото со намера да го излаже светот и да го наведе да мисли дека фалсификатот на сатаната, кој ќе опфати лажни будења водени од друг дух, е Божје дело.

Армагедон не е воена битка меѓу народи, која ќе се води некаде на Блискиот Исток, туку сеопшт духовен судир во кој Христос решително им се спротивставува на силите на темнината (види: 2. Коринќаните 10,4). Резултатот ќе биде сличен на оној од планината Кармил, но во светски размери – Бог ќе извојува победа над силите на темнината.

**Многу години луѓето во политичките и воените немири на Блискиот Исток барале знаци за крајот и за Армагедон. И покрај многуте предвидувања и одредувања на датумот, Армагедон, како што тие го замислуваат, не дошол. Како можеме да се заштитиме од слични грешки во врска со толкувањето на овие локални настани како исполнување на библиското пророштво?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Последната голема битка ќе можат да ја издржат само оние кои своите души ги засилиле со вистините на Библијата. Секој поединец ќе стои пред прашањето: дали повеќе ќе го слуша Бога или човек?... Апостол Павле за последните денови рекол: 'Оти ќе дојде време кога луѓето не ќе го поднесуваат здравото учење' (2. Тим. 4,3). Тоа време веќе дошло. Луѓето не ја сакаат библиската вистина бидејќи таа им се противставува на желбите на грешното срце што го љуби светот, а сатаната им нуди измами што тие ги сакаат.

Но Бог на земјата ќе има свој народ кој ќе внимава на Библијата, и само на Библијата, како мерило на сите науки и темел на секоја реформа. Ниту мислењата на учените луѓе, ниту тврдењата на науката, ниту верските догми или одлуки на црковните собори, толку многубројни и спротивни како и црквите што ги застапуваат, ниту гласот на мнозинството - ниту едно од ова, ниту сите заедно - не можат да се сметаат како доказ за или против која и да е точка на верата. Пред да примиме која било наука или пропис, треба да се увериме дека е во согласност со она јасното: 'Така кажува Господ!'

Во завршниот чин на големата измама, лично сатаната ќе се прикаже како Христос. Црквата долго тврдела дека го чека доаѓањето на Спасителот да ги исполни нејзините надежи. Сега големиот измамник ќе создаде впечаток дека Христос веќе дошол. Во разни краишта на светот сатаната ќе се појави меѓу луѓето како величествено суштество со блескотен сјај, кое ќе биде слично на описот на Божјиот Син во Јовановото Откровение (Откр. 1,13-15). Славата што ќе го опкружува ќе го надмине сѐ она што кога и да е го видело смртното око. Низ воздухот ќе се разнесува триумф на победа: 'Христос дошол, Христос дошол!' Народот ќе паѓа ничкум пред него обожавајќи го... Со благ и чувствителен тон ќе изнесува некои прекрасни небесни вистини што ги изнесувал Спасителот. Ќе лекува болести кај народот и ќе тврди, како да е христос, дека саботата ја променил со недела и на сите им заповедал да го празнуваат денот што го благословил тој. Ќе каже дека оние кои упорно го празнуваат седмиот ден, го обесчестуваат неговото име, зашто одбиваат да ги слушаат неговите ангели што ги пратил кај нив со светлина и вистина. Ова ќе биде силна, речиси непреодолива измама“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 593-595.624. ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Прочитајте го Исусовиот совет во Откровение 16,15, кој е вметнат во описот за подготовката за Армагедонската битка. Забележете ги сличните зборови во Христовото поранешно обраќање до Лаодикејската црква (Откровение 3,18). Како ова укажува на значењето кое поракатa на Лаодикејската црква го има за Божјиот народ кој живее во времето на подготовка за конечната битка? На кој начин оваа порака се однесува на вас лично?**

**2. Белата облека во Откровението симболички ја претставува Христовата праведност (Откровение 3,4.5; Откровение 19,7-9). Само оние што ќе се облечат во облеката на Христовата правда ќе можат да останат постојани во конечната криза. Како можеме да ја избелиме и да ја очистиме својата облека во крвта на Јагнето (Откровение 7,14)?**

Поука 12
Од 16 до 22 март 2019

# СУДОТ НАД ВАВИЛОН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 17; Еремија 51,13; 2. Мојсеева 28,36-38; Откровение 13,1-8; 13,18; 16,2-12**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И чув друг глас од небото да вели: 'Излезете од неа, народе Мој, за да не бидете соучесници во нејзините гревови и да не ги примите нејзините зла; зашто нејзините гревови стигнаа до небото и Бог си спомна за нејзините неправди'" (Откровение 18,4.5).**

Шестото зло предизвикува символичко пресушување на Еуфрат, кога разочараните луѓе на овој свет ќе престанат да му даваат општа поддршка на Вавилон во последното време. Како што видовме во лекцијата од минатата седмица, на падот на неговата сила ќе му претходи раширено дејствување на демоните кои ќе го изврзат Божјето дело (Откровение 16,13.14). Демонската активност е успешна во обединувањето на злите во подготовката за Армагедонската битка против Божјиот верен остаток.

На почетокот од конечната битка се јавува силен земјотрес, како дел од седмото зло. Земјотресот го уништува единството на Вавилон и го дели на три дела (Откровение 16,18.19). Вавилон на последното време е претставен како град, означувајќи краткорочен сојуз на политичките и верските сили на светот кои ќе му се спротивстават на Божјиот народ. Ова единство ќе биде уништено, предизвикувајќи пропаст на Вавилон на последното време.

Мораме да имаме на ум дека текстот Откровение 16,19 само го објавува политичкиот крах на Вавилон од последното време. Седумнаесеттата и осумнаесеттата глава ни зборуваат како овој крах всушност ќе се случи. Пред описот на пропаста на Вавилон и причината за неговиот пад (Откровение 17,12–18,24), во седумнаесеттата глава во Откровението е прикажан овој отпаднат верски систем на последното време, овој пат во ликот на блудница што јава на црвен ѕвер и која заедно со своите ќерки го наведува народот против Бога (Откровение 17,1-11).

## БЛУДНИЦАТА ВАВИЛОН

**Прочитајте: Откровение 17,1. Текстот Еремија 51,13 покажува дека „големите води“ врз кои лежи Вавилон, всушност е реката Еуфрат. Според Откровение 17,15, симболички, што претставуаат тие големи води?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Жената во Библијата е симбол на Божјиот народ. Во Откровение Божјата вистинска Црква е опишана како чиста жена (Откровение 12,1; 22,17). Според тоа, блудницата ја претставува лажната, отпаднатата Црква. Во Откровение 17,5 оваа блудница е поистоветена со големиот Вавилон. Како што опстанокот на древниот Вавилон зависел од реката Еуфрат, така и Вавилон на последното време ќе се потпре на поддршката на мноштвото за да ги оствари своите планови.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 17,2; Откровение 14,8; Откровение 18,2.3. Кои две групи луѓе се наведени како оние кои блудничеле со Вавилон на последното време и кој ги излажал.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Првата група ја сочинуваат земните цареви, односно владејачките политички сили. Тие стапиле во прељубнички однос со блудницата Вавилон. Јазикот што се употребува за прељуба во Стариот завет често се користи за да опише како отпаднатиот Израел си отишол од Бога и се свртел кон лажни религии (Исаија 1,21; Еремија 3,1-10). Прељубничкиот однос меѓу земните цареви и блудницата симболизира блуден сојуз меѓу Вавилон на последното време и владејачките политички сили – сојуз на Црквата и државата.

Втората група која блудничи со блудницата Вавилон се жителите на Земјата, мноштвото со коешто владее. Тие, во духовна смисла, се напоени со виното на вавилонскиот блуд. Спротивно на владејачките политички сили, народот е опиен од вавилонските лажни учења и обичаи, погрешно сметајќи дека тој може да ги заштити. Кога луѓето се пијани, не размислуваат правилно и лесно може да се управува со нив (види: Исаија 28,7). Освен верниот остаток, Вавилон целиот свет ќе го однесе на погрешен пат.

**На самиот крај, како што и отсекогаш било, па и денес, мнозинството има погрешно сфаќање. Што ни кажува тоа за опасноста да го следиме општоприфатеното мислење, колку и да е тоа омилено?**

## БЛУДНИЦАТА ЈАВА НА ЦРВЕН ЅВЕР

**Прочитајте: Откровение 17,3. Еден од седумте ангели што носат седум чаши исполнети со седумте последни зла, го покажува Јовановиот суд над блудницата која седи над многу води. Јован ја гледа како јава на црвен ѕвер. На кои сè начини симболите на водата и ѕверот соодветно ги опишуваат оние кои го поддржуваат Вавилон?**

________________________________________________________________

Кога Јован во видение бил одведен во пустина, здогледал жена на црвен ѕвер. Додека блудницата претставува верска единка, ѕверот симболички претставува политичка сила. Сликата како религијата јава на световни и политички сили укажува на две одвоени единки, што не било случај во минатото, кога религијата и политиката биле споени. Меѓутоа, пророштвото покажува дека овие две тела ќе се соединат на крајот од времето. Идејата за јавање на ѕвер означува доминација; бидејќи оној што јава на ѕверот, верскиот систем на последното време, ќе владее со световните и со политичките сили.

**Кои особини на блудницата укажуваат на ламјата, ѕверот од морето и ѕверот што излегува од земјата во Откровение 12. и 13. глава?**

Блудницата е облечена во порфир и скерлет, накитена со злато, скапоцени камења и бисери; блудниците во древно време имале обичај вака да се украсуваат за да ја подобрат моќта на своето заведување (Еремија 4,30). Како боја на крвта, скерлетот одговара на угнетувачкиот карактер на овој верски систем.

Фустанот на блудницата ја подражава облеката на првосвештеникот во Стариот завет, која на себе имала пурпур, скерлет и злато (2. Мојсеева 28,5.6). Хулен натпис на блудничкото чело го заменува свештеничкиот натпис „Господова светиња“ на капата на првосвештеникот (2. Мојсеева 28,36-38). Чашата во нејзината рака нè потсетува на садовите во Светилиштето од кои пиеле вино вавилонскиот цар Валтазар и неговите гости (Даниел 5,2-4). Чашата во раката на блудницата го користи изгледот на вистината за да го прикрие виното – измамата на верскиот систем на сатаната во последното време – да го измами народот и да го одврати од Бога.

Блудницата Вавилон и понатаму е опишана како жена која е пијана од крвта на светите и мачениците Исусови кои умреле поради своето сведочење за Христа. Оваа вина за убиството го поврзува Вавилон од последното време со средновековното отпаднато христијанство, кое било водено од страна на папството и одговорно за смртта на милиони христијани што му останале верни на Евангелието.

**Описот на блудницата од Вавилон ја одразува сликата на Језавела во Тијатирската црква (види: Откр. 2,20-23). Како сличноста меѓу овие две жени го објаснува карактерот на Вавилон на последното време?**

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЦРВЕНИОТ ЅВЕР

Во текстот од Откровение 17,3 црвениот ѕвер е опишан со изрази слични на оние со кои е опишан ѕверот од морето од 13. глава од Откровение, кој му објавил војна на Божјиот народ и го надвладеал (Откровение 13,5-7). Токму тоа рано време на прогонство влијаело жената да побегне во пустината во текот на 1260 денови/години, од 538 до 1798 година (Откровение 12,13.14). Иако живеат во доба на екуменизмот, би било добро протестантите да не го заборават страшното прогонство од минатото бидејќи, според пророштвото, слични настани, само многу полоши, повторно ќе се случат.

**Прочитајте Откровение 17,8. Споредете ги зборовите од овој стих со текстот во Откровение 13,8. Како текстот Откровение 13,3 ги појаснува трите фази на животот и дејствувањето на ѕверот?**

___

Црвениот ѕвер е препознаен како оној кој бил, и не е, и кој ќе излезе од бездната и ќе отиде во пропаст. Овој троен израз првенствено претставува имитација на божественото име на Јахве –„Кој е и Кој беше и Кој иде" (Откровение 1,4; види: Откровение 4,8). Тој, исто така, понатаму упатува на три фази од животот низ кои поминал ѕверот:

• Ѕверот „бил". Постоел во минатото. Неговите претходни активности траеле во пророчкиот период од 42 месеци или 1260 денови/години (види: Откровение 13,5; 9. лекција, во отсекот од недела).

• „Не е". Со здобивањето на смртната рана во 1798 година (види: Откровение 13,3), ѕверот стапил во фаза кога веќе не постоел, барем како прогонувач. Исчезнал за одредено време од светската сцена; сепак, успеала да преживее.

• Конечно, со исцелувањето на смртната рана, ѕверот ќе се врати во живот полн со сатански гнев.

Во Откровение 17 глава се опишува ѕверот од Откровение 13,1-8, во време на исцелувањето на нејзината смртна рана. На тој ѕвер седи блудницата Вавилон. Повторно ќе се оствари краток сојуз на религијата и политиката, каков што постоел за време на Средниот век, и повторно ќе дојде до прогонство.

**„Нека се подигнат противниците, нека се распали пак верскиот фанатизам и нетрпеливост, нека настанат прогонства – полухристијаните и лицемерите ќе се поколебаат и ќе се откажат од својата вера, а вистинскиот христијанин ќе стои цврсто како карпа со посилна вера и со посветла надеж отколку во деновите на благосостојба" (*Големата борба,* стр. 602. ориг.). Каква опомена треба да извлечеме од овие зборови за тоа какво треба да биде нашето христијанско искуство сега, дури и пред да почнат да се одигруваат последните настани?**

## СЕДУМТЕ ГЛАВИ НА ЅВЕРОТ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 17,9-11; Откровение 13,18. Неопходна е мудрост за да се разбере значењето на седумте глави. За каква мудрост станува збор? Како човек ја стекнува оваа мудрост што ја дава Бог (Јаков 1,5)?**

____________________________________________________________

Ангелот објаснува дека седумте глави се седум планини. Некои преведувачи сметаат дека овие седум планини укажуваат на седумте ридови на кои е сместен градот Рим, и затоа тие грчкиот збор *oroi* („планини“) го преведуваат како „ридови“. Седумте цареви симболички се претставени со овие планини. Исто така, треба да се напомене дека овие цареви се јавуваат постепено, а не истовремено.

Овие планини не претставуваат поединечни цареви, бидејќи Откровението не се занимава со поединци, туку со системи. Планините во Библијата често ги симболизираат светските сили или царства (Еремија 51,25; Езекиел 35,2.3). Во библиското пророштво „царевите“ претставуваат царства (види: Даниел 2,37-39; Даниел 7,17). Според тоа, седумте планини симболички претставуваат седум големи последователни царства, кои владееле со светот низ историјата, преку кои сатаната му се спротивставува на Бога и го покорува Божјиот народ.

Од Јовановата временска гледна точка, овие пет царства паднале, едно и понатаму постои, а едно уште не дошло. Иако за ниту едно гледиште не се сложиле сите адвентистички толкувачи, мнозина сметаат дека петте паднати царства што владееле во Стариот завет и го покорувале Божјиот народ се: Египет, Асирија, Вавилон, Медо–Персија и царството на Александар Македонски. Царството кое „е“, го претставува Римското царство од времето на Јован.

Седмото царство кое „уште не дошло“ е ѕверот од Откровение 13 глава – оживеаното царство, кое владеело со Божјиот народ и го покорувало – кое требало да настапи по Јовановото време и падот на паганското Римско царство. Историјата силно посведочила за вистинитоста на ова пророштва, забележано многу векови пред настаните да се одиграат.

На Јован понатаму му било кажано дека црвениот ѕвер е осмата светска сила, иако е една од седумте глави (светски сили). Која од седумте? Бидејќи главите следат една по друга, осмата мора да биде седмата глава што се здобила со смртна рана. Во времето на оваа осма светска сила се јавува црвениот ѕвер, носејќи ја блудницата Вавилон и унапредувајќи ги нејзините цели. Денес живееме во време на зараснување на смртната рана. Осмата глава ќе се појави на сцената пред самиот крај и ќе доживее пропаст.

## СУДОТ НАД ВАВИЛОН

**Прочитајте: Откровение 17,12-15; Откровение 16,12-16. Што дознаваме од текстовите за „десетте цареви“?**

___

Во врска со идентитетот на десетте цареви се нудат различни толкувања. Но, во Откровението не е кажано кои се тие. Сѐ што можеме да кажеме врз основа на текстот е дека претставуваат краткорочен политички сојуз, кој се јавува токму пред крајот на времето и ја поддржува блудницата. Нивниот број означува дека светските сили ќе покажат потполна и цврста преданост на ѕверот.

Во Откровение 17,13.14 накратко се повторува извештајот за Армагедонската битка – спомената прво во Откровение 16,12-16. Претставен со правење чуда на демонските сили во спрега со ламјата, ѕверот од морето и лажниот пророк, светскиот политички сојуз ќе му објави војна на Јагнето. Со други зборови, Армагедонската битка не е воена битка на Блискиот Исток, туку конечен судир при Второто доаѓање во кој сатаната и неговиот сојуз се борат против Христа и Неговата ангелска војска.

**Прочитајте Откровение 17,16-18. Врз основа на она што го гледаме во Откровение 16,2-12, што се крие зад промените на ставот на царевите кон Вавилон? Кој се крие зад она што се случува во Вавилон?**

___

Десетте рогови, кои се сили наследнички на поделените народи на Европа, исполнети со омраза, одеднаш се вртат против блудницата Вавилон (пројавување на папството во последното време), пустошејќи ја и разоткривајќи ја; тие симболично ќе го изедат нејзиното месо и ќе ја спалат со оган. Пишувајќи што ќе ѝ се случи на блудницата Вавилон, Јован користи јазик сличен на оној што Бог рекол дека ќе му се случи на развратниот Ерусалим (Еремија 4,30). Спалувањето со оган било казна одредена за ќерката на свештеникот која сторила блуд (3. Мојсеева 21,9). Измамените политички сили се разочарале поради немоќта на Вавилон да ги заштити од злото. Чувствувајќи се измамени, тие стануваат негови непријатели и го напаѓаат. Овој отпаднат верски систем на последното време ја доживува полнотата на божествениот суд заедно со оние кои избрале да се поистоветат со него.

**Многу прашања за настаните на последното време остануваат без одговор, и затоа сега ни изгледаат збунувачки. Какво посебно ветување е дадено во Откровение 17,14 и што треба тоа ветување да значи за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Пред пропаста на Вавилон, глас од небото го повикува Божјиот народ кој сè уште се наоѓа во Вавилон: „Излезете од неа, народе Мој“ (Откровение 18,4). Има многу такви што му се поклонуваат на Бога, а сè уште се во Вавилон од различни причини. Бог ја користи својата Црква на последното време за да ги повика овие луѓе да излезат од тој отпаднат верски систем и да не учествуваат во неговите гревови. Тие мора да излезат од него за да ја избегнат неговата судбина. Бог не сака никој да загине (2. Петрово 3,9). Откровение 19,1-10 покажува дека многу богобојазливи души во Вавилон ќе одговорат на тој повик. Размислете, тогаш, за огромната одговорност која почива на нас како Божја црква на остатокот. Што би требало ова да ни каже за потребата Божјата вистина да живее во нашето срце и Светиот Дух да се излее во нашиот живот?

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Текстот Откровение 18,4 покажува дека во Вавилон има многу богобојазливи луѓе, кои Бог ги нарекува „Мој народ“. Размислете за следната изјава: „Таа вест мора да се објави; но, иако таа мора да се објави, ние мораме да се чуваме да не ги напаѓаме, да не ги навредуваме или осудуваме оние што ја немаат светлината што ние ја имаме. Да не се оддалечуваме од нашиот пат за грубо да ги напаѓаме католиците. Меѓу католиците има многу такви кои се мошне совесни христијани, кои чекорат според светлината што ги осветлува и Бог ќе работи за нив. Тие што имале големи предимства и пропуштиле да ги искористат своите физички, интелектуални и морални сили... се наоѓаат во поголема опасност и под поголема осуда пред Бога од оние што се во заблуда во поглед на одредени точки на вистината, но се трудат да живеат за доброто на другите. Не ги осудувајте другите и не ги критикувајте“ (Е. Вајт, *Евангелизам,* стр. 575. ориг.). Што ни кажува оваа мисла за тоа како да се однесуваме кон другите?**

**2. Во Откровение 17 глава е прикажана блудница како седи на црвен ѕвер. Додека жената во 12. глава симболички ја прикажува Божјата верна црква, таа од 17. глава се однесува на отпаднатата црква која ги одвраќа луѓето од Бога. Според ваше мислење, какви сличности и разлики постојат меѓу нив? Што е уште поважно, што можеме да научиме од оваа споредба?**

**3. Текстот за оваа седмица ја прикажува крајно тажната состојба на верскиот и политичкиот свет во текот на последните настани пред Христовото победоносно враќање. Што ни кажува тоа, зошто е толку важно токму сега да останеме верни, искрени и чисти кон пораката што Бог ни ја дал? Прочитајте го текстот во Откровение 16,15, каде што е упатен повик на верност среде сеопштиот отпад. Како сега можеме да го примениме ова предупредување на самите нас?**

**Поука 13**
**Од 23 до 29 март 2019**

# „ЕТЕ, СЀ НОВО СОЗДАВАМ“



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 19,6-9; Јован 14,1-3; Откровение 19,11-16; Откровение 20,1-3; Еремија 4,23-26; Откровение 20,4-15; Откровение 21,2-8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И Оној, Кој седи на престолот рече: ’Ете, правам сѐ ново.’ Уште рече: ’Напиши, зашто овие зборови се верни и вистинити!’“ (Откровение 21,5).**

Уништувањето на Вавилон од последното време не е добра вест за оние што соработувале со овој отпаднат верски систем. Но, за Божјиот народ тоа е добра вест (Откровение 19,1-7). Вавилон бил одговорен за наведувањето на световните политички сили да го прогонува и мачи (Откровение 18,24). Уништувањето на овој голем непријател значи ослободување и спасение за Божјиот верен народ.

Со уништувањето на Вавилон, молитвата на Божјиот народ, во сцената со петтиот печат, конечно е услишена. Нивното пекање: „До кога, Господару?“ (Откровение 6,10) претставува лелек на Божјиот угнетуван и напатен народ уште од времето на Авел, па сѐ до моментот кога Бог конечно ќе ги одмазди (Псалм 79,5; Авакум 1,2; Даниел 12,6.7). Книгата Откровение го уверува Божјиот народ дека на злото, угнетувањето и страдањето ќе му дојде крајот.

Сега е време Христос да ги воведе во своето вечно царство. Преостанатите глави од Откровението го опишуваат не само уништувањето на Вавилон од последното време, туку и уништувањето на сатаната и сето зло. Исто така, стекнуваме увид и во воспоставувањето на Божјето вечно царство.

# СВАДБЕНАТА ВЕЧЕРА НА ЈАГНЕТО

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 19, 6-9; Јован 14,1-3. На кој соодветен начин свадбената вечера ја прикажува долгоочекуваната заедница меѓу Христа и Неговиот народ?**

Христос пред две илјади години го напуштил својот небесен дом за да ги повика своите следбеници на свадбената гозба (Матеј 22), која ќе се одржи по Неговата свадба со невестата. „Свадбата го претставува Христовото преземање на неговото царство. Светиот град, новиот Ерусалим... е наречен ’невеста, жена на Јагнето’... Според Откровението, Божјите деца ќе бидат гости на вечерата на свадбата на Јагнето (Откровение 19,9). Ако се *гости,* тие не можат истовремено да бидат претставени и како *невеста*.

Во споредбата во Матеј 22. глава е спомената истата слика на свадба и јасно е прикажано дека истражниот суд ќе се одржи пред свадбата. Пред свадбата доаѓа царот да ги види гостите, да види али се сите облечени во свадбено руво, во чиста облека, во чист карактер и дали ги испраа своите облеки и ги избелија во крвта на Јагнето“ (Матеј 22,11; Откровение 7,14; Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 426-428. оригинал).

По плаќањето на миразот со својот живот, на Голгота, Младоженецот се вратил во домот на својот Татко да „подготви место“ за својот народ, за гостите на свадбата (види: Јован 14,2.3). Тие остануваат на Земјата подготвувајќи се за Неговото враќање. На крајот од историјата на светот, Тој ќе се врати и ќе ги доведе во Татковиот дом.

Во текстот Откровение 19,8 се наведува дека Христот ѝ дал чисто и бело платно (во други преводи свила; заб. прев.) на невестата. Ова покажува дека свадбените гости што ќе влезат во градот не бараат никакви заслуги за своите дела. Според тоа, „светло и чисто ленено платно“ ја претставува „праведните дела на светите“ кои произлегле како резултат на нивната заедница со Христа, кој живее во нив. Според тоа, оваа облека симболички ја претставува Неговата праведност и тоа дека Неговиот народ „ги пазат Божјите заповеди и верата во Исуса“ (Откр. 14,12). Додека бил на Земјата, Исус во параболата за свадбата раскажал дека еден од гостите сакал да носи своја облека наместо свадбената облека што ја нудел царот, и затоа бил оддалечен од свадбата (Матеј 22,1-14).

Текстот Откровение 3,18 покажува дека облеката на Христовата праведност, верата и маста за очи на Светиот Дух се најголемата потреба на Божјиот народ кој живее во времето на крајот. Исусовата понуда на Лаодикејците да ги „купат“ од Него овие дарови, укажува дека Тој бара нешто за возврат за она што Тој ним им го нуди. Ние се откажуваме од самодоволноста и довербата во себе во замена за живот на верност и послушност кон Христа, како и за довербата во Него како наша единствена надеж за спасение.

**Ние не се спасуваме со своите дела, но „праведните дела“ што ги правиме одредуваат каков живот да живееме?**

## КРАЈОТ НА АРМАГЕДОН

**Прочитајте Откровение 19,11-16. Како се вика јавачот на белиот коњ, и што значи остриот меч кој излегува од Неговата уста? Што ни кажува за тоа како на крајот да бидеме на победничката страна?**

________________________________________________________________

Овде забележуваме опис на Христовото второ доаѓање, исполнување на ветувањата за кои копнеат верниците од сите векови. Како и Исус, и Неговиот народ својата вера ја темели на Божјата реч. Текстот од Откровение 19, 11-16 претставува врв на Исусовите многубројни победи: Исус го поразил сатаната на небото; го поразил сатаната во пустината; го поразил на крстот; и ќе го порази кога ќе се врати.

„Набргу на исток се појавува малечок црн облак, со големина на половина човечка дланка. Тоа е облак што го опкружува Спасителот и кој оддалеку изгледа како да е обвиен во мрак. Божјиот народ знае дека тоа е знакот на Синот човечки. Во свечена тишина тие без здив гледаат во него како се приближува кон земјата и станува сѐ појасен и поубав, прераснувајќи во голем бел облак, чијашто основа личи на оган кој уништува, а над него се надвива заветното виножито. Исус оди напред како силен победник. Тој сега не доаѓа како човек на болката, да ја испие горчливата чаша на срамот и маките, туку како победник на небото и земјата, да им суди на живите и мртвите. 'Тој се вика Верен и Вистинит; Тој суди и војува праведно.' А него го придружуваа небесни војски на бели коњи' (Откровение 19,11.14). Со химни на небесни мелодии светите ангели, огромно и безбројно мноштво, го придружуваат на неговиот пат. Небесниот свод изгледа како да е преполн со суштества што блескотат, 'десет илјади по десет илјади, и илјада илјади'. Ниту едно човечко перо не може да ја опише оваа глетка; ниту еден ум на смртен човек не е способен да ја сфати неговата слава“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 640-641. оригинал).

Павле во 2. Солуњаните 1,8-10 пружа уште еден приказ на конечната Христова победа при Второто доаѓање, кога сите световни и верски сили, кои се здружиле против Него, се уништени а Неговиот народ – ослободен за сета вечност.

**Во Откровение 12 глава се опишуваат две вечери, едната во 9. стих, и втората во 17. и 18. На едната вечера се служите со храната, а на другата сте изедени. Тешко е да се замисли посилниот контраст меѓу она што се доведува во прашање во големата борба за секое човечко суштество. Каква поука ни дава оваа слика за тоа колку колку сериозно треба да ја сфатиме својата вера и мисија на која нѐ повикува нашата вера?**

## ИЛЈАДА ГОДИНИ

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 20,1-3; Еремија 4,23-26. Каква е состојбата на Земјата во текот на илјада години. На кој начин сатаната е врзан со окови?**

______________________________________________________________

Периодот од илјада години (или милениумот) започнува со второто Христово доаѓање. Во тоа време сатаната и неговите паднати ангели се врзани. Врзувањето на сатаната е симболичко, бидејќи духовните суштества не можат да бидат физички врзани. Сатаната е врзан со околностите. Надојдените зла опустошиле сè и ги усмртиле сите зли жители на Земјата, доведувајќи ја во хаотична состојба што потсетува на Земјата пред создавањето (1. Мојсеева 1,2). Во таква состојба, Земјата претставува зандана за сатаната во текот на илјада години. Бидејќи нема човечки суштества за да ги искушува, сè што сатаната и неговите демонски помошници можат да прават е да размислуваат за последиците на својот бунт против Бога.

**Прочитајте: Откровение, 20,4-15. Каде се наоѓаат светите во тоа време додека трае милениумот?**

Откровението покажува дека Божјиот народ милениумот ќе го помине на место кое Христос го подготвува за нив на небото. Јован ги гледа како седат на престоли како цареви и свештеници и му судат на светот. Исус им ветил на учениците дека ќе седнат „дванаесет престоли и ќе им судите на дванаесетте Израелеви племиња“ (Матеј 19,28). Павле изјавил дека светите ќе му судат на светот (1. Коринќаните 6,2.3).

Овој суд се однесува на исправноста на Божјите дела. Низ историјата сатаната ги подгревал сомнежите во врска со Божјиот карактер и Неговото постапување кон суштествата што ги создал. За време на милениумот, Бог на откупените им дозволува пристап до историските извештаи за да ги пронајдат одговорите на сите прашања кои се однесуваат на вистинитоста на Неговите одлуки во врска со оние кои се изгубени, како и прашањата поврзани за Неговото водство во нивниот живот. На крајот од милениумот, сите прашања во врска со Божјата правда засекогаш се решени. Припадниците на Божјиот народ можат да согледаат дека обвинувањата на сатаната биле неосновани. Сега се подготвени да посведочат за примената на Божјата правда на конечниот суд над злите.

**Кој меѓу нас нема прашања, тешки прашања, за кои до сега изгледа дека немаат одговор? Што ни кажува фактот за Божјиот карактер дека Тој еден ден ќе ги даде сите одговори?**

## „НОВО НЕБО И НОВА ЗЕМЈА“

По целосното уништување на гревот, земјата ќе биде преобразена во дом на откупените. Како ќе изгледа?

Во текстот Откровение 21,1 Јован видел „ново небо и нова земја“ Во Библијата се споменуваат три неба: небесен свод, ѕвездена вселена и место каде што престојува Бог (види: 2. Коринќаните 12,2). Текстот Откровение 21,1 се однесува на земската атмосфера. Земјата и небото, расипани од гревот, не можат да го поднесат Божјето присуство (Откровение 20,11). Зборот *нова* на грчки јазик (*kainos*) се однесува на нешто ново по квалитет, не по потекло и време. Оваа планета ќе биде исчистена со оган и вратена во првобитната состојба (2. Петрово 3,10-13).

Посебно е интересно што прво нешто што Јован забележува на новата Земја е дека нема море. Фактот што Јован го спомнува зборот *море* со одреден член, покажува дека веројатно го имал на ум морето што го опкружувало островот Патмос, и кое станало симбол на раздвојување и страдање. За него отсуството на море во Новата земја значело отсуство на болката предизвикана од раздвојувањето со нему милите личности.

**Прочитајте ги следните текстови: Откровение 21,2-8; Откровение 7,15-17. Какви сличности постојат во описот на новата Земја и Едемската градина во 1. Мојсеева 2. глава?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Животот на обновената Земја, во која нема страдање и смрт, е загарантиран со Божјето присуство меѓу Неговиот народ. Ова присуство е остварено во Новиот Ерусалин и „Божјиот Шатор“ (Откровение 21,3), каде што Бог ќе престојува меѓу својот народ. Божјето присуство го прави животот вистински рај на обновената Земја.

Божјето присуство гарантира слобода од страдањето: нема повеќе солзи, смрт, тага, плачење или болки, кои се последица на гревот. Со уништувањето на гревот „првото помина“ (Откровение 21,4).

Оваа смисла ја искажале Марија и Марта тогаш кога умрел нивниот брат Лазар: „Тогаш Марта Му рече на Исуса: „Господи, ако беше тука, не ќе умреше брат ми“ (Јован11,21.23). Сестрите знаеле дека смртта не може да постои во Христово присуство. На ист начин, трајното Божје присуство на новата Земја ќе осигура слобода од болките и страдањата што сега ги доживуваме во животот. Ова е возвишена надеж која ни е ветена во Христа, надеж запечатена во Неговата крв.

**Зошто ова ветување за новиот живот во новиот свет е во центарот на сè што веруваме? Какво добро би претставувала нашата вера без него?**

## НОВИОТ ЕРУСАЛИМ

Јован сега ја опишува престолнината на новата Земја, Новиот Ерусалим. Иако е вистинско место населено со вистински луѓе, Новиот Ерусалим и животот во него го надминале секој овоземен опис (види: 1. Коринќаните 2,9).

**Прочитајте: Откровение 21,9-21. Кои се надворешните карактеристики на Новиот Ерусалим?**

____________________________________________________________

За Новиот Ерусалим се зборува како за „невеста, жена на Јагнето“. Новиот Ерусалим е местото коешто Христос го подготвува за својот народ (Јован 14,1-3).

Градот е опкружен со високи ѕидови со дванаесет порти – по три порти на секоја од четирите страни, овозможувајќи влез од секој правец. Со тоа се укажува на универзалниот карактер на градот. Во Новиот Ерусалим секој има неограничен пристап до Бога.

Градот понатаму е опишан како совршена коцка; 12.000 стадии (околу 2200 километри), во должина, ширина и висина. Коцката се состои од 12 рабови. Според тоа, вкупниот износ на стадии за целиот град изнесува 144.000, што ги одразува оние 144.000 кои се пренесени да не вкусат смртта за време на Второто доаѓање. Во старозаветниот храм, Светињата над Светињите имала облик на совршена коцка (1. Царевите 6,20). Според тоа, Новиот Ерусалим претставува средиште на обожавањето на Бога.

**Прочитајте: Откровение 21,21-22,5. Кои внатрешни одлики на градот ве потсетуваат на Едемската градина? Што значи ветувањето дека во градот нема повеќе да има проклетство (Откровение 22,3).**

____________________________________________________________

Најистакнатата карактеристика на Новиот Ерусалим е реката на водата на животот која тече од Божјиот престол (види: 1. Мојсеева 2,10). За разлика од реката во Вавилон, на чијшто брег седел Божјиот народ во заробеништво копнеејќи за Ерусалим (Псалм 137), на брегот на реката на животот во Новиот Ерусалим, Божјиот народ од сите векови кој долго талкал, конечно го пронашол својот дом.

Од двете страни на реката се наоѓа Дрвото на животот на кое растат лисја „за исцелување на народите“ (Откр. 22,2). Ова исцелување не се однесува на болест, бидејќи на новата Земја нема да има болести, туку на исцелување од раните предизвикани од неволјите што ги раздвојувале луѓето во текот на историјата. Откупените од сите векови и од сите народи сега му припаѓаат на едно Божје семејство.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ги следните поглавја од книгите на Елена Вајт: „Без свадбена облека“, *Христовите параболи,* стр. 307-319 оригинал; „Големата борба е завршена“, *Големата борба,* стр. 662-678 оригинал. Книгата Откровение завршува со истото она што го претставува и на почетокот: со второто Христово доаѓање во сила и слава и воспоставување на Божјето вечно царство. Христовото враќање, кога конечно ќе се сретне со својата невеста, претставува кулминација на книгата.

Но, писателот на книгата не сака овие настани да ги стави во нереална рамка. Првиот факт е дека Исус доаѓа. Вториот факт е дека ние сè уште го чекаме Неговото враќање. Додека чекаме, мораме јасно да ги разбереме пораките на Откровението, а тоа разбирање можеме да го стекнеме само со постојано читање на книгата, додека не дојде крајот на сè. Пораките од книгата Откровение постојано нè потсетуваат да не гледаме на работите од овој свет додека чекаме, туку својот поглед да го насочуваме кон Небото и кон Него, кој е наша единствена Надеж. Христос од Откровението е одговор за сите човечки надежи и копнежи среде нејаснотиите и несигурностите во животот. Тој ја држи иднината на овој свет и нашата иднина во свои раце.

Книгата, исто така, нè потсетува дека пред да дојде крајот на доверената задача на целиот свет му ја објавуваме веста за Неговото скоро доаѓање. Додека чекаме на Неговото враќање, не треба да бидеме пасивни туку активни. И Духот и невестата повикуваат: „Дојди!“ (Откровение 22,17). Мора да се придружиме на тој повик. Тоа е Радосната вест, и како таква мора да им се објави на луѓето од овој свет.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Размислувајте за милениумот и за судот над умрените неправедни, кој ќе се одржи по илјада години. Спасените во периодот од илјада години ќе можат да добијат одговори на своите прашања. Дури тогаш Бог ќе ја одреди конечната казна за изгубените. Што ни открива оваа вистина за Бога?**

**2. Во Откровение 1,3 дадено ни е ветување за благословите на оние кои ги слушаат, читаат, извршуваат и ги држат зборовите на пророштвата на Откровението. Сега, кога го завршуваме проучувањето на оваа книга, што откривте – што треба да послушате и да држите?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ - ЈАНУАРИ
## НАШИОТ СЕМОЌЕН СПАСИТЕЛ

### ПОБЕДНИЦИ ВО ХРИСТА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Евреите 11,16.** | *Да гледаме кон небото* |
| *2. Среда* | **Римјаните 6,22.23.** | *Потреба за реформа* |
| *3. Четврток* | **1. Јованово 5,4.** | *Победници во Христа* |
| *4. Петок* | **2. Тимотеј 2,19.** | *Во потрага по вистината* |
| *5. Сабота* | **Јован 15,26.** | *Светиот Дух е во согласност со Речта* |

### ХРИСТОС, МОЌЕН ИСЦЕЛИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Ефесјаните 4,31.32.** | *Светлина насроти темнина* |
| *7. Понеделник* | **Матеј 6,20.21.** | *Во што треба да вложуваме?* |
| *8. Вторник* | **Јован 15,5.** | *Молитвата и праксата мора да се обединат* |
| *9. Среда* | **Исаија 57,15.** | *Бог се наведнува да чуе* |
| *10. Четврток* | **2. Коринќаните 4,16.** | *Секогаш имајте го пред себе божествениот образец* |
| *11. Петок* | **Откровение 22,17.** | *Изборот е наш* |
| *12. Сабота* | **Матеј 11,28.** | *Христос, моќен исцелител* |

### ПРОТИВЕТЕ СЕ НА ЃАВОЛОТ

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Колошаните 1,10.** | *Кога вистината ќе стане трајно начело* |
| *14. Понеделник* | **2. Коринќаните 2,14.** | *Мирисот на Христовиот карактер во вас* |
| *15. Вторник* | **1. Тимотеј 6,10.** | *Посветени пари* |
| *16. Среда* | **Ефесјаните 3,16.** | *Резултатите на внатрешната обнова* |
| *17. Четврток* | **Јован 15,17.** | *Имајте љубов како Христовата* |
| *18. Петок* | **Јаков 4,7.** | *Противете се на ѓаволот* |
| *19. Сабота* | **Ефесјаните 3,14.15.** | *Семејството како симбол* |

### НАШИОТ СЕМОЌЕН СПАСИТЕЛ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Исаија 41,10.** | *Помош само во Христа* |
| *21. Понеделник* | **Матеј 13,47.** | *Живот кој трае* |
| *22. Вторник* | **Римјаните 8,17.** | *Јас сум Божје дете* |
| *23. Среда* | **Даниел 12,3.** | *Сигурна поттпора* |
| *24. Четврток* | **Псалм 100,2-4.** | *Ведри, а не тажни* |
| *25. Петок* | **Откровение 17,14.** | *Нашиот семоќен Спасител* |
| *26. Сабота* | **Матеј 10,16.** | *Мудри као змии, незлобни како гулаби* |

### НАШИОТ ТРПЕЛИВ БОГ

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **2. Мојсеева 34,6.7.** | *Нашиот трпелив Бог* |
| *28. Понеделник* | **Јован 10,28.* | *Божјата сила нè одржува* |
| *29. Вторник* | **Матеј 18,21.22.** | *Простувај неограничено* |
| *30. Среда* | **Матеј 6,34.** | *Сила за денес* |
| *31. Четврток* | **Марко 8,36.37.** | *Бесмртно наследство* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ - ФЕВРУАРИ

# ОБЛЕЧЕТЕ СЕ ВО ХРИСТОВИОТ ОКЛОП

## БОЖЈИТЕ ПЛАНОВИ СЕ СОВРШЕНИ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | ***Евреите 11,9.10.*** | *Божјите планови се совршени* |
| *2. Петок* | ***Матеј 5,48.*** | *Живејте во хармонија со небото* |
| *3. Сабота* | ***Матеј 26,39.*** | *Според Твојата волја, а не мојата* |

## ХРИСТОС Е НАША ЕДИНСТВЕНА НАДЕЖ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | ***2. Коринќаните 6,2.*** | *Сега е денот на спасението* |
| *5. Понеделник* | ***1. Коринќаните 15,33.34.*** | *Време е за будење!* |
| *6. Вторник* | ***Јован 16,7.8.*** | *Светиот Дух – верен Водич* |
| *7. Среда* | ***Јован 5,39.*** | *Библијата – Божја Реч упатена до тебе* |
| *8. Четврток* | ***Евреите 4,13.*** | *Христос е наша единствена надеж* |
| *9. Петок* | ***Псалм 119,130.*** | *Бирајте секој ден* |
| *10. Сабота* | ***1. Коринќаните 16,13.*** | *Покажи се како човек* |

## ВЕРА И ДЕЛА

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | ***Исаија 58,6.*** | *Одврзи го јаремот* |
| *12. Понеделник* | ***Матеј 19,14.*** | *Христовиот живот допирал до луѓето* |
| *13. Вторник* | ***Мудри изреки 11,30.*** | *Потребни се работници за жетва* |
| *14. Среда* | ***Галатите 6,1.*** | *Реформа во срцето* |
| *15. Четврток* | ***Јован 15,27.*** | *Вера и дела* |
| *16. Петок* | ***Псалм 50,23.*** | *Говорете за Божјата добрина* |
| *17. Сабота* | ***1. Коринќаните 3,9.*** | *Жива врска со живиот Бог* |

## ВИСТИНСКО ХРИСТИЈАНСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | ***2. Коринќаните 4,17.*** | *Вредноста на една душа* |
| *19. Понеделник* | ***Ефесјаните 2,8.*** | *Примање на Неговата праведност* |
| *20. Вторник* | ***Плачот на Еремија 3,33.*** | *Искушенијата ќе дојдат* |
| *21. Среда* | ***1. Коринќаните 13,1.*** | *Вистинско христијанство* |
| *22. Четврток* | ***Евреите 5,8.9.*** | *Христос живеел живот на понизна послушност* |
| *23. Петок* | ***Евреите 1,14.*** | *Друштвото на ангелите* |
| *24. Сабота* | ***Филипјаните 1,27.*** | *Стој цврсто во верата* |

## ОБЛЕЧЕТЕ ГО ХРИСТОВИОТ ОКЛОП

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | ***Ефесјаните 4,13.*** | *Божјето мерило е совршено* |
| *26. Понеделник* | ***Матеј 5,16.*** | *Облечете го Христовиот оклоп* |
| *27. Вторник* | ***Јаков 1,6.*** | *Верата расте со вежбање* |
| *28. Среда* | ***2. Коринќаните 5,7.*** | *Живеј според верата, а не по гледање* |

УТРИНСКИ СТИХОВИ - МАРТ

# ХРИСТОВОТО ДРАГОЦЕНО БОГАТСТВО

## ГОЛГОТА – КРУНА НА БОЖЈЕТО ДЕЛО

| | | |
|---|---|---|
| *1. Четврток* | ***Матеј 23,8.*** | *Кој е цар?* |
| *2. Петок* | ***Евреите 4,2.*** | *Обединете ја верата со слушањето* |
| *3. Сабота* | ***2. Мојсеева 31,13.*** | *Бог бара работници* |

## ВОСКРСЕНИЕ ЗА НОВ ЖИВОТ

| | | |
|---|---|---|
| *4. Недела* | ***Матеј 13,30.*** | *Нека растат заедно* |
| *5. Понеделник* | ***Филипјаните 3,9.10.*** | *Силата на воскресението во овој миг* |
| *6. Вторник* | ***Јован 5,36.*** | *Работете зашто доаѓа ноќ* |
| *7. Среда* | ***Лука 6,12.*** | *Молитвата – тајната на нашата сила* |
| *8. Четврток* | ***1. Коринќаните 4,1.2.*** | *Бог нека ни биде на прво место* |
| *9. Петок* | ***Ефесјаните 6,12.*** | *Планот на битката е откриен* |
| *10. Сабота* | ***Филипјаните 2,5-7.*** | *Ова нека се мисли меѓу вас* |

## ДРАГОЦЕН БИСЕР

| | | |
|---|---|---|
| *11. Недела* | ***2. Царевите 6,17.*** | *Службата на ангелите* |
| *12. Понеделник* | ***2. Коринќаните 5,19.*** | *Божјето дело – наша одговорност* |
| *13. Вторник* | ***2. Тимотеј 3,16.17.*** | *Истражување на Писмото* |
| *14. Среда* | ***2. Дневникот 16,9.*** | *Бог – заштитник на правдата и милоста* |
| *15. Четврток* | ***Исаија 58,1.*** | *Време за акција* |
| *16. Петок* | ***Тит 2,11.*** | *Божјата благодат дава сила за победа* |
| *17. Сабота* | ***Евреите 4,15.*** | *Можеме да победиме како Христос* |

## ХРИСТОВОТО ДРАГОЦЕНО БОГАТСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *18. Недела* | ***Марко 13,34.*** | *Се бараат работници* |
| *19. Понеделник* | ***Галатите 6,9.10.*** | *Никогаш не ги кршете своите завети* |
| *20. Вторник* | ***1. Тимотеј 6,9.*** | *Прекор поради љубомора и алчност* |
| *21. Среда* | ***Мудри изреки 22,6.*** | *Религијата во домот* |
| *22. Четврток* | ***Михеј 6,8.*** | *Гледај со небесна проникливост* |
| *23. Петок* | ***5. Мојсеева 29,29.*** | *Бог кој открива тајни* |
| *24. Сабота* | ***Филипјаните 3,20.21.*** | *Обдарени со возвишена природа* |

## СЕЕЊЕ И ЖНЕЕЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *25. Недела* | ***Лука 12,28.*** | *Христос земал поуки од природата* |
| *26. Понеделник* | ***Откровение 3,18.19.*** | *Нашето христијанско искуство мора да заживее* |
| *27. Вторник* | ***Дела 1,8.*** | *Налог упатен до нас* |
| *28. Среда* | ***2. Мојсеева 31,16.17.*** | *Бог е со својот народ* |
| *29. Четврток* | ***Филипјаните 3,13.14.*** | *Постојано напредување* |
| *30. Петок* | ***Ефесјаните 2,7.*** | *Нашето учење сега и во вечноста* |
| *31. Сабота* | ***Ефесјаните 4,12.*** | *Христовата љубав спојува срце со срце* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



## СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

### *Јануари*

| | |
|---|---|
| 1. | 1. Мојс. 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| **5.** | 13-15 |
| | |
| 6. | 16-20 |
| 7. | 21-23 |
| 8. | 24-26 |
| 9. | 26-31 |
| 10. | 32-34 |
| 11. | 35-38 |
| **12.** | 39-41 |
| | |
| 13. | 42-44 |
| 14. | 45-47 |
| 15. | 48-50 |
| 16. | 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| **19.** | 10-12 |
| | |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| 22. | 19-21 |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-32 |
| **26.** | 33-35 |
| | |
| 27. | 36-38 |
| 28. | 39-40 |
| 29. | 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-9 |

### *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 10-12 |
| **2.** | 13-15 |
| | |
| 3. | 16-20 |
| 4. | 21-23 |
| 5. | 24-27 |
| 6. | 4. Мојс. 1-4 |
| 7. | 5-7 |
| 8. | 8-10 |
| **9.** | 11-13 |
| | |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| 12. | 20-22 |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| **16.** | 3-36 |
| | |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| 19. | 7-9 |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| **23.** | 20-22 |
| | |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| 26. | 29-31 |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |

### *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | 4-6 |
| **2.** | И. Навин 7-9 |
| | |
| 3. | 10-12 |
| 4. | 13-15 |
| 5. | 16-19 |
| 6. | 20-24 |
| 7. | Судии 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| **9.** | 7-9 |
| | |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-15 |
| 12. | 16-18 |
| 13. | 19-21 |
| 14. | За Рута 1 и 2 |
| 15. | 3 и 4 |
| **16.** | 1. Сам. 1-3 |
| | |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-17 |
| 21. | 18-20 |
| 22. | 21-23 |
| **23.** | 24-26 |
| | |
| 24. | 27-31 |
| 25. | 2. Сам. 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-11 |
| 28. | 12-14 |
| 29. | 15-17 |
| **30.** | 18-20 |
| | |
| 31. | 21-24 |

# ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

## *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
3. Псалм 3
4. Псалм 4
**5.** Псалм 5
6. Псалм 6
7. Псалм 7
8. Псалм 8
9. Псалм 9
10. Псалм 10
11. Псалм 11
**12.** Псалм 12
13. Псалм 13
14. Псалм 14
15. Псалм 15
16. Псалм 16
17. Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
**19.** Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
22. Псалм 20
23. Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
**26.** Псалм 23
27. Псалм 24
28. Псалм 25
29. Псалм 26
30. Псалм 27
31. Псалм 28

## *Февруари*

1. Псалм 29
**2.** Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
5. Псалм 32
6. Псалм 33
7. Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
**9.** Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
12. Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
14. Псалм 39
15. Псалм 40
**16.** Псалм 41
17. Псалм 42
18. Псалм 43
19. Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
22. Псалм 46
**23.** Псалм 47
24. Псалм 48
25. Псалм 49
26. Псалм 50
27. Псалм 51
28. Псалм 52

## *Март*

1. Псалм 53
**2.** Псалм 54
3. Псалм 55
4. Псалм 56
5. Псалм 57
6. Псалм 58
7. Псалм 59
8. Псалм 60
**9.** Псалм 61
10. Псалм 62
11. Псалм 63
12. Псалм 64
13. Псалм 65
14. Псалм 66
15. Псалм 67
**16.** Псалм 68
17 Псалм 69 ,1-16
18. Псалм 69,17-36
19. Псалм 70
20. Псалм 71,1-15
21. Псалм 71,15-24
22. Псалм 72
**23.** Псалм 73,1-15
24. Псалм 73,16-28
25. Псалм 74
26. Псалм 75
27. Псалм 76
28. Псалм 77
29. Псалм 78 ,1-14
**30.** Псалм 78,15-28
31. Псалм 78,29-42

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:35 |
| Колешино | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 |
| Стар Дојран | 16:13 | 16:20 | 16:27 | 16:36 |
| Куманово | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 |
| Неготино | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:38 |
| Струмица | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:36 |
| Кочани | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:35 |
| Велес | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 |
| Кавадарци | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 |
| Дебар | 16:20 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Скопје | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:39 |
| Битола | 16:19 | 16:26 | 16:33 | 16:42 |
| Кичево | 16:19 | 16:26 | 16:34 | 16:42 |
| Лаки | 16:11 | 16:18 | 16:26 | 16:35 |
| Чифлик | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 |
| Штип | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:37 |
| Тетово | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Јегуновце | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:40 |
| Росоман | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:38 |
| Гевгелија | 16:14 | 16:21 | 16:28 | 16:37 |
| Свети Николе | 16:14 | 16:21 | 16:29 | 16:37 |
| Делчево | 16:10 | 16:17 | 16:25 | 16:34 |
| Валандово | 16:13 | 16:20 | 16:28 | 16:36 |
| Охрид | 16:21 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Радовиш | 16:12 | 16:19 | 16:27 | 16:36 |
| Прилеп | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:40 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ФЕВРУАРИ 2019 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | **1.** | **8.** | **15.** | **22.** |
| **Виница** | **16:44** | **16:53** | **17:02** | **17:10** |
| **Колешино** | **16:44** | **16:53** | **17:01** | **17:10** |
| **Стар Дојран** | **16:45** | **16:53** | **17:02** | **17:10** |
| **Куманово** | **16:46** | **16:56** | **17:05** | **17:13** |
| **Неготино** | **16:46** | **16:55** | **17:04** | **17:13** |
| **Струмица** | **16:44** | **16:53** | **17:02** | **17:10** |
| **Кочани** | **16:44** | **16:53** | **17:02** | **17:11** |
| **Велес** | **16:47** | **16:56** | **17:05** | **17:14** |
| **Кавадарци** | **16:47** | **16:56** | **17:04** | **17:13** |
| **Дебар** | **16:53** | **17:01** | **17:10** | **17:19** |
| **Скопје** | **16:48** | **16:57** | **17:06** | **17:15** |
| **Битола** | **16:50** | **16:59** | **17:08** | **17:16** |
| **Кичево** | **16:51** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Лаки** | **16:43** | **16:52** | **17:01** | **17:10** |
| **Чифлик** | **16:46** | **16:55** | **17:04** | **17:12** |
| **Штип** | **16:45** | **16:54** | **17:03** | **17:12** |
| **Тетово** | **16:50** | **16:59** | **17:08** | **17:16** |
| **Јегуновце** | **16:49** | **16:58** | **17:07** | **17:16** |
| **Росоман** | **16:47** | **16:56** | **17:05** | **17:13** |
| **Гевгелија** | **16:45** | **16:54** | **17:03** | **17:11** |
| **Свети Николе** | **16:46** | **16:55** | **17:04** | **17:13** |
| **Делчево** | **16:43** | **16:52** | **17:01** | **17:09** |
| **Валандово** | **16:45** | **16:54** | **17:02** | **17:11** |
| **Охрид** | **16:52** | **17:01** | **17:10** | **17:18** |
| **Радовиш** | **16:45** | **16:53** | **17:02** | **17:11** |
| **Прилеп** | **16:49** | **16:58** | **17:06** | **17:15** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МАРТ 2019 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | | |
| | **1.** | **8.** | **15.** | **22.** | **29.** |
| Виница | 17:19 | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Колешино | 17:18 | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:49 |
| Стар Дојран | 17:19 | 17:27 | 17:35 | 17:42 | 17:50 |
| Куманово | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:54 |
| Неготино | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:52 |
| Струмица | 17:19 | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:50 |
| Кочани | 17:19 | 17:28 | 17:36 | 17:44 | 17:51 |
| Велес | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:46 | 17:54 |
| Кавадарци | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:45 | 17:53 |
| Дебар | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:51 | 17:59 |
| Скопје | 17:23 | 17:31 | 17:40 | 17:48 | 17:55 |
| Битола | 17:24 | 17:32 | 17:40 | 17:48 | 17:55 |
| Кичево | 17:25 | 17:34 | 17:42 | 17:49 | 17:57 |
| Лаки | 17:18 | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:50 |
| Чифлик | 17:21 | 17:29 | 17:37 | 17:44 | 17:52 |
| Штип | 17:20 | 17:29 | 17:37 | 17:44 | 17:52 |
| Тетово | 17:25 | 17:33 | 17:41 | 17:49 | 17:57 |
| Јегуновце | 17:24 | 17:33 | 17:41 | 17:49 | 17:57 |
| Росоман | 17:22 | 17:30 | 17:38 | 17:45 | 17:53 |
| Гевгелија | 17:20 | 17:28 | 17:35 | 17:43 | 17:51 |
| Свети Николе | 17:21 | 17:29 | 17:38 | 17:45 | 17:53 |
| Делчево | 17:18 | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:50 |
| Валандово | 17:19 | 17:27 | 17:35 | 17:43 | 17:50 |
| Охрид | 17:26 | 17:34 | 17:42 | 17:50 | 17:57 |
| Радовиш | 17:19 | 17:28 | 17:36 | 17:43 | 17:51 |
| Прилеп | 17:23 | 17:31 | 17:39 | 17:47 | 17:55 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*




НОВО! НОВО! НОВО! НОВО!

# ТАЈНИТЕ *на пророштвата*

Најновиот библиски курс ТАЈНИТЕ НА ПРОРОШТВАТА претставуваат извонреден водич низ библиските пророштва. Мнозина се прашуваат која е целта и важноста на пророштвата. Зошто пророштвата се напишани во таинствени кодови, шифри и симболи? Колку е веродостојно некое библиско пророштво и кое е неговото значење? Во овој курс се наоѓаат одговорите на овие прашања, клучеви кои ги отклучуваат тајните на пророштвата. И кога иднината ќе стане јасна, важните учења на библиските пророштва ја откриваат целта на животот и му даваат смисла.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

## ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА




**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат иво 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на **Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**

**www.sdakavadarci.com**

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Па̄то̄ кон Хрис̄та*, стр. 99).**